**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА**
**ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ**

# УЛОГАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

*(магистерски труд)*

**Студент:** Виолета Стојчевска-Везенков
**Студиска програма:** Кризен менаџмент
**Студентско досие бр.:** 581/17

Скопје, јануари 2025

**МЕНТОР:**

проф. д-р Александар Иванов
Факултет за безбедост – Скопје

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈА**:

1. проф. д-р Саше Герасимоски
Факултет за безбедост – Скопје

2. проф. д-р Драгана Батиќ
Факултет за безбедност – Скопје

*Посветено на мојата керќа Емануела,*
*мојата најголемата поддршка во животот.*

*Голема благодарност до детската градинка „Гоце Делчев“- Општина Илинден и детската градинка „АВИОНЧЕ“- Општина Петровец, Воспитувачите - Марија Стојковиќ и Марија Костовска, Детски психолог - Христина Стефановска за нивната неизмерна поддршка која ја дадоа со цел да го потпомогнат истражувањето за магистерската теза.*

**ИЗЈАВА**

Од Виолета Стојчевска-Везенков

Изјавувам дека при изработката на магистерскиот труд „Улогата на воспитно -образовнот процес во системот за управување со кризи“ ги почитував позитивните законски прописи од обласа на заштитата на интелектуалната сопственост и не користев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност

Изјавил

Виолета Стојчевска-Везенков

# АПСТРАКТ

Улогата на воспитно-образовниот процес во системот за управување со кризи има клучно влијание врз безбедносниот систем во една држава. Затоа со цел за воспоставување на ефикасен и ефективен пристап за справување со кризи во воспитно-образовниот систем потребно е целокупно ангажирање и организирање на капацитетите на институциите. Република Северна Македонија како подрачје кое е погодено и изложено на природни и друг вид на катастрофи, посебно како резултат на климатските промени, трусното подрачје, нерегулирани речни корита, ерозијата, изложеност на пожари итн, како и нови ризици кои доаѓаат со новите времиња и разитокот на општеството, значајна е потребата од воспоставување на успешен модел на воспитно-образовни методи за заштита и спасување и справување со кризи и кризни ситуации. Кризите и ризиците можат ненадејно да се случат за многу кратко време и да ги загрозат животот и здравјето на децата како една од најранливите категории. Поради тоа потребата од пристап за справување со кризи и кризни ситуации во воспитно-образовниот систем е итен и неопходен.

Децата и младите го сносат најголемиот товар, тие најмалку се одговорни за штетните влијанија на човекот врз животната средина и активностите или неактивностите во градење на отпорноста на општеството, но ги трпат последиците сега и во иднина ќе бидат соочени да се справат со пропустите кои ги предизвикале претходните генерации. Огромната важност на учењето во овој процес е неминовна. Раното учење во голема мера ќе допринесе за поефикасно справување со ризичните ситуации. Опасните ситуации извесно е дека ќе се случуваат од нас зависи колку ќе бидеме подготвени да се справиме со нив и колку отпорно општество ќе создадеме. Системот за управување со кризи потребно е постојано да се прилагодува, усовршува и надградува, неговото вложување и насочување во воспитно-образовниот систем со раното учење ќе создаде генерации со висок степен на подготвеност и отпорност, а со тоа и поголема безбедност на државата.



**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ**: Криза, воспитно-образовен систем, управување со кризи, ризици, предучилишна установа, безбедност, кризен менаџмент, катастрофа.

## ABSTRACT

The role of the educational process in the crisis management system has a key impact on the security system in a country. Therefore, in order to establish an efficient and effective approach to dealing with crises in the educational system, it is necessary to engage and organize the capacities of the institutions. The Republic of North Macedonia as an area that is affected and exposed to natural and other types of disasters, especially as a result of climate change, earthquakes, unregulated riverbeds, erosion, exposure to fires, etc. as well as new risks that come with new times and the development of society, the need to establish a successful model of educational methods for protection and rescue and dealing with crises and crisis situations is significant. Crises and risks can happen suddenly in a very short time and threaten the life and health of children as one of the most vulnerable categories. Therefore, the need for an approach to dealing with crises and crisis situations in the educational system is urgent and necessary.

Children and young people bear the greatest burden, they are the least responsible for the harmful effects of man on the environment and investment in the safety and resilience of society, but they suffer the consequences now and in the future they will be faced with the failures caused by previous generations. The enormous importance of learning in this process is inevitable. Early learning will greatly contribute to more effective handling of risky situations. Dangerous situations are certain to happen and it depends on us how prepared we are to deal with them and how resilient a society we create. The crisis management system needs to be constantly adapted, perfected and upgraded, its investment and direction in the educational system with early learning will create generations with a high degree of preparedness and resilience, and thus greater security of the state.

**KEY WORDS: Crisis, educational system, crisis management, risks, preschool, security, crisis management, disaster.**

## Содржина:


ГЛАВА I ВОВЕД ..... 9

1.1 Формулација на проблем ..... 9

1.1.1 Вовед ..... 9

1.1.2 Резултати од претходни истражувања ..... 11

1.2. Определување на предметот на истражување ..... 14

1.2.1 Теоретско определување на предметот на истражување ..... 14

1.2.2 Појмовно – категоријален апарат ..... 24

1.2.3 Операционално определување на предметот ..... 29

1.2.4 Дисциплинарно одредување на истражувањето ..... 31

1.2.5 Временско и просторно одредување на истражувањето ..... 31

1.3. Цел на трудот ..... 31

1.4. Хипотетичка рамка – Хипотези ..... 32

1.5. Начин на истражување ..... 32

1.5.1 Динамика и примерок на истражување ..... 34

1.6. Научна и општествена оправданост на истражувањето ..... 35

ГЛАВА II ПРАВНА РАМКА ..... 36

2.1 НОРМАТИВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ..... 36

2.2 ПРАВНА РАМКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КАТАСТРОФИ ..... 39

2.2.1 Закон за заштита и спасување ..... 40

2.2.2 Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции ..... 49

2.2.3 Закон за управување со кризи ..... 51

ГЛАВА III ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА ..... 53

3.1 Национална платформа за намалување на ризици од катастрофи ..... 53

3.2 Национален план за заштита и спасување од природни незгоди и други несреќи ..... 62

3.3 Систем за управување со кризи ..... 64

3.4 Превенција и рано предупредување во воспитно-образовните институции ..... 74

ГЛАВА IV УЛОГАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ..... 76

4.1 Воспитно образовен процес ..... 76

4.2 Предучилишна установа ..... 79

4.3 Рано учење и развој .....82
4.4 Заштита и безбедност на децата во предучилишните установи.....86
4.5 Здравје и безбедност во предучилишните установи .....92
4.6 Загрозеност на безбедноста во предучилишните установи - градинките .....93
4.7 Наставни техники и методи од областа на природни непогоди и од човек предизвикани катастрофи во предучилишна возраст .....96
4.8 Психолошка проценка за подготвеноста на децата од предучилишна возраст.....100
4.9 Активности за имплементирање во воспитно-образовниот процес и кризниот менаџмент.....102
4.10 Ефектот од примената на моделирани вежби и симулации со низок интензитет преку игра и поделба на улоги кај деца од 4 - 6 години.....114
4.11 Примери од меѓународна пракса на методи и техники во областа на природни непогоди и од човек предизвикани катастрофи во предучилишна установа .....118
4.12 Практични примери на едукација за самозаштита.....125
ГЛАВА V ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ.....130
5.1 Анкетен прашалник за детски градинки.....130
5.2 Анкетен прашалник за родителите на децата згрижени во детските градинки .....139
5.3 Анкетен прашалник за вработени во Центар за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување.....144
5.4 Анализа на резултатите добиени од анкетните прашалници .....147
5.5 Резултати од набљудување на децата во модалниот експеримент воспитно-образовни активности за справување со кризни ситуации.....150
5.5.1 ЛИСТИ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ.....152
ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ .....155
Библиографија:.....165
ПРИЛОЗИ:.....169

# ГЛАВА I ВОВЕД

## 1.1 Формулација на проблем

### 1.1.1 Вовед

Живееме во едно глобално општество кое се карактеризира со голема динамика во комуникацијата и движење на луѓето низ целиот свет, како и брз техничко-технолошки развој кој влијае на квалитетот на животниот стандард на населението. Но во исто време и современата цивилизација се соочува со големи предизвици кои сѐ почесто го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, животната средина, материјалните, културните и другите богатства на државата.

Историјата изобилува со голем број на несреќи и катастрофи, кои за жал имаат предизвикано несогледливи последици и големи страдања на човечката цивилизација. Ваквите појави сѐ се поприсутни и денес. Затоа се посветува сѐ поголемо внимание на планирање и превземање на конкретни мерки и активности насочени кон превенција и намалување на ризиците од несреќи и катастрофи. Кризниот менаџмент или управувањето со кризи претставува комплекс на преземени мерки и активности, од превентивен и реактивен карактер, со кои надлежните институции во државата настојуваат сите извори на загрозување на бебедноста на граѓаните да ги елиминираат или нивниот ефект да го сведат на толерантни граници. (Центар за управување со кризи, 2009, pp. 2-3)

Кризниот менаџмент навлегува директно во животите на граѓаните и влијае на благосостојбата  на општеството во целина. Но неопходно е да се направи кохезија на сите одделни области на кризниот менаџмент, која би ги опфатила сите различни аспекти на крзниот менаџмент и да се изгради една дисциплина која би била водич во турбулентните времиња кои следуваат. Управувањето со кризи стана дефиниричка карактеристика на современото општество. Важноста на кризниот менаџмент никогаш не била поголема.

Според тоа сѐ повеќе доминира потребата од рано предупредување и превенција од ризици и катастрофи. Превенцијата и раното предупредување се основа за

попречување во целост или за попречување на катастрофални последици од несреќи предизвикани од природата или од човек, а подготвеноста на секој од субјектите одделно и способноста за нивно заедничко координирано и брзо дејствување се претпоставка за намалување на последиците и за брзо нормализирање на животот. (Лазаревски, et al., 2010, p. 13)

Не можеме да ги избегнеме катастрофите, но можеме да ги спречиме со тоа што ќе бидеме свесни, информирани, образовани и да имаме навики за превенција кои би ја намалиле штетата кога би се случила. Со помош на образованието можеме да развиеме луѓе со чувство на одговорност, вистинитост, хуманост и правда, кои на крајот ќе прераснат во луѓе кои имаат способност да се заштитат себеси и другите во такви случаи. Покрај тоа, образованието е потребно за активна и пасивна заштита на себе и другите. (Ivanov & Cvetkovic, 2014, p. 54).

Ограниченоста на медиумските извештаи и апели за катастрофи погрешно ѝ даваат импресии на јавноста за тоа дека катастрофите се неизбежни. Овие елементи ја затскриваат важната порака „дека има значителни елементи кои се дело на човекот во сите видови кризи и катастрофи“, и треба да се разбере дека треба да се делува на коренските причини со цел тие да се спречат. Откако ќе се разбере тоа треба да се делува на понатамошно подигање на свеста во однос на потребните различни опции кои треба да се преземат за спречување на катастрофите. Обуките во однос на подигање на еколошката свест се важен сегмент и е многу важно да се разберат за луѓето и човековото однесување. Сето ова укажува на потребата за да се зголеми фокусот на јавноста за подигање на свеста, едукација за да се намали ризикот од катастрофи.

Институциите на системот треба да планираат стратегии, програми и активности за подигање на свеста и едукација на јавноста за намалување на ризици од катастрофи. Подигањето на свеста и едукацијата на јавноста за намалување ризици од катастрофи може да ги зајакнат капацитетите на општата јавност, односно граѓаните во однос на нивното учество за намалување на идни можни страдања предизвикани од опасности и катастрофи.

Заштитата и спасувањето има посебно важна улога во општеството и претставува мерка на неговата социоекономска развиеност и благосостојба. Доколку сѐ повеќе се вложува со еден систем на заштита, дотолку таа мерка на развиеност ќе биде сѐ повисока.

Затоа се наметнува потребата да се воспостави ефективен модел на едукација за заштита и самозаштита во воспитно-образовниот систем, од причина што значењето за неговото успешно спроведување би било од клучно значење за безбедноста во земјата.

## 1.1.2 Резултати од претходни истражувања

Во Република Северна Македонија многу малку се посветува внимание на воспитно-образовните модели за едукација и самозаштита во предучилишното и основното образование, дури може да се каже дека е и доста занемарено. Во предучилишното образование воопшто не постојат програми за едукација на самозаштита, додека во основното образование се обрнува сосема мал дел и тоа во предмети кои што се изборни, а не задолжителни за сите ученици. Импликацијата е дека ако се случи катастрофа, соодветна обука и едукација може да спречи штети од пошироки размери. Всушност на тој начин и определен настан не мора да прерасне во катастрофа. Често се користи примерот за земјотрес во пустина и во одреден мегалополис. Од овие причини се основаат и определени институции во државите во светот, како на пример Национална опсерваторија за безбедност во училиштата и високообразовните институции во Франција. (Del Moral & Walker R., 2007, p. 59) Најважниот проблем е да се обезбедат максимални образовни придобивки, подобрување на квалитетот и соодветноста на образовните установи на тој начин придонесувајќи за квалитетот на образованието. (Del Moral & Walker R., 2007, p. 60) Бидејќи неопходноста од вметување на програми на едукација за самозаштита во образовниот модел во Република Северна Македонија е неопходен и нужен, со овој труд сметаме дека ќе се отвораат некои прашања кои не се истражувани, а придобивката и ефикасноста од воведување на програмите за едукација за самозаштита во образованието е за целото општество. (Del Moral & Walker R., 2007, p. 60).

Странски истражувања кои се најзастапени и релеватни за оваа проблематика се истражувањата на Алијансата за детска заштита во хуманитарни акции, Европска асоцијација за образовно истражување, УНИЦЕФ, Сојуз на движечки умови итн.

Се смета дека раното детство (0 - 8 години) е критична фаза за раст и развој и искуствата во овие рани години имаат доживотни влијанија. Според тоа одговорната грижа, раното учењето и менталното здравје се интервенции кои се специфични за раниот детски развој што може да им обезбеди на малите деца можност да имаат силна основа на почетокот и позитивна развојна траекторија. Раните години од животот на децата се најважни за нивниот здрав раст и развој. Во тој период малите деца развиваат знаења, вештини и верувања кои влијаат на нивниот доживотен раст, развој и учење. Раните години се критични клучни бидејќи силната основа може да го поттикне

доживотното учење и здрав развој на децата, (Alliance, January, 2023) https://movingmindsalliance.org

Алијансата за детска заштита во хуманитарни акции како заклучок, во извештајот Разбирање на ризикот и заштитни фактори во хуманитарни кризи нагласува дека има вредност во користењето едноставни, но ефективни мерки со кои ќе ги подобри структурните, засновaните на заедницата и превентивните интервенции на индивидуално ниво што можат да бидат следени и оценувани со текот на времето. Препорачува дека во секој пристап за мерење мора да се бара да се разбере културниот контекст, ризикот и заштитните фактори кои постојат. Ова ќе резултира со превентивни интервенции кои се фокусирани на градење сили на сите нивоа на социо - еколошка рамка на мултисекторски и повеќестран начин. Оваа работа ќе ги поддржи Хуманитарните актери за заштита на децата во нивните напори да ги заштитат децата преку промовирање на нивниот здрав развој и благосостојба со спречување на штетата пред да се појави. (Jensen, 2021) https://alliancecpha.org/

Се смета дека децата и младите го сносат најголемиот дел од товарот. Тие сочинуваат половина од светската популација, но најмалку се одговорни за емисиите на стакленички гасови, уништувањето на шумите и другите опасни практики кои ѝ штетат на нашата животна средина. Климатскате кризи ги менуваат децата. Тие им ја одземаат способноста да растат здрави и среќни и на крајот може да предизвика болест, па дури и смрт. Напорите да се одржи планетата погодна за живеење не треба само да одговараат на уникатните потреби и ранливости на младите луѓе туку тие мора и да ги вклучат во решенијата. Децата и младите имаат критички вештини, искуства и идеи за побезбедни, поодржливи општества. Тие не се само наследници на нашата неактивност - тие ги живеат последиците денес и во иднината. (UNICEF, July, 2021) https://www.unicef.org/environment-and-climate-change

Европската аосцијација за образовно истражување во нивните студии констатира дека децата често се сметаат за една од најранливите социјални групи погодени за време на кризи, поради нивната потреба од безбедна и стабилна средина за промовирање на здрав раст и развој. Тие обично се несразмерно погодени за време на природни катастрофи поради прекршување на нивните права за пристап до образование и учество во одлуки кои влијаат на нивните животи. Студијата покажала дека кај децата се појавува способност и капацитет да изградат колективистичко разбирање за кризата како скалабилен и длабоко лично влијателен настан. Поточно, децата покажале нагласување дека феноменот на криза може да се разликува врз основа на неколку различни маркери. https://blog.eera-ecer.de/childrens-rights-and-crises/

Современото образование се судира со нови предизвици секојдневно. Ако најголемото богатство на една земја е нејзиното население, тогаш најзначајните ресурси на земјата се знаењата. Затоа национални приоритети на секоја земја која ја планира својата иднина се образованието и науката. Современото образование денес се судира главно со три најголеми предизвици како: брз развој на науката и техниката кои иницираат одредени проблеми во образованието, образовните цели треба да се прилагодат и усогласат со реалните потреби и можности кои произлегуваат од потребите на општествениот и технички развој и образовните решенија треба да ги задоволат претходните две барања и да отстапуваат од традиционалните.

Затоа проблемите на образованието денес можат да се определат во неколку насоки и тоа:

- огромен квантум на знаења кој секоја втора година двојно се зголемува;

- појава на нови научни и стручни сознанија кои ги менуваат постојните;

- појава на нови технологии;

- ограничено време за формално образование;

- „доближување на светот " со интензивна комуникација меѓу научните и стручни лица од различни земји;

- интернетот се претвора во доминантен извор на информации. (Комисија за образование,Совет на Општина Штип,Факултет за образовни науки, 2014)

Денес живееме во време кога безбедносните ризици доминираат во современиот безбедносен хоризонт, она што недостасува се научно-истражувачки резултати кои ќе укажат на опасностите од современите видови ризици и нивната закана по виталните интереси и безбедноста на граѓаните, пред сè. Научните истражувања во областа на безбедносните ризици во Република Северна Македонија се недоволни. (Ѓуровски, Марјан; Николовски, Марјан; Герасимоски, Саше, 2020, p. 10).

Нашето согледување е дека во периодот што следи Република Северна Македонија со релевантните институции треба да го даде приматот на истражување со акцент на управување со кризи и воспитно-образовниот систем и да се заложи да изгради систем за превенција во делот на кризен менаџмент кој ќе биде ефикасен и ќе се надградува понатака согласно процесите кои следат и промена на условите и опкружувањето.

## 1.2. Определување на предметот на истражување

### 1.2.1 Теоретско определување на предметот на истражување

Кризниот менаџмент или управувањето со кризи претставува комплекс на преземени мерки и активности од превентивен и реактивен карактер, со кои надлежните институции во државата настојуваат сите извори на загрозување на безбедноста на граѓаните да ги елиминираат или нивинот ефект да го сведат на толерантни граници. (Del Moral & Walker R., 2007, p. 115)

Според Законот за заштита и спасување под заштита и спасување се подразбира преземање на организациски, технички и други мерки и употреба на технички и други средства на непосредна лична и колкетивна заштита на луѓето, животните, растенијата, имотот и културното наследство од природни непогоди и други несреќи.

Системот за рано предупредување претставува капацитети што се потребни за навремено да се генерираат и распостранат значајни информации на предупредување, со што ќе им се овозможи на поединците, заедниците и на организациите што се под закана од опасност да се подготват и соодветно да дејствуваат и во доволно време да ја намалат можноста да се случи штета или загуба. (UNISDR, May 2009)

Додека да дојдеме до некои појдовни основи со кои би превенирале кризи, потребно е да се помине процес на учење. Учењето е развој на увидот, знаењето и асоцијациите помеѓу минатите акции, нивната ефективност и идните акции. Учењето подразбира повратна спрега. Учењето преку искуството претпоставува паметење, односно организирано собирање и враќање на минатите настани, при што сеќавањата се преточуваат во научени лекции. (Кешетовиќ, et al., 2017, p. 117)

Учењето од најмала возраст уште во предучилишните установи и во континуитет во основно и средно образование може во голем обем да придонесе за ефективна физичка и психолошка подготвеност. Физичка подготвеност врз основа на стекнатите практични знаења преку едукацијата и психолошката подготвеност, со цел да се избегнат стресот и паниката кои посредно влијаат на обемот на последиците.

Важноста на образованието за таа цел е препознаена и потврдена на бројни меѓународни конвенции и конференции, со јасен акцент дека училиштата, семејствата и

локалните заедници играат решавачка улога во намалувањето на сериозноста на последиците предизвикани од природни катастрофи, преку процесот на развивање на свеста и познавање на природните катастрофи. (Ivanov & Cvetkovic, 2014, p. 115).

Глобалните трендови во последниве години одат во насока на обезедување на услови за заштита на планетата, просперитет за сите и подобрување на квалитет на животот и образованието. Во таа насока од страна на Обединетите нации во 2015 година беа поставени сет на цели како дел од новата агенда за одржлив развој. Секоја цел има свои специфики кои треба да бидат постигнати во текот на следните 15 години, а одговорни страни се владин и невладин сектор, образовните институции, но и секоја индивидуа одделно. Проблемот на превенција и заштита од природни непогоди и други несреќи е дел од речиси секоја поставена цел за одржлив развој. Всушност оваа проблематика може и треба да се третира од различни аспекти, како на пример: климатските промени, живот во природа, одржливи градови и заедници, квалитетно образование и слично.

Во продолжение претставени се повеќе меѓународни документи од различен карактер, но заедничко за сите нив претставува приоритизирањето на образованието. За нас ова има особено значење имајќи ја предвид темата на овој магистерски труд, бидејќи се потврдува значењето на процесот за едукација во создавање на општество кое гради отпорност кон катастрофи.

Глобалното образование, е цел на North-South Центар. Програмата за Глобално Образование на North-South Центарот го промовира, подобрува и засилува овој вид на образование во земјите членки на Советот на Европа како и на глобално ниво. Оваа програма е заснована врз препораките и исходите од конференциите кои North-South Центарот ги организирал во Атина (1996), Будимпешта (1999) и Мастрихт (2002). Идејата за повелбата на глобалното образование за земјите членки на Советот на Европа произлезе на меѓународната работилница за Партнерство во глобалното образование-глобалното Образование во средните училишта организирана од North - South Центарот заедно со министерството за образование и верски прашања на Република Грција во Атина, во март 1996 година. Неговата цел е да развие, подобри и одржува стратегии и да гради капацитети за глобалното образование, да ги таргетира институциите и практичарите од областа на глобалното образование во формалниот и неформалниот сектор. Оваа работа на Центарот се заснова врз убедувањето дека глобалното образование е холистичко "образование што им ги отвора очите и умовите на луѓето за реалноста на светот и ги буди за создавање на еден свет на поголема правда, еднаквост и човекови права за сите". Имајќи го горенаведеното предвид, Глобалното образование подразбира да го опфати развојното образование, образованието за човековите права,

образованието за одржлив развој, образованието за мир и спречување на конфликти и интеркултурното образование и да претставува глобална димензија на образованието за граѓанство.

Повелбата за Глобалното Образование била донесена во 1997 година, како прв референтен документ на North-South Центарот за Глобалното образование. Од Конференцијата во Будимпешта, поврзување и учење за глобалните промени, јуни 1999 година, North-South Центарот развил механизам за вмрежување за практичарите од земјите членки на Советот на Европа да споделат стратегии и практики за зголемување и подобрување на глобалното образование. Овој механизам бил формализиран и мрежата на Неделата на Глобалното образование ја одржа својата прва средба во Лисабон во 2000 година. Овој вмрежувачки пристап е поддржан од страна на неделата на Глобалното образование - годишен - европски настан за подигање на свеста за поттикнување на практично образование во формалното, неформалното образование и во неформалните образовни средини.

- Меѓународни документи кои се однесуваат на развојот на концептот на глобалното образование, секоја, на свој начин, се фокусира и го збогатува овој пристап:

*Универзалната Декларација за Човековите Права.*

Воспитувањето ќе биде насочено кон целосниот развој на човековата личност и кон зајакнување и почитување на човековите права и основни слободи. Тоа ќе го унапредува разбирањето, толеранцијата и пријателството помеѓу сите народи, расни или верски групи и ќе ги унапреди активностите на Обединетите нации за одржување на мирот.[1]

*Препораката во врска со образованието за меѓународно разбирање, соработка и мир и образованието поврзано со човековите права и основни слободи која:* комбинира учење, обука, информација и акција и меѓународното образование, треба да го продолжи соодветниот интелектуален и емоционален развој на поединецот. Тоа треба да развие чувство на општествена одговорност и солидарност со помалку привилегираните групи и треба да доведе до почитување на начелата за еднаквост во секојдневното однесување.

УНЕСКО, Генерална конференција, Париз, 19 ноември 1974

*Агенда 21, Поглавје 36: Промовирање на Образованието, јавната Свест и обука.*

[1] Член 26, Обединетите нации, Генерална конференција, Сан Франциско, 10 декември 1948

Образованието, вклучително и формалното образование, јавната свест и обуката треба да бидат признати како процес со кој човечките суштества и општествата можат да го постигнат својот целосен потенцијал. Образованието е од суштинско значење за промовирање на одржливиот развој и подобрувањето на капацитетот на луѓето за справување со прашања од животната средина и развојот.[2]

*УНЕСКО - Декларација и интегрирана рамка за акција за образованието за Мир, Човекови Права и Демократија. Париз 1995.*

Образованието треба да го развие капацитетот на проценување на вредноста на слободата и потребните капацитети за соочување со предизвиците поврзани со неа. Ова значи да се едуцираат граѓаните за решавање на тешки и неизвесни ситуации, во нив да се вгради способноста за автономија и индивидуална одговорност. Ова е поврзано со почитувањето на вредноста на граѓанската вклученост и капацитетот на здружување со други лица за решавање на проблеми и работење кон градењето на едно правично, мирно и демократско општество.[3]

*Милениумската Декларација на Обединетит нации, 2000 година.*

Вредности и начела во кои се верува дека централниот предизвик со кој што се соочуваме денес е да се осигура дека глобализацијата станува позитивна сила за луѓето на светот. Иако глобализацијата нуди големи можности, во моментов нејзините придобивки се многу нерамномерно поделени и нејзините трошоци се нерамномерно распределени. Свесни сме дека земјите во развој и земјите со економии во транзиција се соочуваат со посебни потешкотии при справување со овој централен предизвик. Затоа само преку широки и постојани напори за создавање на заедничка иднина базирана врз нашата заедничка човечност со сета своја разноликост, глобализацијата може да стане целосно инклузивна и правична.[4]

*Декада на Обединетите нации за образованието за одржлив развој 2005-2014.*

Основната визија на образованието за одржлив развој е еден свет каде што секој има можност да придобие од образованието и да ги научи вредностите, однесувањата и начините на живеење потребни за една одржлива иднина и за позитивна општествена трансформација. Декада на Обединетите нации за образованието за одржлив развој, Меѓународна шема за имплементација, Јануари 2005 година.

[2] Конференцијата на Обединетите нации за Животна Средина &. Развој, Рио де Жанеиро, од 3 до 14 јуни 1992 година.
[3] UNESCO, Генерална конференција, Париз, ноември 1995.
[4] Резолуција на Генералното собрание на Обединетите нации, Њујорк, 8 септември 2000 година.

*Европскиот консензус за развојот: Придонесот на образованието за развојот и подигањето на свеста, 2007 година.*

Целта на образованието за развој и подигање на свеста е да му овозможи на секое лице во Европа доживотен пристап кон можностите да се биде свесен и да се разберат грижите за глобалниот развој и за личното и локалното значење. Грижењето и реализирањето на нивните права и одговорности како жители на еден меѓузависен и променлив свет влијае кон промени за еден правичен и одржлив свет.

*Европската Година на меѓукултурен дијалог 2008 Член 2:*

Цели - 1. Општите цели на европската година на меѓукултурен дијалог ќе бидат да се придонесе кон подигање на свеста на сите оние кои живеат во ЕУ, особено на младите луѓе. Важноста на развојот на едно активно европско граѓанство кое е отворено кон светот, ја почитува културната разновидност и е базирана врз заедничките вредности во ЕУ како што е пропишано во членот 6 на Договорот на ЕУ и на Повелбата за основни права на Европската Унија.

2. Посебните цели на Европската година на меѓукултурен дијалог ќе бидат: да се поттикне улогата на образованието како важен медиум за учење за различностите, да се зголеми разбирањето на другите култури и развивањето на вештини и најдобри општествени практики и да се нагласи централната улога на медиумите во промовирањето на начелото на еднаквост и меѓусебно разбирање.[5]

*Белата книга за Меѓукултурен дијалог на Советот на Европа, Јуни 2008 година.*

Меѓукултурниот пристап нуди прогресивен модел за раководење на културната разновидност. Тој предлага концепт заснован врз индивидуалното човеково достоинство (прегрнување на нашата заедничка човечност и заедничка судбина). Доколку постои европски идентитет кој треба да се реализира, тој ќе биде основан врз заедничките основни вредности, почитувањето на заедничкото наследство и културната разноликост, како и врз почитувањето на еднаквото достоинство на секој поединец. Меѓукултурниот дијалог треба да одигра важна улога во овој поглед. Тој овозможува спречување на етничките, верските, јазичните и културните поделби. Тој овозможува заеднички да се движиме напред, да се справиме конструктивно и демократски со нашите различни идентитети врз основа на заедничките универзални вредности.

[5] Европскиот Парламент и Советот на Европа, Одлука бр. 1983/2006/ЕС, 18 декември 2006 година.

*Повелбата на Советот на Европа за образованието за демократско граѓанство и образованието за човековите права (усвоена од страна на Комитетот на министри на 11 мај 2010 година).*

Образованието за демократско граѓанство и образованието за човековите права се тесно поврзани и заемно поддржувачки. Образованието за демократско граѓанство е насочено пред сè на демократските права и одговорности и активното учество, во однос на граѓанските, политичките, социјалните, економските, правните и културните сфери на општеството, додека образованието за човековите права се занимава со поширок спектар на човекови права и основни слободи во секој аспект на животот на луѓето.

*Препораката CM/Rec (2011)4 на Комитетот на министри до земјите членки за образованието за глобалната меѓузависност и солидарност.*

(Усвоена од страна на Комитетот на министри на 5 мај 2011 година, на 1113-тиот состанок на замениците министри). Препораката за образованието за глобалната меѓузависност и солидарност го сочинува првиот европски правен стандард за глобалното образование. (Alicia Cabezudo, 2008)

Кога станува збор за подготвеност за реакција на општеството релевантни се повеќе поими, и тоа: закани, ризици, инцидент, акцидент, несреќа, природни непогоди, други несреќи. (Солунчевски, 2014, pp. 11-12)

Природните несреќи сами по себе не водат кон катастрофи, туку катастрофите се резултат од влијанието на природните несреќи врз ранливите општествени системи. Со други зборови катастрофите може да се превенираат преку свесна човекова акција насочена кон намалување на ранливоста. (Лазаревски, et al., 2010, p. 16)

Затоа од огромна важност е раното учење коешто може во голема мера да придонесе за поефикасно справување во дадени ризични ситуации, а кои што се повеќе ни се закануваат во ова современо општество на брз раст и развој. Затоа во делот за превенција од кризи и катастрофи треба позначително да се размислува за воведување на поефективни програми кои треба да го подготват воопшто населението за справување со ризици од кризи и катастрофи, со цел за јакнење на подготвеноста и ефективен одговор во случај на опасности и соочување на сите можни форми на загрозување на животот и здравјето на луѓето како општата безбедност. Затоа што опасните ситуации извесно е дека ќе се случуваат. Прашањето е колку ние ќе бидеме подготвени да се справиме со истите, односно колку отпорно општество ќе создадеме. Човечкиот фактор во оваа смисла има клучна улога.

Поаѓајќи од фактот дека справувањето со кризна состојба не е и не може да биде изолиран чин, туку логично надоврзување на сè она што претходи на планот на подготовки и контрола на постигнатиот степен на подготвеност. Превенцијата започнува со информирањето. Во таа смисла, потребно е да ја погледнеме и пошироката слика, бидејќи едукацијата не може да се ограничи само на одредени групи на професионалци. Оттука, неопходно е да се изгради култура на безбедност и да се доближат прашањата поврзани со цивилните ризици и опасности до целните групи и пошироката јавност. При тоа, посебно внимание им се посветува на оние категории кои се ранливи групи и се најзагрозени, како што се децата, учениците, лицата со нарушено здравје, старите и изнемоштените. (Центар за управување со кризи, 2009, p. 66)

Една од целите на основното воспитание и образование е унапредување на здравиот начин на живеење и воспитување за преземање одговорност за сопственото здравје и за заштита на животната средина[6]. Практиката која промовира оптимално учење и развој е основа за истражувањата на раното учење и развој, но и за знаењата заосновани на ефективно образование во предучилишниот период. (Дамовска, et al., 2018, p. 25). Последниве децении се забележуваат драматични промени во однос на истакнувањето на компетенциите на децата во процесот на стекнување на нивните знаења, вештини и способности (Дамовска & Шеху, 2018, p. 17). Денес како императив на нашето живеење сè повеќе се наметнува неспорниот факт системот на образованието да ги ослободува креативните потенцијали на човековата свест (Петров & Михајловски, 1995, p. 33).

Според тоа сè повеќе доминира потребата од рано предупредување и превенција од ризици и катастрофи. Имајќи во предвид дека поголем дел од времето се поминува во вопитно-образовните институции (градинки, училишта, центри за ран развој), сè повеќе е значајно и потребно да се вгради во образованието. (Del Moral & Walker R., 2007, p. 179). Училиштето е обврзано да го развие знаењето, свеста и навиките во спречувањето на опасноста, всушност во својата функција е задолжено да го обезбеди знаењето за човековото "мајсторство" над природата, а од друга страна пак, заштитата од опасности што може да се случи, исто така, доаѓа од нивната природа (Ivanov & Cvetkovic, 2014, p. 117).

Затоа се наметнува потребата да се воспостави во воспитно-образовниот систем ефективен модел на едукација и самозаштита, во којшто значењето за неговото успешно спроведување би бил од клучно значење за безбедноста во земјата.

[6] Закон за основното образование бр. 103/08 од 19.08.2008 година член 3.

„ Во конфликти и катастрофи, децата се први на удар и под најголем удар. Денес, едно од четири деца во светот живее во зона на конфликт или катастрофа - факт кој сите треба да нѐ потресе до сржта. Сите овие деца се соочени со неизвесна иднина“.[7]

Неопходен е систематски пристап за рано предупредување и справување со ризици.

На глобално ниво постојат три рамки за намалување на ризици од катастрофи. Поради зголемување на природните несреќи и загуби, пред сѐ човечки животи, зголемување на штетите врз материјалните, природните и културни богатства на државите, посебно во неразвиените земји и земјите во развој, ООН преземаа неколку значајни чекори во тој контекст:

1. последната деценија од 20 век е прогласена за Меѓународна декада за намалување на природните катастрофи (International Decade for Natural Disasters Reduction - INDRD);
2. воспоставена е Меѓународната стратегија за намалување на катастрофи (International Strategy for Disaster Reduction – ISDR );
3. донесена е Рамката за Акција од Хјого 2005 - 2015: Градење на отпорноста на нациите и на заедниците кон катастрофи (Hyogo Framework for Action 2005 – 2015: Building the resilience of nations and communities to disasters);
4. Во 2015 г. Усвоена е рамката од Сендаи 2015 - 2030, која е усогласена и со целите на одржлив развој (Sustainable Development Goals SDG, а кои се всушност континуитет на милениумските цели утврдени на самитот во Јоханесбург).

Рамката на Хјого е рамка за научени лекции, празнини и идни предизвици. Од она што е документирано од усвојување на рамката во 2005 година, со неговата имплементација е постигнато напредок во ризикот за намалување на катастрофи на локално, национално, регионално и глобално ниво. Намалувањето на ризикот од катастрофи е исплатлива инвестиција за спречување на идни загуби. Ефективното управување со ризици придонесува за одржлив развој. Земјите ги зголемија своите капацитети во управување со ризикот, исто така изградиле и систем за меѓународни механизми, стратешки совети, координација и развој на партнерства за намалување на ризикот од катастрофи. Генерално рамката на Хјого била важен инструмент за подигање на јавната и институционалната свест, генерирајќи фокусираност за креирање на се подобри системи и механизми за управување со катастрофи. (Reduction, n.d.).

Рамката на Сендаи поставува четири специфични приоритети за дејствување:

- Разбирање на ризикот од катастрофа

[7] УНИЦЕФ, Хуманитарна акција за деца 2020

- Зајакнување на системот за управување со катастрофи
- Инвестирање за намалување на ризиците од катастрофи
- Поодбрување на одговорот и подготвеноста за рехабилитација односно враќање во нормална состојба по катастрофата.

Во пристапот за намалување на ризикот од катастрофи државите како и регионалните и меѓународните организации и сите други релевантни чинители треба да ги земат во предвид клучните активности кои се наведени соодветно со националните капацитети што ги имаат како и националните закони и регулативи. Како многу битен сегмент е глобална меѓународна соработка, која придонесува за зголемување на знаењето, капацитетите и мотивацијата за намалување на ризикот од катастрофи. Треба да биде вклучено граѓанското општество, волонтери, организации за доброволна работа. Во заедницата организациите да учествуваат во соработка со јавните институции, да обезбедуваат специфични знаења и прагматични насоки во контекст на развојот и имплементација на нормативни рамки, стандарди и планови за намалување на ризикот од катастрофи, ангажирање во спроведувањето на локални, национални, регионални и глобални планови и стратегии, да придонесуваат и да ја подржуваат јавната свест, културата на превенција и едукација на ризик од катастрофи, и да се залагаат за отпорни заедници за инклузивно и цело општество.

Подготвеноста за самозаштита е нужност која ја наметнува потребата за стекнување со знаења за справуање со ситуации кои ја загрозуваат безбедноста.

Ефективната едукација мора да биде значителен дел од систематско вметнување на пристапите за намалување на ризиците во програмите за подготвеност. Сето тоа би придонело до помали загуби севкупно.

Неопходен е систематски пристап за рано предупредување и справување со ризици. Подготвеноста за самозаштита е нужност која ја наметнува потребата за стекнување со знаења за справуање со ситуации кои ја загрозуваат безбедноста. Секоја индивидува потребно е да знае како да се заштити себеси во неповолни ситуации и само на тој начин може и да им помогне на другите.

За да се стекнеме со вештини за самозаштита најдобро се учи преку повтореното учење во континуитет, практични искуства, учество и примери, е најефикасен и применлив начин.

Човештвото отсекогаш живеело и ќе живее во присуство на најразлични извори на небезбедност, опасностите што не опкружуваат постојано се менуваат и за жал предизвикуваат се поголеми последици и штети. Наша заедничка обврска е да ги запознаеме и подготвено да се соочиме со нив!

Овие пристапи можат да ја подобрат благосостојбата на човекот, но и на целиот жив свет. Со користење на модел со остварливи цели ефектот е подобрување на нашите долгорочни одговори на катастрофи (Del Moral & Walker R., 2007, p. 179).

***Децата имаат право на живот! „ Правото на детето на заштита од елементарни непогоди и природни катастрофи произлегува од неотуѓивото право на живот...“ [8]***

Заштитата на децата се остварува со обезбедување на услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Во примената на одредбите од законот за заштита на децата се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето. Облици на заштита на децата, во смисла на овој законот за заштита на децата се:

1) згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст;

2) одмор и рекреација на деца и

3) други облици на заштита.[9]

Подготвувањето на граѓаните за самозаштита се остварува со обучување во образовните институции и преку информирање на граѓаните.[10]

Содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции ги пропишува министерот належен за работите од областа на образованието и науката во согласност со директорот на Дирекцијата.[11]

Потребата од стекнување на знаења за изворите на опасност и елемнтарните непогоди подразбира: да се оспособува да се снајде во ситуации кој ја загрозуваат неговата/нејзината безбедност, да се оспособува да постапува според правилата на безбедност во градинката и надвор од неа, да се оспособува да ги мапира изворите на опасност и загрозеност на безбедноста во домот, во градинката и во околината на живеење.

Природните катастрофи и катастрофите предизвикани од човекот, кои се случувале во нашата и соседните држави ги почуствувале сите жители на Република Северна Македонија. Овие катастрофи наметнале потреба за едукација на населението,

[8] Конвенција за правата на детето, член 6, став 1.
[9] Закон за заштита на децата, Службен весник на РМ бр. 23 од 14.02.2013 година.
[10] Закон за Заштита и спасување, Сл.весник на РМ, 93/2012, член 118.
[11] Закон за Заштита и спасување, Сл.весник на РМ, 93/2012, член 119.

особено на младите од областа на катастрофите. Очекувањето е дека во иднина ќе има едуцирани кадри во општеството, а особено во образовниот систем за справување со катастрофите. Оваа ситуација ја наметнува потребата од зголемување на јавната свест за феноменот на катастрофите. Јавната свест се подига од најраната возраст кај децата и младите преку воспитно-образовниот процес во училиштата и градинките. Преку Правилникот за самозаштита и заштита во случај на катастрофа и други облици на општа едукација, како и преку следење на економско-техничкиот развој на човештвото.

Последиците од разни видови на катастрофи врз населението и на територијалните добра се различни и зависат од факторот изненадување, но и подготовките кои ние ги вршиме за да се справиме со нив.

Затоа и се наметнува неопходноста од потребата за промовирање интегрирано образование за природни непогоди, затоа што воспоставувањето соработка меѓу активностите за намалување на ризикот од природни непогоди на заедницата и образованието за природни непогоди во училиштата може да доведе до ревитализација на активностите на заедницата за намалување на ризикот од природни непогоди и до подобро образование за природните непогоди во училиштата.

### 1.2.2 Појмовно – категоријален апарат

За потребите на овој труд следните поими ќе значат:

- **Кризен менаџмент:** Или управување со кризи преставува комплекс на преземени мерки и активности од превентивен и реактивен карактер, со кои надлежните институции во државата настојуваат сите извори на загрозување на безбедноста на граѓаните да ги елиминираат или нивниот ефект да го сведат на толерантни граници. Во најширока смисла на зборот, основна задача на кризниот менаџмент е одговор на кризи, односно менаџирање или управување со појавите (ризици и опасности) кои можат да предизвикаат настанување на криза или поширока кризна состојба во државата или нејзин помал дел (Центар за управување со кризи, 2009).

- **Национална платформа за намалување на ризиците од катастрофи:** Националната платформа за намалување на ризиците од катастрофи е документ кој системски ги поттикнува и обврзува субјектите на системот за управување со кризи и заштита и спасување, да дејствуваат на многу поорганизиран и ефективен начин за рано предупредување, превенција, намалување и санирање на последиците од можни катастрофи.

Овој повеќечинителски национален механизам служи како застапник за концептот на намалување на ризиците од катастрофи на различни нивоа и овозможува координација, анализи, и совети за приоритетните области за акција. Националната платформа ги комбинира знаењето, вештините и ресурсите што се потребни за намалување на ризиците, како и за вклучување на политиките во намалувањето на ризиците, во плановите и во програмите за развој (Влада на Република Северна Македонија - Центар за управување со кризи, 2019, p. 8).

- **Методи на едукација за самозаштита :** Модели за самозаштита во наставниот процес кои обработуваат наставни теми за обучување за самозаштита во услови на земјотреси, пожари и експолозии, опасни материи, епидемии и заразни болести кај животни и растенија, снежни намети, лавини и бури, поплави, поројни дождови, лизгање на земјиштето, атмосферски непогоди, сообраќајни несреќи, експолозии од течен нафтен гас и природен гас. Секоја наставна тема би ги опфатила:
  - Општите поими
  - Причините за појава
  - Основните карактеристики
  - Последиците од нивното настанување
  - Мерки за заштита и спасување: превентивни и оперативни мерки (пред настанување, за време на настанување, и после настанување на опасноста)
  - Средства и опрема која се користи за заштита и спасување
  - Вежбање на постапки на превентивните и оперативите мерки за лична и колективна заштита при појавана опасности.[12]

- **Воспитно-образовен процес**: Во образованието, терминот воспитно-образовен процес се однесува на секој процес на унапредување на предучилишните установи и училиштата или наставните процеси. Тие постепено се одвиваат и за нив нема фиксна или предодредена крајна точка, туку постојано се надградуваат. Подобрувањето на воспитно-образовниот процес главно се занимава со процесите преку кои градинките и училиштата можат да ги подигнат стандардите, односно промените што можат да ги направат и стратегиите што можат да ги користат за подобрување на резултатите на децата и учениците. Институциите на системот надлежни за воспитно-образовниот процес мора да го

[12] Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции, Сл.весник на РМ бр. 36/04 и 49/04, член 2 и 3.

следат текот на развитокот на општеството, а со тоа и сите нови закани и да се прилагодат кон нивно вградување во воспитно-образовниот процес.

- **Предучилишна установа:** Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца во кој како дејност се организира за: згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно - забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основото образование. Детска градинка може да обезбедува престој и исхрана и за деца над шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет години возраст. Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој го сочинуваат сите правни и физички лица на територијата на Република Северна Македонија чија основна дејност е вршење работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.[13]

- **Воспитно-образовна институција:** Станува збор за специфичен организациски систем кој е сложен, комплексен, динамичен, отворен и целосообразен. Градинките и училиштата се негови главени претставници. Сите претходно наведени карактеристики произлегуваат од сознанието дека воспоставувањето на функционална воспитно-образовна организација со соодветно организационо дизајнирана структура има пред се за цел и задача да продуцира такви активности кои ќе доведат до високи достигнувања, позитивни резултати за децата и учениците и углед на самата воспитно-образовна организација.

- **Воспитувач:** Институција на образовни и персонални или посебни особини на личноста во која се интегрираат сите активности, процеси и постапки на една интегрална дејност како што е воспитанието и образованието. Воспитувачот не може само да ги „ учи децата“, туку мора широко и сеопфатно да ги артикулира влијанијата кои доаѓаат како однадвор, така и од самото дете. Затоа повеќе од неопходно е современиот воспитувач да биде повеќестрано образован бидејќи неговата функција не се ограничува само на пренесување содржини строго и статички дефинирани, туку се проширува на поартикулирана и динамична тематика за што му е потребно културно, методолошко и инструментално образование.

[13] Закон за заштита на децата, Сл.весник на РМ бр. 23/13.

- **Основно образование**: Основното образование се организира и остварува во основно училиште. Основно образование се организира и остварува и во здравствени установи, социјални установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, согласно со овој закон. Основното образование за учениците со посебни образовни потреби се организира и остварува во посебни основни училишта и во посебни паралелки при редовните основни училишта.[14]

- **Самозаштита**: Е одбранбен механизам на човековиот организам да се справи со одредена ситуација. Тука влијаат и степенот на неговата претходна подготовка, едукација и предзнаење како да постапи во дадена ситуација.
- **Ризици**: Ризик е комбинација на веројатноста да се случи настан и неговите негативни последици. Ризикот може да се дефинира како „Секој **НАСТАН ИЛИ ПРОБЛЕМ** што може да се случи и влијае на разнишување на безбедноста“. Ризикот, исто така, може да се дефинира и како „ **МОЖНА ЗАКАНА, НАСТАН** (или комплекс на настани), **АКТИВНОСТ** (или комплекс на активности) или **НЕАКТИВНОСТ** која може да предизвика негативни последици по животот и здравјето на луѓето, животните и безбедноста“.

- **Кризна состојба**: Кризна состојба е состојба предизвикана од ризици и опасности кои можат да ги загрозат добрата, здравјето, и животот на луѓето и животните и безбедноста на Републиката, за чија превенција и/или спасување е потребна употреба на поголем број на ресурси.[15] Врз основа на Законот за управување со кризи Владата донесува одлука за постоење на кризна состојба, го определува подрачјето зафатено со кризна сосотојба и соодветно на тоа ги активира механизмите за разрешување на кризната состојба.[16]

- **Катастрофа**: Сериозно нарушување на функционирањето на заедницата или на општеството што вклучува, човечки, економски, материјални загуби или влијанија, а кои ја надминуваат способноста на заедницата или општеството да се справат со употреба на сопствените ресурси.

- **Систем за рано предупредување**: претставува капацитети што се потребни за навремено да се генерираат и да се распостранат значајни информации на предупредување, со што ќе им се овозможи на поединците, заедниците и на организациите што се под закана од опасност да се подготват и соодветно да

[14] Службен весник на РМ бр. 103 од 19.08.2008 година, член 10.
[15] Устав на Р.Македонија, Службен весник на РМ бр.52/1992, член 124 и 125.
[16] Закон за управување со кризи, Сл. Весник на Р.Македонија бр.29/05 од 04.05.2005 година, член 30.

дејствуваат и во доволно време да ја намалат можноста да се случи штета или загуба (UNISDR, May 2009).

### 1.2.3 Операционално определување на предметот

**1. Чинители.** Во воспитно-образовниот модел чинители се сите релевантни институции и стручни лица кои се посредно или непосредно вклучени и влијаат на предметот на истражување. Како директно вклучени се директорите на воспитно-образовните институции, стручните работници, стручните соработници, наставниците, воспитувачите. Како индиректни се: биро за развој на образование, министерство за образование и наука, министерство за труд и социјална политика, дирекција за заштита и спасување, црвен крст, министерство за внатрешни работи, центар за управување со кризи, невладини организации и сл. релевантни институции и стручни лица кои можат да придонесат и помогнат во креирање на ефикасен образовен модел за самозаштита.

**2. Услови.** Условите коишто се поврзани со предметот на истажување можат да бидат психички и општоопштествени. Психолошки се директно поврзани со свеста и психолошката подготвеност на сите директни и индиректни учесници коишто би требало да го креираат бенефитот од спроведување на образовниот модел. Додека општоопштествени се однесуваат на импликациите и ефектот коишто ќе се одразат од воспоставувањето на моделот кој што се однесува за општеството во целина.

**3. Учесници.** Учесниците во моделот се посредни и непосредни учесници. Непосредни учесници се одговорните за донесување на правилниците на програми за самозаштита и задолжените за нивно имплементирање, кои имаат значајна улога во донесување и воспоставување на моделот како и негово понатамошно постапување и примена. Посредни учесници се сите останати засегнати страни кои ќе учествуваат во воспоставување на моделот. Секако тие можат да се организираат како и индивидуално така и групно, зависно од мерката којашто сакаат да ја применат.

5. **Мотиви, интереси и цели.** Мотивите, интересите и целите се лесно соогледливи. Се поаѓа од основниот мотив да се постигне поголема подготвеност преку рано учење на цивилното население за справување со ризиците и опасностите кои доаѓаат сѐ повеќе со брзите промени и сѐ подинамичниот техолошки развој и развиток на општеството. Целта што сака да се оствари е зголемување на целокупната безбедност на Републиката.

**5. Активности.** Активностите според предметот на истражување треба да бидат постојани кои со рационални постапки ќе изнудат иницирање и потикнување на субјектите, насочување и координирање кон еден успешен процес.

**6. Методи и средства.** Врз основа на предметот на истражување треба да се користи методот на соработка на сите релевантни институции за да се усогласат во примената на методот во воспитно - образовниот процес. Додека средствата треба да се остварат преку институциите и установите преку норми кои опфакаат активности како образование.

**7. Очекувани резултати.** Резултатите се очекуваат да бидат максимално позитивни, битни и значајни за општеството. Се очекува дека надлежните стручни институции ќе го увидат недостатокот и неопходноста од воведување на ефикасен модел на самозаштита во воспитно-образовниот процес, и со самото тоа ќе се вклучат сите засегнати страни за негово успешно имплементирање.

### 1.2.4 Дисциплинарно одредување на истражувањето

Дисциплинарното одредување на истражувањето на овој труд го гледам во научната дисциплина управување со ризици од кризи и катастрофи, педагогија, безбедносни науки, организациони науки, дидактика, цивилна заштита, бидејќи имаат ист интерес на истражување.

### 1.2.5 Временско и просторно одредување на истражувањето

Временскиот период на истражувањето повеќе се сконцентрира на истражувањето во период од 2018 до 2023, бидејќи предметот на истражување нема никаков напредок во минатото во подолг период, односно стагнира. Временски истражувањето се одвиваше во 2021, 2022, 2023 година, а ефектите би се покажале во иднина.

Просторното одредување е ограничено на територијата на Република Северна Македонија, односно општина Илинден и општина Петровец како две рурални општини за компарирање. Но во истражувањето ќе се посочат и бидат вклучени и други компаративни модели на странски држави кои веќе имаат конструирано успешен модел.

## 1.3. Цел на трудот

Цел на трудот е да се промовира потребата од ефикасни програми за едукација за самозаштита во воспитно-образовниот процес во предучилишните установи и основното образование во континуитет.

Практична цел - подготовка преку рано учење на цивилното општество за справување со секаков вид на ризици и кризи

Методолошка цел - да се креира ефикасен и ефективен образовен модел на самозаштита на граѓаните

Научна цел - влијанието и улогата на образованието за самозаштита во безбедноста на граѓаните, а и целото општество.

Општо целта поврзана со предметот на истражување е дека ако во воспитно-образовниот систем се воспостави ефикасен образовен модел на едуакција за самозаштита, преку раното учење ќе се подобри целукопната безбедност на граѓаните.

## 1.4. Хипотетичка рамка – Хипотези

**Општа хипотеза:** Со воспоставување на ефикасен образовен модел на едукација за самозаштита (имплементација на соодветни наставни техники и методи од обласста на природни непогодии и од човек предизвикани катастрофи во предучилишна и училишна возраст) во воспитно-образовниот систем, се зајакнува ефикасноста, подговеноста и ефективноста на системот за заштита и спасување, односно преку раното учење ќе се подобри целокупната безбедност на граѓаните**.**

*Хипотезата на краток рок навидум е тешка за да се докаже бидејќи можеби е потребно повеќе време и увид во реална ситуација (справување со ризик, криза, катастрофа) за да се провери постигнатиот ефект. Бидејќи да претпоставиме дека е воведен образовен систем на едукација преку рано учење во континуитет, ефектот на подолг рок би покажувал се поупешни и поголеми резултати во системот за рано предупредување и превенција од ризици и катастрофи.*

**Посебни хипотези:**

1. Модели за самозаштита во наставниот процес кои обработуваат наставни теми за: обучување за самозаштита во услови на земјотреси, пожари и експолозии, опасни материи, епидемии и заразни болести кај животни и растенија, снежни намети, лавини и бури, поплави, поројни дождови, лизгање на земјиштето, атмосферски непогоди, сообраќајни несреќи, експолозии од течен нафтен гас и природен гас, имаат битна улога во зголемување на отпорноста на општеството.

2. Примена на моделирани вежби и симулации со низок интензитет, преку игра и поделба на улоги, кај деца од 4 - 6 години е поврзана со подготвеноста за реакција во реална ситуација и со намалување на последиците.

## 1.5. Начин на истражување

Со цел поголема прегледност, во истражувањето ќе биде користена соодветна методологија со образложение и аргументирање на оправданоста, предметот и целта на

истражувањето, поставување на хипотетска рамка и објаснување на квалитативните и квантитативните техники и методи за собирање и обработка на податоците.

Во согласност со поставената хипотетичка рамка, предметот и целта на истражувањето ќе бидат применети следниве истражувачки постапки за собирање, обработка и интерпретација на податоците и сознанијата, и тоа:

**Општи методи:**

- **статистичкиот метод** – *(Со цел да се остварат сознанија на ниво на научна дескрипција-статистички опис, но и на ниво на научно објаснување-научна корелација)*
- **компаративен метод** – *(Овозможува анализа на сличностите и разликите и утврдување на причинско-последичните врски помеѓу набљудуваните појави, односно изведување на заклучоци за постоечката состојба и тенденциите за понатамошно подобрување на процесите во воспитно-образовните организации)*
- **аналитичко – синтетички метод** – *(Аналитичко-синтетичкиот метод подразбира анализа на набљудуваните појави во имплементирањето на процесот во образовните организации, а со тоа и унапредување на процесот во овие организации)*
- **методот на моделирање** – *(За да се оцени каква би била ефикасноста од спроведување на програмата за потребите на трудот ќе организира модален експеримент. Поради тоа што методот на моделирање, сам по себе не е доволен се организираат експерименти и се применува модалниот експеримент или набљудување на моделираната појава )* [17]

**Посебни методи:**

- **метод на анализа на содржината** – *(Со овој метод се обликува содржината врз основа на објективност, систематска и квантитативна дескрипција на манифестната содржина на комуникација од средено и планско посматрање на човековата комуникација)*

**Инструменти :**

[17] Експеримент претставува истражувачка постапка со која се предизвикуваат систематски промени за да се набљудува нејзиното влијаните врз појавата што се проучува. (Димитров, 2017)

- Анкетен прашалник *(Види прилог 1)*
- План на набљудувањето *(Види прилог 2)*

### 1.5.1 Динамика и примерок на истражување

За остварување на поставените цели и задачи на истражувањето што ќе биде спроведено за потребите на овој труд, во емпириското истражување се спроведе анкетен прашалник. *Анкетниот прашалник* (Прилог 1) содржи скала на ставови, на кои испитаниците имаат четири избори за одговор и тоа, дефинирани на следниов начин:

Во целост се согласувам

Се согласувам

Делумно се согласувам

Не се согласувам

Анкетниот прашалник е наменет за истражување на институциите и стручните лица кои се најрелеватни и најблиску до темата, односно „Управување со кризи во воспитно-образовниот систем". Односно првиот организиран облик на загрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст - детската градинка, како и стручни лица вработени во Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување како стручни во доменот на управување со кризи и заштита и спасување. Испитани беа и родителите на децата кои ги посетуваат градинките и кои се директно засегнати и вклучени во грижата на своите деца. Нивните одговори ќе не доближат реално да ја согледаме фактичката состојба, проблемите и недостатоците со кои се соочува системот, како и потребни можни идни интервенции и насоки кои би можеле да се спроведат во воспитно-образовниот систем во предучилишното образование.

*Примерокот на испитаници* во истражувањето беше структуриран според работното место на испитаниците во институциите, како и испитаници родители на деца кои посетуваат градинка. Вкупно беа анкетирани 96 испитаници и тоа:

2 - директори на детски градинки и училишта;

43 - воспитувачи, негуватели, стручни работници, стручни соработници;

29 – родители;

22 - стручни лица, вработени во Центар за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување.

За да се оцени каква би била ефикасноста од спроведување на програмата за потребите на трудот се организираше модален експеримент, при што беше спроведено непосредно набљудување како истражувачка техника. Планот на набљудувањето содржи: технички средства за набљудување: фотоапарат и листа за набљудување која е прикажана во прилог 2. Примерокот на експеримент се примени на 2 големи групи (од 4 - 6 години) и (од 5 - 6 години) во детска градинка, според моделирани вежби и симулации според планот на модалниот експеримент.

## 1.6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Научната и општествената оправданост на истражувањето тргнува од самата потреба да се имплементира ефикасен систем кој ќе биде општо корисен. Истражувањето на оваа цел е да се даде научен одговор зошто се потребени и кои се придобивките од истиот.

Општествената оправданост е да се понуди ефикасен образовен модел за самозаштита во воспитно-образовниот процес во предучилишното и основното образование во континуитет. Подготовка која ќе овозможи преку раното учење да го подготви цивилното општество за справување со секаков вид на ризици и кризи, преку ефикасен и ефективен образовен модел за самозаштита на граѓаните.

Научата оправданост на истражувањето се огледа во фактот што ќе придонесе до доаѓање на нови научни сознанија за влијанието и улогата на образованието во самозаштитата и во безбедноста на граѓаните а и целото општество. Добиените научни знаења ќе овозможат воспоставување на нов научен пристап во креирање на нови образовни модели на едукација за самозаштита во образованието.

# ГЛАВА II ПРАВНА РАМКА

## 2.1 НОРМАТИВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА

Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за: згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни, спортско-рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот, и социјалниот развој на детето до шест години живот, односно до вклучување во основното образование.

Заштитата на децата треба да обезбеди услови на ниво кое одговара на нивниот физички, емоционален, ментален, морален и социјален развој. Државата како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување и грижа и заштита на децата. Обезбедување и организирање на установи за развој и служби за заштита на децата.

Во примената на одредбите на законот [18]се тргнува од принципите на заштита на правото на живот и развој на детето. Во смисла на законот заштитата на децата се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици на заштита.

Дејноста во која се врши згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст се остварува во детска градинка. Детската градинка обезбедува престој и исхрана на децата. Згрижување и воспитание на деца се организира и обезбедува во јавни и приватни установи за деца. Може да се остварува и организира и во други установи, но под услови утврдени со овој закон.[19]

Во обезбедувањето на заштитата на детето и неговите права утврдени со закон се вклучени: родителите, семејството, старателите на детето и згрижувачкото семејство, како и од установите за деца, образовните, социјалните, здравствените и културните институции и поединци, државни институции и институции на единиците на локалната самоуправа, организации и други физички и правни лица чии активности се поврзани со давање поддршка и помош на децата.

---

[18] Закон за заштита на децата, Службен весник на Рм бр23 од 14.02.2013 година
[19] Закон за заштита на децата, Службен весник на Рм бр23 од 14.02.2013 година

Поаѓајќи од сето наведено во законот[20] државата за да обезбеди комплетна заштита и безбедност на децата во предучилишна возраст, во рамки на редовните програми за едукација е должна да обезбеди и програми за справување со кризи и кризни ситуации за најранливата категорија на деца, како еден вид на редовно континуирано спроведување на унапредување и усовршување на личноста на детето, како и подготување на децата за знаења и подготвеност за непредвидени ситуации и во наредната возраст.

Државата преку нејзините органи да го иницира и организира процесот, свикувајќи го сите релевантни институции и организации. Да ја спроведат програмата на начин на којшто ќе одговара на возраста на детето, како и на стручноста на лицата вработени во детската градинка. Во јавните детски градинки со цел за унапредување на развојот на личноста на детето, талентот, физичките, креативните и другите способности, задолжително се реализираат програмски активности од областа на културата, издавачката, згрижувачката и воспитната дејност, екологијата, уметноста, здравиот начин на живот, рекреативни и слободни активности и спорт, согласно со програмите. Програмите на овој член ги донесува министерот. Воспитно-образовната работа во детска градинка или центар за ран детски развој, за деца со попреченост се изведува според програма за рано учење и развој за деца со попреченост базирана врз Стандардите за рано учење и развој, која ја изготвува Бирото за развој на образованието, а ја донесува министерот. Основачот на приватна детска градинка може да изготви и своја програма за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, која се одобрува од министерот, по претходно прибавено мислење од Бирото за развој на образованието.

Развојот на дејноста за заштита на децата се утврдува со програма за развој на дејноста за заштита на децата. Програмата ја донесува Владата.

Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца што го сочинуваат сите правни и физички лица на територијата на Република Северна Македонија чија основна дејност е вршење работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

Согласно законот се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум

[20] Закон за заштита на децата , Службен весник на Рм бр23 од 14.02.2013 година.

стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

Нормативната рамка за заштита на децата е важна за да се види кои се појдовни основи во законското уредување и во кој правец може да се насочи и подобри нормативно-правниот дел во воспитно - образовниот процес и системот за управување со кризи. Конкретно внесување на одредби во законот со кои што ќе бидат предвидени законски решенија за вметнување на програми за справување со кризи и кризни ситуации и самозаштита во воспитно-образовниот систем во предучилишните установи.

## 2.2 ПРАВНА РАМКА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КАТАСТРОФИ

Правната регулатива за справување со катастрофи во Република Северна Македонија се одвива на неколку нивоа. Доказ дека од неминовно значење за опстанокот на државата и населението е уставната загарантираност за прогласување вонредна состојба во случај на катастрофа во државни размери. Со членот 125 од Уставот на Република Македонија се дефинира кога настанува вонредна состојба, и тој гласи: Вонредна состојба настанува кога ќе настанат големи природни непогоди или епидемии. Постоењето на вонредна состојба на територијата на Република Македонија или нејзин дел го утврдува Собранието по предлог на Претседателот на Републиката, Владата или најмалку 30 пратеници. Одлуката со која се утврдува постоењето на вонредна состојба се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници и има важност најмногу 30 дена. Ако Собранието не може да се состане, одлука за постоење вонредна состојба донесува Претседателот на Републиката и му ја поднесува на Собранието на потврдување штом тоа ќе е во можност да се состане. (Салиу, et al., Ноември,2011). Од големо значење во овој контекст е да се разгледа и претстави нормативно-правната рамка за справување со катастрофи за да се усогласи и насочи со воспитно-образовната нормативно-правна рамка.

## 2.2.1 Закон за заштита и спасување

Со Законот за заштита и спасување се уредува целокупниот систем за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Северна Македонија.

Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спречување на настанувањето и отстранување на последиците од настанатите природни непогоди и други несреќи и давање помош во мир, вонредна состојба и воена состојба. Заштитата и спасувањето е еден комплексен и поврзан процес, во којшто е потребно меѓусебно координирање меѓу институциите и дејствување, планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција, како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Согласно Законот,[21] заштитата и спасувањето во Републиката се засновува на основни начела и тоа:

- секој има право на заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

- во заштитата и спасувањето од природни непогоди и други несреќи приоритет имаат животот и здравјето на луѓето;

- при настанување природни непогоди и други несреќи,секој е должен да помага во рамките на своите можности;

- Републиката, општините и Градот Скопје, јавните претпријатија, установи и служби и трговските друштва се должни навремено да ги организираат и преземаат превентивните и оперативните мерки за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи;

- секое физичко и правно лице во согласнот со Законот одговара за неспроведување на предвидените мерки за заштита и спасување;

[21] Закон за заштита и спасување, Службен В. на Р.М. бр: 36/2004 од 10.06.2004.

- при ангажирање на силите за заштита и спасување се употребува моделот на постапност, што најпрвин реагираат силите на сопственикот, потоа општините и Градот Скопје, Републиката и меѓународната заедница;

- податоците за опасностите и преземените активности за заштита и спасување од страна на надлежните органи и служби се јавни и мора транспарентно да се објават.

Главната цел е унапредување на системот за заштита и спасување, обезбедување на одржлив развој, ефикасност и реализација на долгорочни стратешки цели. Со тоа би се подигнале на повисоко ниво надлежностите кои ги имаат сите структури во системот за заштита и спасување. Да се работи на подобрување на опремата, техничките средства, инсталации, стандардни оперативни постапки, интензивирање на активностите на републичките сили за заштита и спасување, подобро опремување и обучување на силите за заштита и спасување, учество на силите за заштита и спасување на меѓународни вежби и меѓународни операции за заштита и спасување, организирање на локални, национални и меѓународни вежби, модернизирање на системот за информирање при појава на природни непогоди и несреќи, обезбедување на телекомуникациски, информатички и ГИС системи, обновување на возните паркови и техничката опременост.

Република Северна Македонија е изложена на ризици и појава на катастрофи. Пример: загрозеност од неексплодирани убојни и експлозивни средства, свлечишта и лизгање на земјиштето, епидемии на заразни заболувања, загрозеност на животните, загрозеност на растенијата, загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација, од сообраќајни несреќи, од воени дејствија, техничко-технолошки несреќи, рударски несреќи. За справување со сите овие закани и согласно законот и нормативите, сите институции од јавниот и приватниот сектор партиципираат во системот за заштита и спасување соодветно како што е предвидено. Во рамки на нивните надлежности сите се должни да учествуваат во организирање и спроведување на превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување.

## Поставеност на силите за заштита и спасување

Силите за заштита и спасување во Република Северна Македонија се делат на[22]:

I. Републички сили

II. Просторни сили




I. Републички сили се формираат за дејствување во следните општини: Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Штип и Градот Скопје. Овие сили ги формира Републиката.

II. Просторни сили се формираат за дејствување во подрачјето на општината, а ги формираат единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби.

[22] Закон за заштита и спасување член 93. Графички приказ од презентација на Дирекцијата за заштита и спасување.

За раководење со силите за заштита и спасување во Република Северна Македонија се формирани[23]:

- Главен штаб за заштита и спасување и
- 35 регионални штабови за заштита и спасување во подрачните организациони единици во Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Штип, Кисела Вода, Чаир, Град Скопје, Карпош, Гази Баба и Центар.




---

[23] Одлука за формирање на силите за заштита и спасување што ги формира Републиката – Службен весник на РМ број 51 од 19 .04.2066 година




Тимовите за брз одговор претставуваат основа на републичките сили за заштита и спасување и истите се ангажираат во акции каде е потребно брза интервенција и извршување на сложени задачи и активности. При дирекцијата се формираат тимови за брз одговор од разни видови на специјалности. Видот, бројот, персоналниот и материјалниот состав на тимовите го утврдува со одлука Владата. Тимовите се пополнуваат од вработените во Дирекцијата и стручните лица од органите на државната управа, јавните претпријатија, установи и служби, како и од здруженија на граѓани и граѓани експерти. За ангажирање на лица во тимовите за брз одговор се склучува договор и се исплаќа надоместок согласно Уредба за висината и начинот на остварувањето на надоместокот на граѓаните во извршувањето на правата и должностите во заштитата и спасувањето донесена во 2006 година. За времето на своето ангажирање во тимовите, стручните лица од органите на државната управа, јавните претпријатија, установи и служби, како и од здруженијата на граѓани и граѓани експерти, имаат својство на упатени лица на работа во Дирекцијата. Распоредот на тимовите по подрачните организациони единици го утврдува директорот на Дирекцијата за заштита и спасување согласно решение за распоред на тимовите за брз одговор по подрачните организациони единици за заштита и спасување во Република Северна Македонија. Последното ажурирано решение за распоред на тимовите е донесено на 27.01.2023 година со архивски број 02-250/1. Тимови за брз одговор за заштита и спасување од пожари се формираат во: Берово, Валандово, Битола, Гостивар, Виница, Охрид Куманово и Кисела Вода.


Функционална поставеност на системот за заштита и спасување во Републиката
МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ДРЖАВНИ ОРГАНИ
ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
Влада на Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ГЛАВЕН ШТАБ
РЕПУБЛИЧКИ СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
35 Подрачни одделенија за заштита и спасување (ПОЗС)
ПОДРАЧЕН ШТАБ
ТИМОВИ ЗА БРЗ ОДГОВОР (ТБО)
ГРАДОНАЧАЛНИК
ОПШТИНСКИ ШТАБ
ПРОСТОРНИ СИЛИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ
ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Заштитата и спасувањето на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, кризна, вонредна и воена состојба, се уредени со Законот за заштита и спасување. Системот за заштита и спасување е поврзан процес на фази: превенција, намалување на последиците, подготвеност, одговор и обновување. Сите тие се вклопени во развојните планови и треба да обезбедуваат спроведување постапни мерки за заштита и спасување на локално, национално, регионално и меѓународно ниво.

Намалувањето на ризиците од катастрофи се остварува низ сите фази во системот за заштита и спасување. Одговорот на катастрофите сам за себе не само што не е доволен, туку и дава привремени резулатати и висока цена на чинење. Поголеми резултати се постигнуваат со вложување во останатите фази, а секако најголемата придобивка за целото општество е вложување во превенцијата.

- Превенцијата во системот за заштита и спасување е интегрирана легислативно првенствено како: преку инспекцискиот надзор и контрола, така и преку уредување на просторот, при изградба на објекти и инфраструктура, во проектната документација на објектите и технолошките процеси.
- Намалување на последиците се воспоставува со идентификување и проценување на опасностите на национално и локално ниво, со детално и конкретно разработување на сите промени и нивно ажурирање (согласно со изработента Процена на загрозеност од природни непогоди и други несреќи), мапирање на ризиците и процена на ризиците како и конкретни активности како изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотеците и изградба на системи за одбранбени насипи, снегозаштитни појаси и пошумување, обезбедување противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита и потребна инфраструктура. Во овој домен се користат евалуации и аналитички обработени материјали кои овозможуваат да се корисстат веќе научени лекции, но и согледување и отстранување на пропустите во некои претходни активности.
- Подготвеноста за ефикасен одговор се согледува во планирањето на краток, среден и долг рок на системот за заштита и спасување со нивно буџетирање, преку годишните програми за заштита и спасување на национално и на локално ниво. Изработка и ажурирање на Националниот план за заштита и спасување (согласно со „Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето“) како и планови за заштита и спасување на локално ниво, но и сите субјекти, установи, служби и

трговски друштва кои партиципираат во системот за заштита и спасување. Планирање и обезбедување кадровски ресурси и материјално-технички средства за ефикасна употреба на силите за заштита и спасување, одржување и кондиционирање на истите. Обука за заштита и спасување имплементирана во системот за образование во наставните планови и програми за самозаштита, самопомош и заемна помош, обука на силите за заштита и спасување на национално и локално ниво, како и обука на сите чинители во системот на заштита и спасување.

- Одговорот се остварува со мобилизација на капацитетите во луѓе и опрема и воспоставен начин на раководење и командување преку штабовите за заштита и спасување и Главниот штаб. Начинот на ангажирање се уредува со Законот за заштита и спасување и други подзаконски акти. Оперативните функции на мерките за заштита и спасување се остваруваат низ три фази:
- активности и мерки за заштита во случај на непосредна опасност,
- активности и мерки за време на опасноста и
- активности и мерки кои се спроведуваат за отстранување на последиците.

Обновувањето како фаза е неминовно во целиот овој процес, а веќе започнува во претходната фаза на одговор. Конкретно во активности и мерки кои се спроведуваат за отстранување на последиците, и тоа: процена на штетите и последиците од природни непогоди и други несреќи, асанација, обезбедување и давање помош на загрозено и настрадано население, спроведување хигиенско-епидемиолошки мерки, заштита на животните и растенијата како и производите од нив и организирање и снабдување комунални услуги заради брзо нормализирање на животот. Оваа фаза опфаќа понатаму многу поширок простор за негово целосно реализирање, што значи дека во блиска иднина ќе треба да биде интегриран во план за реконструкција што само по себе значи и мултисекторски пристап кон негово остварување, а ќе се надоврзе и ќе го затвори, но и намали целиот круг на фази, придонесувајќи и во првата фаза превенција. Поради тоа што се погодени сите сектори и целата заедница, мора да се обезбеди ефикасно учество со кое би се обезбедил соодветен одговор и закрепнување. Сè со цел да се зачуваат клучните ресурси. Мора да се работи на рано предупредување, соодветно планирање на ризиците, бидејќи тоа е клучот за заштита од катастрофи и заштита од поголеми штети од нив а секако закрепнувањето на заедницата по катастрофата. Што темелно е заклучок дека фазата на превенција треба да е на

високо ниво, бидејќи од неа зависат одвивањето на понатамошните фактори.[24] Бидејќи главната цел на системот за заштита и спасување е унапредување, одржување, ефикасност и реализација на долгорочен план, во овој дел сакам да нагласам дека е од огромно значење колку повеќе се вклучи воспитно-образовниот систем во системот за заштита и спасување, дотолку би се постигнало повисоко ниво на безбедност за целото општество. Бидејќи самозаштитата е законски дел од Законот за заштита и спасување и цивилната заштита и е неопходна мерка со која би се превенирале или ублажиле последиците од ризици и кризи, итно и неопходно е во делот на системот за заштита и спасување сè повеќе да се вложува во мерки и активности во самозаштитата во образованието.

[24] Дирекција за заштита и спасување, ноември 2011, Заштитата и спасувањето во Република Македонија, Скопје.

### 2.2.2 Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции

Бидејќи предмет на истражување на овој труд претставува воспитно – образовниот процес ќе ја објасниме содржината на правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции.

Имено, Министерот за образование и наука и директорот на Дирекција и спасување донесуваат Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции со кои нормативно - правно се уредува таа проблематика. Објавен е во ("Службен весник на РМ " број 48/2006 ), а донесен е врз основа на член 119 став 1 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ " број 36/04 и 49/04). Согласно наведеното во правилникот, наше видување е дека не е доволно како основ од кој треба да почне учењето за самозаштита во образовните институции. Мислиме дека треба многу повеќе да се прошири, да се направи истражување и проценка, соработка со сите релевантни институции и потоа да се донесе нов правилник со поголем осврт на едукација за самозаштита во сите образовни институции почнувајќи од најмалите. И сето тоа поблиску и со конкретни насоки и упатувања да се уреди во едно законско решение.

Во наставниот процес се обработуваат наставни теми за обучување за самозаштита во услови на земјотреси, пожари и експлозии, опасни материи, епидемии и заразни болести кај животни растенија, снежни намети, лавини и бури, поплави, поројни дождови и лизгање на земјиштето атмосферски непогоди, сообраќајни непогоди, сообраќајни несреќи, несреќи во рудници, експлозии од течен нафтен гас и природен гас. Секоја наставна тема да ги обработи следните содржини и активности:

- Општите поими
- Причините за појава
- Основните карактеристики
- Последиците од нивното настанување
- Мерки за заштита и спасување: превентивни и оперативни мерки (пред настанување, за време на настанувањето и после настанување на опасноста)
- Средства и опрема која се користи за заштита и спасување
- Вежбање на постапки на превентивните и оперативните мерки за лична и колективна заштита при појава на опасностите од член 2 на овој правилник.

Во основното образование наставните теми за обучување за самозаштита според Правилникот [25] се предвидува да се реализираат:

- Со интегрирање во наставната програма од наставните предмети: природа и општество, географија, биологија, хемија, техничко образование и здравствено и физичко образование
- Во слободните активности
- Со планирање и одредување на ден за вежбање за заштита и спасување во годишната Програма на училиштето
- Во ученичките натпревари

Содржините и активностите на секоја наставна тема за обучување за самозаштита што се обработува во наставната Програма се определени според возраста на учениците и тоа:

- Во подготвително одделение
- Во прво до четврто одделение
- Во петто и шесто одделение
- Во седмо и осмо одделение

Вкупниот број на наставни часови на кои треба да се обработуваат содржини и активности од наставните теми за обучување за самозаштита во наставната програма е:

- Од подготвително до четврто одделение: од 8 до 12 часа
- Од петто до осмо одделение: од 12 до 20 часа

Во средното образование наставните теми за обучување за самозаштита треба да се реализира во прва и втора година и тоа:

- Како задолжителна изборна активност со 35 часа
- Со планирање и одредување на ден на вежбање за заштита и спасување во годишната програма на училиштето
- Во ученичките натпревари

Наставните теми за обучување за самозаштита да се обработуваат преку теоретски дел и со вежбање (вежбовни активности).

Во основното образование содржините и активностите од наставните теми за обучување за самозаштита ги реализираат наставниците по соодветниот предмет каде

[25] Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции, Сл.весник на РМ бр. 36/04 и 49/04, член 2 и 3.

тие ќе бидат обработувани. Во средното образование содржините и активностите од наставните теми за обучување за самозаштита ги реализираат соодветните наставници од училиштето каде тие се обработуваат.

Правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции е важно за овој труд во смисла на кој начин е уредено прашањето за содржината на обучување на самозаштитата во воспитно-образовниот систем. Правилникот треба одново да се разгледа, измени и дополни, бидејќи неговата сегашна содржина и застапеност во воспитно-образовниот процес е недоволна. Потребно е негово надградување и унапредување, и во однос на поголемите потреби и вниманието кое што е повеќе потребно, но и поради прилагодување со новите текови, ризици и кризи и измени во плановите и платформите за заштита и спасување.

### 2.2.3 Закон за управување со кризи

Со Законот за управување со кризи[26] се уредува системот за управување со кризи во Република Северна Македонија, односно како системот функционира, координацијата помеѓу институциите, ресурсите итн. Идејата за организирање на системот за управување со кризи е превенција, рано предупредување, и спречување на кризи кои претставуваат ризик за добрата, луѓето, животните, а се настанати од природни непогоди, ризици и опасности и за кои не постојат услови за прогласување на воена и вонредна состојба.

Сериозноста на ризикот треба да биде од таква природа на зафатеност на подрачјето или добрата, здравјето и животите на луѓето и животните или опасност по безбедноста на Републиката или на дел од неа, но за која не постојат услови за прогласување на воена или вонредна состојба. Заради превземање на разни мерки и активности за превенција и рано предупредување, како и справување со веќе појавени ризици, опасности, кризи, кризни состојби, несреќи, катастрофи,сите ученици во системот за управување со кризи во согласност со законите, подзаконските акти и правилници се должни да обезбедат меѓусебна координација, комуникација, соработка, прибирање и споделување на информации за ризиците и опасностите кои можат да ја загрозат безбедноста на Републиката. Сите учесници во системот за управување со кризи се должни континуирано да комуницираат, координираат на начин којшто е утвредн со

[26] Закон за управување со кризи ,Службен весник на Република Македонија бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 215/21.

овој закон и своите активности да ги координираат со Центарот за управување со кризи. Преку Уредба Владата ги утврдува оперативните постапки на чинителите за меѓусебната комуникација, координација, соработка и постапување на субјектите во системот за управување со кризи. Заради реализирање на активностите Центарот за управување со кризи организира ГИС-Географски информационен систем. Заради рано предупредување, следење на состојбата и навремено информирање, идентификување на појавите и процесите кои можат да доведат до кризна состојба и заради известување на населението преку Центарот за управување со кризи, се организира известување и тревожење. Тревожењето на населението го врши Центарот за управување со кризи. Знаците за тревожење се единствени. Заради континуирано и ефикасно извршување на работите Центарот за управување со кризи воспоставува единствен комуникациски-информативен систем со единствен број на повик-во случај на ризици,опасности и други несреќи на целата територија на Републиката 112. Системот работи 24 часа секој ден во неделата. Владата со уредба ги има пропишано организацијата, функционирањето на единствениот комуникациско-информативен систен со единствен број на повик-јавување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката 112. Заради брз, ефикасен, и целосен одговор при повикување на 112, а со цел за заштита на суштинските интереси на пријавителот, заради итно давање на помош или реакција во врска со пријавената опасност, согласно прописите за заштита на податоците, се обработуваат личните податоци на физичките лица кои се јавиле во центарот на 112 и снимање на разговорот на итниот повик. Центарот е должен да обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци. Овој закон е донесен заради опишување на процесот на постапување во системот за управување со кризи на сите чинители и почнува да се применува на 1 јуни 2005 година

# ГЛАВА III ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ И ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА

## 3.1 Национална платформа за намалување на ризици од катастрофи

Националната платформа за намалување на ризиците од катастрофи е документ кој е креиран за на системски начин да ги поттикне сите чинители на системот за управување со кризи, заштита и спасување, да дејствуваат на многу поорганизиран и ефективен начин за рано предупредување, превенција, намалување и санирање на последиците од можни катастрофи. Од една можна катастрофа не дели секунда којашто е пресудна за човечки животи и штети од големи размери. Поради тоа е неопходен организиран и систематски пристап и воспоставување на стандарди за превенција и дејствување во услови на кризи и катастрофи.

Република Северна Македонија е изложена на елементарни и друг вид на катастрофи, посебно како резултат на климатските промени, трусно подрачје, нерегулирани речни корита, ерозијата поради неконтролирано уништување на шумскиот фонд, изложеност на пожари, несоодветен третман на отпадот, недостатоците во градежништвото, неотпорноста на објекти на надворешни влијанија, закани од тероризам, прилив на мигранти, слаби заштитни системи од напад на биолошко оружје, интернет закани итн. Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи се заснова на обврски кои произлегуваат од Уставот на Република Северна Македонија, Националната концепција за безбедност и одбрана, Националната стратегија за заштита и спасување, Законот за управување со кризи, Законот за заштита и спасување, Законот за полиција, Законот за одбрана, Методологијата за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирањето на заштитата и спасувањето и други анализи, проценки, научни трудови итн.

Во законите се дефинирани и конкретни обврски на државните институции, јавните претпријатија, компаниите, граѓаните и другите субјекти на системот за кризи, посебно на Претседателот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за

внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за здравство, Армијата на Република Северна Македонија и другите субјекти на системот за кризи.

Механизмот на државата за кординација и насочување во намалување на ризици и катастрофи е мултисекторски и ги вклучува сите релевантни субјети на системот за управување со кризи и нивната меѓузависност и кординација е пресудна за успешно решавање на процесот.

Оваа платформа е четврто ревидирано издание во која и натаму се актуелни многу оценки, приоритети и насоки од претходните, но клучно е што во истата покрај обврските од Хјого и Европскиот форум, се вградуваат и суштинските определби од Рамката за намалување на ризиците од катастрофи од Сендаи, донесена од ООН во 2015 година, Договорот од Париз за климатските промени и други документи.

Приоритет се дава на градење на капацитети, регионална и меѓународна соработка, подобрување на цивилната заштита, експертиза, градење на систем за превенција и заштита, ефективост и ефикасност..

**Рамка за акција од Сендаи 2015 – 2030 г.**

Приоритет 1: Разбирање на ризикот од катастрофи

Управувањето со ризиците од катастрофи треба да се заснова на разбирање на ризикот од катастрофи во сите нејзини димензии на ранливост, капацитет, изложеност на лица и средства, ранливи категории, карактеристики на опасноста и животната средина. Обуки на цивилното население со што поблиску би се запознале стручно и практично со ризиците од кризи и катастрофи а со тоа би дале и поефективен и ефикасен одговор. Таквото знаење може да се искористи за проценка на ризикот, спречување, ублажување, подготвеност и одговор.

Приоритет 2: Зајакнување на управувањето со ризикот од катастрофи

Управувањето со ризиците од катастрофи на национално, регионално и глобално ниво е многу важно за превенција, ублажување, подготвеност, одговор, обновување и рехабилитација. Ја поттикнува соработката и партнерството. Соработката на национално ниво, земање примери од соседството и регионално од други земји може да помогне во градење на стратегии за зајакнување на процесот.

Приоритет 3: Инвестирање во намалување на ризикот од катастрофи и градење на отпорност

Јавните и приватните инвестиции во спречувањето и намалувањето на ризиците од катастрофи преку структурни и неструктурни мерки се од суштинско значење за подобрување на економската, социјалната, здравствената и културната издржливост на лицата, заедниците, земјите и нивните средства, како и животната средина. Треба да се се земе што поголемо учество од институциите, јавниот сектор, приватниот како и цивилното население односно сите чинители во општеството придонесуваат за што поголема организираност и одговор, односно инвестирање. Мора на национално ниво да се осмислат програми за сите возрасти каде што соодветно би ги упатиле и што повеќе би ги запознале со ризиците и катастрофите и соодветно на тоа да ги подготват за можни сценарија.

Приоритет 4: Подобрување на подготвеноста за катастрофи и ефективен одговор во обновување, рехабилитација и реконструкција

Растот на ризикот од катастрофи значи дека постои потреба да се зајакне подготвеноста за одговор при катастрофи, да се преземе акција во пресрет на настаните и да се обезбедат капацитети за ефективен одговор и закрепнување на сите нивоа. Фазата на опоравување, рехабилитација и реконструкција е критична за да се изгради на подобро преку интегрирање на мерки за намалувањето на ризиците од катастрофи во развојни мрежи. Последниот процес т.е обнова после кризата или катастрофа е клучен за едно општество да успее да подготви механизми и процес за нормализирање на состојбата. Тука се вклучени многу фактори кои допридонесуваат за тоа во каква состојба е општеството, вклучени се социјални, психолошки, општествени фактори итн.

**Европски форум**

Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи е регионален форум за размена на знаења, експертизи, искуства и информации, со цел да се обезбеди координиран пристап кон заканите од различна природа, каде се дефинираат стандардизирани постапки и механизми и истите се обврзувачки за националните власти. Европскиот форум има за цел да обезбеди континуирани активности за намалување на ризикот од катастрофи и да спречи појава на нови ризици, да им даде поддршка на националните точки за контакт и да поттикне национална координација, кохерентност и засилено следење на напредокот, да ја зголеми свеста за намалување на ризиците од катастрофи како составен дел на одржливиот равој, да обезбеди приспособување кон климатските промени преку унапредување на животната средина, намалување на загадувањето на градовите и сл., да поттикне инвестиции во превенција од ризици, да се зајакне посветеноста на сите чинители и од јавниот и од приватниот сектор, да се развијат механизми за информирање на граѓаните како да постапуваат при

определени закани и сл. Република Северна Македонија е член на овој форум од 2009 година, а во истиот се вклучени 46 европски земји.

**НАТО**

Со ратификацијата на протоколот за пристапување на Република Северна Македонија во Северноатлантскиот сојуз, нашата држава добива пристап и до Евроатлантскиот координативен центар за одговор при катастрофи (EADRCC), кој е главниот цивилен механизам за одговор на НАТО во евроатлантската област. Тој е активен во текот на целата година, оперативен 24/7. Центарот функционира како систем за координирање на барањата за помош од државите членки и одговор од структурите на НАТО за помош, главно во случај на природни и вештачки креирани катастрофи.

**ЕУ**

Европската комисија има клучна улога во промовирањето на намалувањето на ризикот и превентивните акции. Во 2016 година, Европската комисија се согласи со Акцискиот план за спроведување на Рамката за акција од Сендаи, поддржувајќи го пристапот за информирање за ризиците од катастрофи во сите политики на ЕУ. ЕУ се фокусира на ранливоста, а не само на опасностите. ЕУ се стреми кон поширок пристап за ублажување на ризикот.

Во текот на изминатите години, управувањето со ризикот е систематски интегриран во програмите и проектите на ЕУ за хуманитарна помош во сите сектори. Во 2017 година, 65 отсто од сите хуманитарни проекти финансирани од ЕУ вклучуваа компонента за подготвеност при катастрофи.

ЕУ доделува дел од својот годишен хуманитарен буџет (50 милиони евра во 2018 година) за целни проекти кои се однесуваат на подготвеност за катастрофи, фокусирајќи се на приоритетот 4 од Сендаи (подобрување на подготвеноста за катастрофи и ефективен одговор со примена на приод со повеќе опасности). Ова финансирање ја зајакнува способноста на националните и локалните системи за подготвеност да одговорат порано и подобро.

ЕУ инвестира и во системи за рано предупредување, во следење и градење на национални и локални капацитети за одговор. ЕУ ги поддржува партнерите во развојот на ефективни методи за ублажување на ризикот и собирање на докази за да се оправда подготвеноста за рано делување.

Секоја стратегија за подготвеност за катастрофи и распределба на средства вклучуваат дефинирана излезна стратегија, каде што локалните капацитети се сметаат за соодветни или каде локалните власти или развојните партнери можат да ги преземат.

Покрај тоа, ЕУ ги ангажира и поддржува локалните и националните владини структури во сите земји ширум светот преку механизмот за цивилна заштита на ЕУ, особено во областите на превенција и подготвеност.

Иницијативата за волонтерска помош на ЕУ, која им нуди можности на европските граѓани да се вклучат во проекти за хуманитарна помош, има за цел да го зајакне капацитетот и издржливоста на ранливите заедници во земјите што не се членки на ЕУ, преку спроведување на заеднички акции меѓу искусни хуманитарни оператори и локални организации.

Катастрофите поврзани со временските услови може да се должат на ефектите од климатските промени, тренд кој ќе се зголеми во иднина, со што ублажувањето на ризиците од катастрофи ќе биде клучен фактор за успешна имплементација на развојните стратегии.

Во јуни 2013 година од страна на институциите на Европската Унија ( Европскиот парламент на предлог на Европската комисија ) беше усвоен Акциски план за земјите со потешкотии при справување со кризи 2013-2020 г., во кој се дадени предлози за напредок во спроведувањето на принципите и приоритетите наведени во Комуникацијата и Заклучоците на Советот. Тој ги поставува темелите за поефикасна соработка во ЕУ за градење на издржливост, со што се здружуваат хуманитарните активности, долгорочната развојна соработка и тековниот политички ангажман.

**Цели на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи**

Основни цели на Платформата се превенција, пред сè преку намалување на ризиците од катастрофи, рано предупредување, дејствување во услови на катастрофа, намалување на последиците од катастрофи и дејствување после катастрофи.

**Превенција**

Државата би придонела за намалување на материјалните штети и човечките жртви од катастрофите само ако активностите кои ги преземаат државните и локалните институции се насочени кон успешно менаџирање на ризиците од катастрофи пред да настанат, наместо да се менаџираат катастрофите откако ќе се случат. Поради тоа, акцентот треба да се стави на превенцијата на нови ризици и намалување на постоечките и примарната одговорност на сите институции да биде во таа насока, превенција од

природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човечки фактор и сите други фактори.

Се препорачува информациите за ризиците од катастрофи, превенцијата и ублажувањето, подготвеноста, одговорот и рехабилтацијата да бидат вметнати во сите форми на формално и неформално образование на сите нивоа, како и во стручното образование и тренинг. Владата која ја има клучната, водечката и координативната улога во процесот, треба да ги вклучи сите засегнати страни: жени, деца, лицата со посебни потреби, лицата од пониските социјални слоеви и постарите граѓани во креирањето и имплементацијата на политиките, стратегиите и акциските планови. Тука треба да се вклучат и јавниот и приватниот сектор, граѓанските организации, академските, научни и истражувачки институции, а и бизнис секторот за да ја интегрира превенцијата од катастрофи во Пилот проекти за да се оценат ефектите пред и потоа. Подигање на јавната свест и едукација на населението за превенција и справување, луѓето многу малку се свесни и запознаени како поединечно влијаат, а и доколку дојде до опасност не се подготвени да реагираат. Системот може да е подготвен на високо ниво, но ако населението не е подготвено да се справи штетите ќе бидат големи. Поголема вклученост на институциите во субвенционирање на нееколошки со еколошки заменливи средства и извори. Поголема вклученост на граѓанските организации во одлучувањето и повеќе иновативни проекти. Поголем осврт на подигнување на јавната свест за загадувањето преку проекти, настани, вклученост на граѓански организации.

Република Северна Македонија како членка на Обединетите нации има одговорност да ги спречи, превенира и намали ризиците од катастрофи и преку меѓународна, регионална, прекугранична и билатерална соработка. Намалувањето на ризиците е заедничка обврска и грижа на сите земји членки на ООН и затоа е неопходно тие да соработуваат, од каде произлегуваат и обврските и препораките на Република Северна Македонија.

**Рано предупредување**

Преку изградба на развиен и функционален систем за рано предупредување, можностите за намалување на последиците од катастрофи се огромни.

Во таа насока, преку рано предупредување можно е да се превенира и да се намалат ризиците и последиците од катастрофи при поплави, пожари, ветрови, снежни наноси, ниски температури, загадување на воздухот и сл., што е клучно за да се избегнат човечки жртви и да се намалат економските штети. Во овој правец треба преку законски

решенија сите субјекти да имаат законска обврска да развијат систем за детектирање на можни катастрофи и начин на информирање на државните институции и граѓаните.

Преку интегриран систем за управување со водите, навремено откривање на пожарите, детектирање на загадувачите на воздух, регулирање на речните корита, расчистување на каналската мрежа и слично, во голема мера можат да се намалат последиците од ваков и сличен вид на елементарни непогоди. Изградба на механизам (иновативни решенија) за полесна комуникација со населението.

Од 11 февруари 2022 година е пуштен во употреба единствениот број за итни случаи 112. Откако се повикува бројот, повикот се пренасочува преку системот за тој за којшто е наменет. Европскиот број за итни повици беше воспоставен со измените на Законот за управување со кризи. Со ова се обезбеди навремено информирање на граѓаните и надлежните институции за можни катастрофи и активирање на системот за кризи. Брзото информирање и мобилизација на субјектите на системот за кризи се клучни за ефикасно и ефективно дејствување, превенирање и намалување на последиците од катастрофи.

За подобра комуникација и информирање на граѓаните потребно е да се воведат и други иновативни решенија. Решенија кои веќе се применуваат во некои земји на ЕУ. Во оваа насока еден од ефикасните системи за алармирање е и Alert Macedonia и сл.

**Одговор за време на кризи**

Одговорот за време на кризи, преземање на соодветни мерки, ресурси и активности во пресрет на, за време и веднаш по кризите (катастрофите). Одговорот мора да биде во таа мера и да осигура дека ефектите се минимизирани и дека лицата засегнати од настанот добиле помош и поддршка, заштита на имотот, животните, како и закрепнување и обновување по кризата. Од пресудно значење е кои механизми, ресурси, активности најмногу одговараат и ќе се користат за да најефективни и ефикасно се одговори на кризите и катастрофите.

Како приоритетни цели се:

- обезбедување информации од и до јавноста;
- заштита на човечкиот живот;
- ограничување на ескалацијата или ширењето и ублажување на влијанијата на катастрофите;
- заштита на здравјето на населението;

- заштита на животната средина;
- заштита на имотот;
- одржување на нормални услуги на соодветно ниво (безбедност, снабдување со вода, храна, лекови и сл.);
- промовирање и олеснување на самопомошта во загрозените средини;
- олеснување на закрепнувањето на населението (вклучувајќи ги и хуманитарната помош, економските, инфраструктурните и влијанијата врз животната средина).
- посебен акцент на ранливи категории.

Сите релевантни субјекти неопходно е да ги преземат законските обврски и да подготвуваат планови за дејствување во услови на катастрофа, односно криза со потенцијални последици. Плановите треба континуирано да се обновуваат, надополнуваат и усовршуваат согласно сите промени кои следат на секое ниво на општествен развој и навремено да се ревидираат.

**Санирање на последиците од кризи**

Потребата за закрепнување е врвен приоритет после настанати катастрофи и кризи, односно природни и неприродни катастрофи, како што се земјотреси, поплави, пожари, итн. Обновата е сложен и долг процес, при што пристапот е различен во такви случаи и зависи од видот и степенот на загрозеноста и последиците од кризата, зафатеноста.

Елементот за обновување како дел од сеопфатниот пристап кон управувањето со катастрофи во спречување, подготвеност, одговор и обновување може да биде најкомплициран и најдолготраен, бидејќи покрај другото, зависи од материјалните и другите ресурси (кадровски, функционален, координирање и сл.).

Најдобри резултати се постигнуваат преку обезбедување на стратегии за обновување и усогласеност на можностите со потребите и ресурсите, како одговор на сите загрозени чинители и последици.

Како поголема вклученост од битен субјект мислам дека е потребно поголема ангажираност, будност и контрола на локалната самоуправа - со законско регулирање.

Преку Националната платформа се иницираат и поттикнуват сериозни реформи, при што се користат споредбени искуства и научни согледувања, експертска помош од Европската Унија, како и приоритети од Рамката за акција од Сендаи и други меѓународни документи.

Основни приоритети се:

- изградба на ефикасен и функционален систем за превенција и рано предупредување од можни катастрофи и обединување на целокупниот систем и субјектите за справување со кризи.

- дефинирање на заканите од катастрофи, посебно последиците од климатските промени, загадувањето на воздухот, заканите од тероризам, дејствување во услови на мигрантска криза и друго.

- изградба на капацитети за одржлив развој и јакнење на отпорноста од катастрофи на државните институции, јавниот и приватниот сектор, но пред сè зголемување на отпорноста на граѓаните на можни катастрофи.

Имплементацијата на Националната платформа е обврска на сите субјекти сè со цел да се намалат ризиците од катастрофи, да се овозможи одржлив и стабилен развој на сите нивоа, и преку системски и конкретни активности да јакне превенцијата, но и активитетот на граѓаните, организациите и државата за справување со катастрофи и друг вид на кризи.

Платформата го поттикнува планирањето, лидерството, менаџментот, мониторингот и евалуацијата на сите активности и мерки кои се преземаат за намалување на ризците од катастрофи, како и изградба на кохерентноста и подобра координација и комуникација помеѓу субјектите одговорни за намалување на ризиците од катастрофи, одржливиот развој и еколошките аспекти.

Јакнење на отпорноста на општеството од катастрофи е круцијално прашање на кое мора да работат сите субјекти на системот за кризи. (Влада на Република Северна Македонија - Центар за управување со кризи, 2019). Една од важните цели на Националната платформа е превенцијата. Државата е одговорна да ја подигне превенцијата на високо ниво и да ги организира сите структури и институции во таа насока.Тоа значи дека од огромно значење е колку повеќе се вметне превенцијата во формалното образование и континуирано се организира системот во таа насока, подготвеноста на општеството за ризици и кризи ќе биде сè поголема.

## 3.2 Национален план за заштита и спасување од природни незгоди и други несреќи

Планирање на претпоставени несреќи и катастрофи кои би можеле да се случат на одредено подрачје е битно решение соодветно на влошувањето на ситуацијата, и е од национално значење.

Изработување на национален план за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи, како и плановите за сите должни субјекти се законска обврска и се изработуваат по „Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето“, „Уредба за начинот на ракувањето и употребата на планот за заштита и спасување и „Содржина, ракување и употреба на плановите за заштита и спасување на единиците на локалната самоуправа, трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби“ [27].

Планот треба да ги содржи сите чинители кои се вклучени во системот за заштита и спасување. Планирањето на големи катастрофи само по себе бара планирање на основни битни решенија и е неопходно вклучување на заедницата и нацијата, а може да имаат и меѓународна рефлексија. Сето тоа бара посебен труд, инвестиции и планирање на сите нивоа во општествената заедница. Планот треба континуирано да се развива, надградува, и менува сѐ со цел да се создаде поефикасен и поефективен одговор и закрепнување на заедницата при катастрофа од поголеми размери.

Меѓу другото, Планот мора да содржи:

- Цел,
- Улоги и одговорности на авторитети,
- Критична инфраструктура,
- Активности во планирање, подготвеност, одговор и закрепнување при катастрофи (природни непогоди и други несреќи),
- Партнерство и транспарентност,
- Претпоставено најцрно можно сценарио,
- Јавно информирање и медиуми,

[27] Дирекција за заштита и спасување, ноември 2011, Заштитата и спасувањето во Република Македонија, Скопје.

- Надградување и употреба на веќе научени лекции [28].

Сето тоа е со цел за да се оствари координација, комуникација и соработка на сите чинители во сценариото.

Катастрофата ги погодува сите сегменти и сектори во државата и сите би биле засегнати. Односно, здравствениот, транспортниот систем, работните места, училиштата, образованието, јавната безбедност. Тоа бара висока координација на национално, локално, како колективно, така и индивидуално.

Според статистички податоци се установени следниве значајни карктеристики на катастрофите:

- До несреќите најчесто доаѓа, ноќе ненадејно и во серии,
- Несреќите се непредвидливи,
- Многу специфичности во однос на последиците на луѓето и животната средина,
- Санирањето често е отежнато и бара долгогочно планирање,
- Обезбедувањето несреќи бара низа комплексни мерки.

Заштитата и спасувањето има посебно важна улога во општеството и претставува мерка на неговата социоекономска развиеност и благосостојба. Заштитата и спасувањето како систем мора во чекор да ги следи промените во општествениот систем и да врши соодветни промени.

[28] Дирекција за заштита и спасување, ноември 2011, Заштитата и спасувањето во Република Македонија, Скопје

## 3.3 Систем за управување со кризи

Етимолошки гледано, зборот криза потекнува од грчкиот јазик. Во старогрчкиот јазик зборот криза значи „ пресуда “ или „ одлука “, т.е. пресудниот момент кој одлучува во понатамошниот позитивен или негативен развој на некои работи и ситуации.

Во суштина криза е кога треба да се одлучиш, но се уште не е одлучено. [29]

Како е поставен еден систем во државата за справување со кризи од него ќе зависи одбранбениот механизам на кое ниво ќе биде развиен.

Карактеристики на криза се:

- Закана - Кризата настанува кога клучните вредности сигурноста, безбедноста, здравјето, интегритетот, правдата, богатството, итн. и/или опстанокот на заедницата имаат сериозна закана. Своевремено се појавуваат најразличен тип на нови кризи и закани во современиот свет и постојано методите за нивно справување треба да се усовршуваат.

- Итност - Сериозната закана ако не предизвика моментални и актуелни проблеми, не ни произведува ни чувство на криза. Кризата е тест за менаџерските способности, бидејќи во услови на неподготвеност и привидна неочекуваност, од менаџерот се бараат уште побрзи донесувања на одлука, отколу претходно, што претставува високострессна ситуација. Итноста на ситуацијата бара да се донесе најдобрата одлука за справување со моментално расположливте ресурси.

- Несигурност - перцепцијата за криза е придружена со висок степен на неизвесност во врска со природата и потенцијалните последици од закани. Што е најважно оваа несигурност ја отежнува потрагата за решение. Во оваа смисла неизвесноста го отежнува и процесот и одлуките коишто зависат од променливоста на условите и ситацијата.

Степенот на подготвеност на кризата во организацијата може да се квалификува на пет нивоа каде што првото ниво е со најмала подготвеност, а последното со добра подготвеност.

1. Прв степен-склон на кризи
2. Втор степен – аверзија од криза
3. Трет степен- приспособен на криза
4. Четврти степен- подобрен во криза
5. Петти степен- подготвен за криза

Вонредната ситуација или криза ја одредуват неколку фактори:

---

[29] Ѓуровски, Основи на безбедност, Скопје, 2021

- Долготрајна оневозможеност, или неспособност да се обезбедат услугите или користењето на објектите за критична инфаструктура, односно степенот на загрозеноста
- Губењето надзор над објектите или процесите во критичната инфраструктура
- Премин на рутинските процеси во вонредно дејствување
- Потреба од координирани потполно усогласени активности на повеќе нивоа или субјекти
- Значителна употреба на надворешни сили или дополнителни извори на сили и средства
- Голем број жртви со енормно зголемена потреба на медицинско згрижување и смртни случаи
- Потреба за масовно преместување на поголем број на население на одредено место
- Значајни штети и загуба на имот
- Деструктивни последици на околината со долготрајни ефекти
- Големи финансиски загуби
- Радикални промени во вообичаениот начин на живот на заедницата и поголем број на поединци.

Човекот како свесно битие во своето постоење мора да планира, и да проценува во иднината како би се справувал со сите искушенија кои би можеле да се случат.
Во кризното справување, планирањето претставува свесно насочување на процесот или развојот на некој субјект во склад со поставените задачи и цели, водејќи сметка за остварувањето на основната задача која се однесува на заштитата на човечките животи и здравје, нивниот имот, околината и вообичаениот начин на живеење.

Според Гоцевски организациската поставеност на кризниот менаџмент решава:

1. Систем за рано предупредување преку координација на безбедносната зедница
2. Механизми за брза и ефикасна превенција и справување и елиминирање на кризна сосотојба
3. Рационална и ефикасна употреба на ресурсите и
4. Градење на стратегиска култура и меѓусебна доверба меѓу заедниците во мултиетничко општество.

Особено важни се решенијата за правилна употреба на ресурсите со кои располага земјата како и односите во тој процес на релација:

1. Претседател на Републиката – Влада - Центар за управување со кризи
2. Претседател на Републиката - Парламент-Центар за управување со кризи
3. Парламент-Парламентарни тела - Влада - Ресорни органи

Заемното координирање на институциите и ресурсите се од клучен фактор во справувањето со кризата и последиците од неа.

Законот за управување со кризи (Службен весник на РМ бр.290/05) претставува основа за уредување на системот за управување со кризи во Република Северна Македонија и тоа: неговата организација и функционирање, одлучување и употреба на ресурсите, комуникација, координација и соработка, процена на загрозеноста на безбедноста на Републиката, планирање и финансирање, како и други прашања од областа на кризниот менаџмент.

Основна карактеристика на овој закон е тоа што со него се воведува можноста за прогласување на „ кризна состојба" во државата или на одредена нејзина територија. Уставот, како најависок правен акт во државата, поимот кризна состојба со овој Закон го определува со следново значење: Кризна состојба е состојба предизвикана од ризици и опасности кои можат да ги загрозат добрата, здравјето и животот на луѓето и животните и безбедноста на Републиката, за чија превенција и/или справување е потребна употреба на поголем број на ресурси.

Друга битна карактеристика на овој закон е тоа што целосните негови механизми се во надлежност на Владата и владините тела кои со истиот се формираат. Ова значи дека Владата има законска можност да прогласи кризна состојба доколку ризиците и опасностите се од таков карактер што директно го загрозуваат уставниот поредок и безбедноста на Република Северна Македонија или дел од неа за кои не постојат услови за прогласување на воена или вонредна состојба. Врз основа на Законот за управување со кризи Владата донесува одлука за постоење на кризна состојба, го определува подрачјето зафатено со кризна состојба и соодветно на тоа ги активира механизмите за разрешување на кризната состојба. За донесената одлука веднаш ги известува Собранието и Претседателот на Република Северна Македонија. Владата за активностите поврзани со одлуката,во рок од 48 часа усно, а еднаш неделно писмено ги известува Собранието и Претседателот, додека најдоцна за 30 дена по завршувањето на активностите утврдени со одлуката за прогласување кризна состојба изготвува и доставува писмен извештај до Собранието и Претседателот. Одлуката за постоење на кризна состојба не може да трае подолго од 30 дена. Владата треба да побара одобрување од Собранието за продолжување на рокот или да предложи прогласување на воена или вонредна состојба.

Заради непречено функционирање на системот за управување со кризи во Република Северна Македонија потребно е предлагање одлуки и обезбедување на постојани консултации, координација, навремена реакција, ефикасност и соодветно искористување на расположливите ресурси во случај на кризна состојба, како и

обезбедување навремена, квалитетна, и реална процена на загрозеноста на Републиката во системот за управување со кризи. Согласно Законот за управување со кризи се формираат следните органи и тела: Управувачки комитет, Група за процена, Центар за управување со кризи, Регионални центри за управување со кризи, Главен штаб и Регионални штабови. Центарот за управување со кризи, како и Управувачкиот комитетот и Групата за процена, се формирани заради предлагање одлуки и обезбедување постојани консултации, координација, навремена реакција, ефикасност и соодветно искористување на ресурсите што се на располагање во случај на кризна состојба, а и за обезбедување навремена, квалитетна и реална процена на загрозеноста на безбедноста на Република Северна Македонија од ризици и опасности.

Управувачкиот комитет е највисоко тело на владата на кое законот му ја доверува координацијата и управувањето со системот за управување со кризи. Него го сочинуваат миистрите и министерствата за: внатрешни работи, здравство,транспорт и врски, одбрана, надворешни работи и раководителот на групата за процена. Во работата на управувачкиот комитет, законодавецот предвидел и учество на претставник на собраниската комисија за одбрана и безбедност и претставник на претседателот на државата. Во согласност со член 15 од законот, предлог за утврдување на кризна состојба до управувачкиот комитет може да поднесе функционер кој раководи со некој орган на државната управа, член на управувачкиот комитет, раководителот на групата за процена и директорот на центарот за управување со кризи. Управувачкиот комитет го разгледува предлогот и предлага до Владата утврдување на постоење на услови за проглсување на кризна состојба и подрачје кое е зафатено со кризна состојба. Соодветно на тоа дава предлог за активирање на механизми за нејзино разрешување во согласност со законот за управување со кризи. Со управувачкиот комитет раководи лице од неговиот состав, кое го назначува владата.

*Групата за процена е исто така тело на Владата*

Група за процена е исто така тело на Владата кое врши постојано проценување на ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката и предлага мерки и активности за нивна превенција, рано предупредување и справување со кризна состојба. Групата за процена согласно Законот за управување со кризи ја сочинуваат: директорите на Бирото за јавна безбедност, Управата за безбедност и контраразузнавање, Агенцијата за разузнавање, директорите и замениците на директорите на Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување, заменикот на началникот на Генералштабот на Армијата, како и раководителот на Службата за безбедност и

разузнавање во Министерството за одбрана. По потреба во работата на Групата за процена се повикуваат и други претставници на органите на државната управа, општините и на градот Скопје и експерти за определената област. Со Групата за процена раководи лице од составот на Групата за процена, кое го определува претседателот на Владата.

*Центар за управување со кризи*

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија во мај 2005 година го издадоа Указот за прогласување на Законот за управување со кризи. Претходно, законот го донесе Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 22 април 2005 година. Центарот за управување со кризи, како самостоен орган на државната управа, се формира на 5 октомври 2005 година. Законот за Управување со кризи покрај тоа што ја уредува областа на управувањето со кризи има и карактер на основачки закон. Со него во системот за управување со кризи се формира самостоен орган на државната управа, по положба и функција на дирекција,со својство на правно лице. Називот на самостојниот орган на државната управа е Центар за управување со кризи и истиот е задолжен за обезбедување на целосната организациска, административна и стручна поддршка на телата и субјектите во системот за управување со кризи. Неговите основни надлежности се состојат во:

- Обезбедување континуитет во меѓуресорската, меѓуинституционалната меѓународната соработка, консултации и координација во управувањето со кризи;
- Изработување и ажурирање на единствена процена за сите ризици и опасности по безбедноста на Републиката;
- Предлагање на мерки и активности за разрешување на кризна состојба;
- Извршување на други работи утврдени со закон.

При Центарот за управување со кризи се формира Главен штаб, како оперативно-стручно тело кое раководи со активностите за превенција и справување со кризни состојби. Главниот штаб го сочинуваат претставници од учесниците во Управувачкиот комитет.Членови на штабот се и раководителот на итната медицинска помош во Скопје, директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Со Главниот штаб раководи директорот на Центарот. Повеќе информации за надлежностите и активностите на Центарот за управување со кризи, како и актуелните состојби и

случувања во земјата, регионот и светот може да се видат на неговата веб-страница: www.cuk.gov.mk.

*Регионална и локална организација на системот*

Заради информирање, следење на состојбата, размена на податоци и информации, давање на предлози за управување со кризна состојба и изработка на единствена процена, системот за управување со кризи се организира на целата територија на Р. С. Македонија, а неговата регионална организациска структура, согласно членот 23 од Законот, се воспоставува во 35 Регионални центри, вклучувајќи го и градот Скопје. Регионални центри за управување со кризи (РЦУК) се формираат со седиште во општините: Берово, Битола, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Штип, Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар, Чаир и градот Скопје.

Заради рационалност и ефикасност во работењето, оперативната организација на Системот за управување со кризи на регионално ниво е воспоставена во 8 главни регионални центри (ГРЦУК) :

1. ГРЦУК Скопје, надлежен за северниот регион,
2. ГРЦУК Куманово, надлежен за североисточниот регион,
3. ГРЦУК Тетово, надлежен за северозападниот регион
4. ГРЦУК Охрид, надлежен за југозападниот регион,
5. ГРЦУК Битола, надлежен за јужниот регион,
6. ГРЦУК Велес, надлежен за централниот регион (Повардарје),
7. ГРЦУК Струмица, надлежен за југоисточниот регион
8. ГРЦУК Штип, надлежен за источниот регион.

Во овие центри се работи непрекинато 24 часа 7 дена во неделата. Дежурните служби во овие центри можат да добијат на карактеристичниот и бесплатен телефонски број кој е заменет со европскиот број за итни повици Е-112. Локалното покривање на останатите единици на локална самоуправа (до вкупниот број – 84) се врши со поединечно определени лица од регионалните центри за управување со кризи кои се надлежни согласно територијалната поставеност на системот.

Во регионалните центри се формираат Регионални штабови, како оперативно-стручни тела со кои раководи раководителот на Регионалниот центар. Регионалните штабови во Регионалните центри ги сочинуваат претставници од подрачните единици на

министерствата и другите органи од државната управа кои партиципираат во Управувачкиот комитет, како и по еден претставник на општините и на градот Скопје чии подрачја се опфатени во Регионалниот центар. Регионалните штабови се активираат со одлука на директорот на Центарот.

Надлежности на субјектите во системот за управување со кризи

Како учесници во рамките на системот за управување со кризи, со различно поставени права и обврски, Законот ги определува: органите на државната управа и органите на државната власт, вооружените сили на Армијата и силите за заштита и спасување, органите на општините и градот Скопје, јавните претпријатија и установи, трговските друштва,граѓаните и нивните здруженија, невладините организации и по потреба други субјекти.

*Надлежности на Владата и државните органи*

Механизмите на системот за управување со кризи целосно се  во ингеренција на Владата,владините тела кои координираат и управуваат со системот (УК и ГП) и Центарот за управување со кризи како надлежен орган на државната управа за работите од областа на кризниот менаџмент. Владата како носител на извршната власт во државата, во системот за управување со кризи ги извршува следните надлежности:

- Донесува одлука за постоење на кризна состојба, го определува подрачјето кое е зафатено со кризната состојба и презема потребни мерки и активности за нејзиното разрешување;
- За сите активности поврзани со кризната состојба ги известува Собранието и Претседателот на РСМ;
- По завршувањето на кризната состојба поднесува писмено известување до Собранието и Претседателот на РСМ со кое ги известува за сите преземени мерки;
- Донесува одлука за употребата на ресурсите на органите на државната управа,органите на општините и градот Скопје и одлучува за начинот на управување со нивната употреба;
- Поднесува предлог до Претседателот на државата за употреба на делови од Армијата на РСМ, заради справување со кризната состојба;
- Определува начин на користење на ресурси во сопственост на јавните претпријатија и установи, трговските друштва од посебен интерес и граѓаните и утврдува надоместок за нивната употреба;

- Одлучува за прифаќање и испраќање на хуманитарна помош и соработка заради справување со кризи;
- Донесува единствена процена од сите ризици и опасности кои можат да го загрозат животот и здравјето на граѓаните, нивниот имот, материјалните, природните и културните добра на државата, како и нејзината општа безбедност;
- Одлучува за висината на средствата од буџетот на Р.М. наменети за превенција, рано предупредување и справување со кризи;
- Го уредува јавното тревожење во Републиката и ги пропишува знаците на тревожење;
- Ја уредува примената на мерките за криптозаштита и противелектронското обезбедување за потребите на системот за управување со кризи;
- Го уредува видот и начинот на планирање и спроведување на обуките и вежбите,како и процедурите кои задолжително се спроведуваат во системот за управување со кризи;
- Врши други работи во согласност со законските прописи.

Министерствата и другите органи на државната управа учествуваат во превенцијата, раното предупредување и справувањето со ризиците и опасностите кои можат да предизвикаат криза и кризна состојба во државата, во согласност со Законот за управување со кризи и другите закони кои ја уредуваат нивната предметна надлежност. Министерствата и другите органи на државната управа ги извршуваат следните обврски:

- Ги преземат потребните мерки на подготовки за остварување на непречена функција на областа за која се надлежни во услови на постоење на кризи и кризна состојба во државата;
- Планираат и обезбедуваат средства во рамките на своите буџети за преземање на подготвителни мерки, како и мерки за надминување на предизвикани последици од кризи и кризна состојба;
- Должни се на барање на телата и органите кои управуваат со системот за управување со кризи да ги стават на располагање сопствените ресурси, заради справување со кризи;
- Остваруваат други обврски согласно законските прописи и постапуваат по донесени одлуки од страна на Владата.

Од посебно значење за системот за управување со кризи е местото и улогата на Дирекцијата за заштита и спасување. Дирекцијата за заштита и спасување е надлежен орган за планирање и организирање на Системот за заштита и спасување во Републиката

и формирање, обука и одржување на силите за заштита и спасување, кои своите надлежности продолжуваат да ги извршуваат и во услови на кризи и прогласена кризна состојба, заради справување со сериозни несреќи и катастрофи.

Надлежности на Јавните претпријатија и установи и трговските друштва од посебен интерес. Јавните претпријатија, јавните установи и служби,како и трговските друштва од посебно значење за работа во кризна состојба, кои ќе ги определи Владата на Р.Македонија, имаат обврска да се подготвуваат за извршување на нивните функции и задачи за превенција и справување со ризици и опасности кои можат да предизвикаат криза или кризна состојба во државата или на одреден нејзин дел. Посебните нивни надлежности и обврски се однесуваат на следното:

- Должни се на барање на телата и органите кои управуваат со системот за управување со кризи и по одлука на Владата, да ги стават на располагање сопствените ресурси заради справување со кризи и отстранување на последици од кризи,а за тоа имаат право на соодветен надомест;
- Должни се без повик на надлежен државен орган,во случај на настанување на ненадејна несреќа или друга кризна појава да преземат активности во рамки на нивните можности и за тоа да го известат Центарот за управување со кризи на единствениот број за итни јавувања;
- Должни се во рамките на своите предметни надлежности или деловните процеси да ги испланираат и преземат потребните превентивни мерки и да подготват капацитети за справување со кризи и непогоди од поголем интензитет;
- Јавните претпријатија, јавните установи и служби, како и трговските друштва од посебен карактер, кои со своето работење можат да предизвикаат сериозни загрозувања за луѓето, животните и средината, должни се да ги преземат сите мерки на превенција и истите ги финансираат од сопствени извори;
- Остваруваат други обврски согласно законските прописи и постапуваат по донесени одлуки од страна на Владата.

Од голема важност е да се претстави темата како фукционираат институциите во системот за управување со кризи и какво влијание имаат во областа на воспитно-образовниот систем. Со претставувањето на нивните надлежности можат да не насочат да размислуваме кои се нивните силни и слаби страни и како тие можат да делуваат и континуирано да се унапредат, подобрат во системот и институциите за управување со кризи. Институциите во нивните надлежности имаат простор и од голема важност е што повеќе да се вклучат и делуваат во воспитно-образовниот систем и системот за управување со кризи.

## 3.4 Превенција и рано предупредување во воспитно-образовните институции

Образовните институции имаат одговорност и обврска да развијат свест кај идните генерации, вештини и способност за превенција и заштита од природни непогоди и несреќи. Се повеќе е потребно да се инкорпорираат на содржини од тој вид во секојдневите активности на децата и воспитувачите, како би се развило лична и општа превенција и чуство за грижа и помош за другите и околината.

Генерално согледувањето е дека во Република Северна Мекедонија системот за управување со кризи во воспитно-образовните институции не е организиран доволно за да обезбеди заштита на безбедноста и треба да се ревидира и преогранизира заедно со сите релевантни институции. Сето ова го докажува истражувањето на Црвениот крст на Република Северна Македонија, кое е направено за да се процени ранливоста на воспитно-образовните институции во системот за управување со кризи и кое покажува незадоволители резултати. (Црвен крст на РМ, 2018)

Црвениот крст на Република Северна Македонија поддржан од УНИЦЕФ има реализрано проект за процена на ризици и ранливост на образовни институции (градинки) на територијата на Град Скопје. Целта на проценката е да се анализраат и воочат податоците за моменталната ситуација, односно нивото на ранливост на образовните институции. Проценката била спроведена со VCA методологија на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, каде што тимот на Црвниот крст по детална разработка на проценките за ризици добиени од регионалните центри при Центарот за управување со кризи, извршил проценка на 63 институции (градинки). (Црвен крст на РМ, 2018)

Во случај на катастрофа и активирање на системот за менаџирање со катастрофи, координирано треба да делуваат Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, локалната самоуправа, Владата на РСМ и министерствата (МВР, МО, МЗ, МТСП итн.), единиците на локалната самоуправа, Црвен крст, здравствени установи, невладини организации итн. Најчестите ризици со кои се соочува Градот Скопје и имајќи ги предвид случените настани и појави, за подрачјето на Град Скопје, како и според проценките на останатите институции вклучени во системот за менаџирање со катастрофи, најкарактеристични се следините опасности:

- Земјотреси
- Поплави и уривање на високи брани
- Снежни намети, лавини и бури
- Пожари
- Епидемии на заразни болести

Исто така треба да се земе предвид и загрозеност од неексплодирани убојни средства, загрозеност од акциденти со опасни материи, загрозеност од техничко-технолошки несреќи и заштита на животната средина, загрозеност од други вонредни состојби, атмосферски влијанија и др.

Заклучоците кои се добиени се загрижувачки по безбедноста на најранливата категорија деца и алармантно е да се подигне системот на повисоко ниво. Констатирано е дека во рамките на институциите образовниот и техники персонал немал обука за заштита и самозаштита во случај на катастрофи, но немал ни обука за укажување на прва помош. Во рамките на институциите не се направени симулациски вежби и проекти за намлување на ризици од катастрофи. Во многу од објектите не постои панична сигнализација и делот со противпожарните апарати не е соодветно поставен и функционален. Објектот ЈОУДГ „Р.Ј. Корчагин“ во 2014 година претрпел штети од поплави во подрумските простории. Според проценката градинките се ранливи на земјотреси, поплави, пожари, епидемии и.т.н. Додека во 2016 градинката „25 мај“ претрпува големи штети од поплавите.

Можеме да заклучиме дека генерално е потребно ревидирање на елаборатите, плановите за евакуација, соодветно обележување на институциите, практични вежби за заштита и самозаштита. Соодветна симулација на вежби на персоналот и децата во градинките и укажување на соодветни реакции се од витално значење за градинките во процесот на управување со кризи. Исто така е и важно да се подигне и јавната свест за заштита и самозаштита во случај на катастрофи и за родителите, за да влијаат на децата надвор од образованието и да се подготват за заштита и самозаштита. (Црвен крст на РМ, 2018).

Целокупно е потребно поголема ангажираност и посветеност на заштитата на цивилното население почнувајќи од најмалата најранлива возраст и категорија.

# ГЛАВА IV УЛОГАТА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 4.1 Воспитно образовен процес

Во образованието, терминот воспитно-образовен процес се однесува на секој процес на унапредување на предучилишните установи и училиштата во наставните процеси кои постепено се одвиваат. За наставните процеси нема фиксна или предодредена крајна точка, туку тие мораат да се одржуваат, прилагодуваат и менуваат со текот на развитокт на општеството и новите знаења. Подобрувањето на детските градинки и училиштата се состои главно од потребата да се занимават со процесите преку кои училиштата можат да ги подигнат стандардите: промените што можат да ги направат и стратегиите што можат да ги користат за подобрување на резултатите на децата и учениците. Воспитно-образовниот процес е важен сегмент во општеството во кое е мерило за севкупниот напредок и развој на општеството. Од него зависат последователно сите општествени процеси. Секое општество треба да се насочи кон унапредување на тој процес, доколку сака да обезбеди континуитет и напредок. Добро осмислен воспитно-образовен процес е гарант за обезбедување на квалитет на образованието и испорачување на крајната цел пренесување на знаењата до целната група а со тоа подготвување кон понапредни знаења.

Програмата за воспитно-образовна работа во јавните детски градинки треба да им помогне на децата да се едуцираат и да ги прошират своте знаења. Конкретно како индивидуализиран пристап кон детето со до квалитетно образовно делување.

Голем број на истражувања поврзани со детскиот развој потврдуваат дека искуството со кое децата се соочуваат во текот на раното детство претставува критичен момент за долготрајниот успех во животот воопшто. Тоа го потврдуваат студиите и истражувањата на Алијансата за детска заштита во хуманитарни акции, Европска асоцијација за образовно истражување, УНИЦЕФ, Сојуз на движечки умови, Британската асосцијација на социјални работници, Фондот Save the Children, попознат како Save the Children - меѓународна невладина организација, Меѓуагенциската мрежа за образование во итни случаи (INEE) итн

Одговорноста за обезбедување на севкупен амбиент, кој поддржува позитивни искуства во текот на раното детство, ја споделуваат повеќе чинители: почнувајќи од родителите/старателите, воспитувачите и наставниците, поширокота заедница и политичарите. Сите тие имаат подеднаква улога во поттикнување на растот и развојот кај малите деца, како и креирање на можности за градење вештини кои ги подготвуваат децата полесно да се адаптираат на предизвиците во светот што ги опкружува. (Дамовска, 2018).

Понекогаш децата најдобро учат кога активностите се потикнати од нивното сопствено искуство и се стекнуваат со нови знаења и вештини преку сопствено истражување на околината. Во други околности, децата поефикасно учат кога процесот на раното учење е поттикнат од возрасните (поставување на ситуации во кои возрасните нудат информации, модели на вештини и слично). (Шеху, 2014, p. 11).

Јохан Хајнрих Песталоци (Johan Heinric Pestalozzi 1746 - 1827) го разработил принципот на нагледност. Тој на овој принцип му придавал особено големо значење. Сметал дека само вистината која произлегува од набљудувањето создава кај човекот сила која не дозволува во неговата душа да навлегуваат заблуди и предрасуди. Песталоци нагледноста ја смета за појдовна точка кон апстрактното мислење. Според него почетокот на секоја настава е нагледното набљудување, а целта е формирање на јасни поими. Покрај принципот на нагледност Песталоци им давал важност и на принципот на самоактивност, систематичност, постапност, достапност како и на принципот на трајно-усвоените знаења. (Камчевска, 2006, p. 19).

Средината во која децата растат и се развиваат е само еден од факторите за развој кај децата. Таа треба да го потикнува квалитетот на детската активност. Токму затоа треба да е внимателно планирана, дизајнирана, истовремено стимулативна, богата со понуда на разновидни воспитно-образовни активности. Стимулативната образовна средина треба да го предизвика развојот на секое дете, да му овозможи да види, да слушне, да доживее нешто ново, поразлично од претходните детски искуства. Само таквиот пристап во работата со децата ќе им овозможи поинаков начин на поимање на светот и поразвиени структури на однесување, стекнување компетенции за нови искуства и полесно снаоѓање и нивно комбинирање. Средината треба да ги рефлектира развојните потреби на децата, да ја потикнува нивната внатрешна мотивација и желба за активно вклучување во активноста. Добро дизајнираната и подготвена средина за учење и развој води грижа за тоа каде и колку можат да се движат децата во неа, дали самостојно можат да го избираат материјалот, дали можат самостојно да се служат со него, да истражуваат,

да откриваат нешто ново. Дидактичките материјали се само средства за стекнување на нови искуства и знаења кај децата. Тоа е единствениот начин за автентично доживување на децата. Сепак, покрај квалитетот на физичката средина, не треба да се заборави социјалниот момент, односно улогата на воспитувачот. И најбогатата средина за учење и развој не мора да биде стимулативнта за децата и обратно. Квалитетот на социјалните контакти меѓу децата и воспитувачот е гаранција за правилен избор на нови стратегии за учење и развој и за позитивни искуства од практиката.

Токму затоа треба пред сѐ да се запраша: Како децата ја доживуваат средината? Колку таа е разбирлива за нив? Дали е доволно стимулативна? Колку се децата подготвени да ги прифатат когнитивните и сетилните впечатоци кои доаѓаат од неа? Дали тоа доволно го потикнува нивниот развој ?. (Дамовска, 2018)

Како се одвиваат наставните процеси во  воспитно-образовниот систем е значајно да се разработи за темата за да се запознаеме и имаме претстава што значи прво образованието за општеството како целина, и како неговото функционирање придонесува за развојот на сите процеси во општеството. Според тоа можеме да добиеме насоки како да спроведеме истражувања и врз основа на тоа да правиме анализи за начинот и правецот на кој може да се делува за да се вградат наставни програми за справување со кризи и кризни интервенции и самозаштита во воспитно-образовниот систем. Со цел за изградување на систем кој ќе биде на повисоко ниво на заштита во воспитно-образовниот систем.

## 4.2 Предучилишна установа

Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој како дејност се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно-образовни активности, спортско-рекреативни активности, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образованите. Детска градинка може да обезбедува престој и исхрана и за деца над шест години, односно од поаѓање во основно училиште до десет годишна возраст. Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на деца кој го сочинуваат сите правни и физички лица на територијата на Република Северна Македонија чија основна дејност е вршење работи поврзани со згрижување и воспитување на деца од предучилишна возраст.

Јавна детска градинка се основа од страна на советот на општината, советот на општината во градот Скопје и Владата на Република Северна Македонија под услови утврдени со Законот за заштита на децата. Детска градинка во приватна сопственост се основа од страна на домашно или странско физичко или правно лице под услови утврдени со Законот за заштита на децата. Странските правни или физички лица со седиште односно место на живеење во земјите членки на Европската Унија и ОЕЦД можат да основаат детски градинки во приватна сопственост како и домашните правни и физички лица. Јавна детска градинка се основа од страна на советот на општината, советот на општината во градот Скопје и Владата, со одлука за основање на јавна детска градинка по претходно прибавено мислење од Министерството односно на предлог на Министерството за јавна детска градинка основана од Владата.

- Основачот, откако ќе донесе одлука за основање на јавна детска градинка до Министертсвото за труд и социјална политика доставува барање за добивање на решение за вршење на дејноста за отпочнување со работа на установата.

Стручните работи во дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст ги вршат следниве стручни лица:

- стручни работници (педагог, психолог, социјален работник, дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, логопед, доктор на медицина и доктор на стоматологија )

- воспитувачи

- негователи

- стручни соработници (музички педагог, ликовен педагог, педагог по физичко воспитание, професор по странски јазик и книжевност, виша медицинска сестра и социјален работник).

Улогата на воспитувачот се состои пред сѐ во следење на детскиот раст и развој индивидуално, почитување на детските индивидуални разлики, потреби и предлози при планирањето и реализирањето на воспитно образовната дејност, мотивирање на децата кон различните видови активности, грижа за безбедноста и сигурноста на децата во предучилишната установа, водење досие за секое дете и сл.

Класичното сфаќање на јавните установи, тргнува од поимот јавни установи во француското право кое се сфаќа како генерички и флуиден поим. Јавната установа располага со одредена независност, таа припаѓа на јавното право и подлежи на компетентноста на административните судови. (V., 2003). Современите текови на животот, општествено - демократските движења бараат доследна практична примена на хуманистичкиот теоретски, педагошко- психолошки процес во толкувањето на детската личност. Фактот дека секое дете има свои интелектуални специфики и развојни потенцијални, бара негово поставување во партнерски однос со сите субјекти во воспитно-образовниот процес. Развојните законитости кај секоја детска индивидуа претставува императив за потребата од создавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко-откривачките процеси и решавање на различни проблемски ситуации од страна на секое дете. На тој начин се потикнува потребниот дивергентен начин на мислењето кај секоја индивидуа и се задоволува огромниот потенцијал на детето за сознавање и учење, имајќи ги предвид современите состојби на научната теорија и пракса.

Целта на предучилишната установа не е само да обезбеди згрижување на децата и решавање на социјалните проблеми туку и надополнување на семејното образование и зголемување на квалитетот на предучилишните деца.

Предучилишната установа е првиот чекор во образованието на детето. Од сите вонсемејни облици на општествена грижа за детето, детската градинка е единствената

која целосно и систематски се занимава во воспитанието и образованието на децата од најрана возраст до поаѓањето на училиште. Детската градинка претставува облик за системско и планско воспитување на предучилишните деца во Република Северна Македонија.




Згрижувањето и воспитанието на деца од предучилишна возраст се остварува во вкупно 77 Јавни установи за деца - Детски градинки во 325 објекти. Вкупно проектиран капацитет за опфат на 32556 деца , од кој се опфатени 34043 деца или 31 % од вкупниот број на деца до 6 годишна возраст на ниво на држава. Покрај тоа згрижување и воспитание на деца се организира и во приватни детски градинки - вкупен број - 38, Центри за ран детски развој - вкупен број 18, Приватни центри за ран детски развој - вкупен број 3, Детски градинки организирани како организациони единици во состав на правни лица - вкупен број - 6. ( Министерство за труд и социјална политика, н.д.) https://www.mtsp.gov.mk/detski-gradinki-ns_article-smestuvanje-i-priem-na-deca-vo-detska-gradinka.nspx[30]

Со цел на ова истражување за да можеме целосно да ја анализираме состојбата во воспитно-образовниот систем потребно е да ја претставиме структурата на предучилишната установа и да се запознаеме со тоа каков облик на заштита, згрижување, воспитание и образование е една предучилишна установа. Во овој дел е опишана дејноста и организацијата на предучилишната установа и улогата и задачата на

[30] Извор: Министерство за труд и социјална политика

стручните тела од кои се состои предучилишната установа. Важно е и да бидеме информирани каква е поставеноста и бројот и на детските градинки и другите облици за заштита на деца кои организираат згрижување и воспитание, за да би имале во предвид колку установи постојат и колку деца кои се згрижени во детските градинки и другите облици за заштита на деца кои организираат згрижување и воспитание би биле опфатени со програмите за заштита и спасување. Можеме да согледаме на кој начин би можеле да се подобрат и унапредат во однос на безбедноста и заштитата.

## 4.3 Рано учење и развој

Раното детство е период кога децата учат како да учат. Тие пристапуваат кон учењето на различни начини. Тоа претставува основа за понатамошно учење и развој на децата. Малите деца се многу љубопитни, во таа нежна детска возраст тие се склони кон истражување, набљудување. Средината многу влијае да ја поттикне желбата за учење, истражување, креативност кај нив. Средината и пристапот кон нив се клучни фактори кои го детерминираат степенот на желбата за учење кај нив. Креирање на позитивен амбиент за учење кај нив дејствува стимулативно, ги поттикнува да истражуваат, да учат нови нешта, да решаваат проблеми се поттикнуваат да прашуваат прашања. Доколку е обезбеден таков амбиент децата развиваат позитивен пристап кон учењето, кој е потребен за понатамошен успех во училиштето, за активно учење како и за во текот на целиот живот.

Пристапот на учењето е многу битно да се остави на професионалци кои успешно знаат да го водат процесот. Различните стилови, навики, процеси со кои децата се внесуват во процесот на учење, влијае да се воспостави добра комуникација и повратна спрега. Пристапот на учење треба да ја поттикнува детската љубопитност и интерес, упорност и посветеност, креативност, иновативност, кој треба да ја развие способноста за рефлексија и интерпретација.

Секоја идивидуа поседува способности и вештини, но тука не е толку важно колку способности поседува тука како правилно да ги насочува и развива сопствените вештини и да ги надградува. Децата учат и се развиваат на различни начини. Но тоа не треба да се сфати како недостиг туку како начин да се креира пристап на кој ќе може да се дојде на креативен начин до секое дете да се поттикне да учи. Во воспитно-образовниот процес треба да се почитува различната природа на секое дете. Начините на кои што се изразуваат децата треба да се учат и соодветно на нив да се изнајде одговор

за нивно истакнување и прогрес. Средината е многу важен аспект во животниот контекст на секое дете. Средината е таа којашто влијае како ќе се развива и напредува. Семејството, градинката, училиштето непосредно имаат огромно влијание врз раниот детски развој и учење, а секако и во понатамошниот развој на личноста. Секое дете како индивидува треба да му се посвети посебен пристап на кој ќе се развива неговата љубопитност, самоницијативност, упорност, иновативност, креативност и со тоа ќе биде спремно до следната фаза за поаѓање во училиште а и за во животот воопшто.

Процесот на развој раното учење и развој кај децата од 0 - 6 години се води од некои принципи:

- Без разлика на пол, вера, етничка или религиозна припадност, социоекономски, здравствени, посебни потреби, на сите треба да им се овозможи влез во воспитно-образовниот систем.
- Сите деца можат да учат. И заслужуваат соодветен третман согласно нивната возраст.
- Децата најдобро учат преку играта. Во текот на учењето играта е инструмент за учење
- Средината ја потикнува нивната љубопитност и е во согласност со нивните потреби да се чувствуваат безбедно.
- За развој на децата е услов да имаат добри учители, наставници кои сакаат да се надградуваат и усовршуваат, а потоа им го пренесуваат знаењето, а од големо значење е и соработката со нивните родители.
- Почитување на секое дете како личност и индивидува и нивните специфични потреби како и децата со посеби потреби.
- Сите деца треба да се третираат еднакво без фаворизирање, да нема холистички пристап.
- Делувањето заеднички на заедницата и семејството го поттикнува развојот на раното учење кај децата.
- Сите деца имаат потенцијал да постигнат, но со соодветна подршка, инструкции, стимулација на раното учење и развој.

Активностите се стратегии кои ги користат возрасните за да го забрзаат и поттикнат детскиот развој. Развојот се однесува и на промените коишто му се случуваат

на детето со растот, големината, моторниот развој каде што со текот на времето и учењето воспоставува сè поголема контрола на телото и сензомоторната координација.

Социоемоционалниот развој исто така игра многу значајна улога во сегашното и идно функционирање на индивидуата. Со самото тоа социоемоционалните етапи а и посебно кај децата се тешко препознатливи. Стекнувањето и учењето вештини ја зголемуваат самосвесноста и самоконтролата.

Во Република Северна Македонија развојот и учењето се базира на холистичкиот пристап кој се однесува на обезбедување на безбедна и сигурна околина за учење и развој, зајакнување на неговата подготвеност за на училиште како и формирање на правилни навики за заштита и здравјето на детето. Притоа посебно внимание треба да се посочи кон законитостите во развојот кај децата од предучилишна возраст и тоа:

- двонасочна поврзаност помеѓу физичкиот и психичкиот развој;

- истоветност (константност) на развојниот ред;

- инермитентност во развојот;

- алтернативност во развојот;

- цефалокаудален правец во развојот;

- проксимодистален правец во развојот;

- принцип на диференцијација и интеграција;

- принцип на стадијалност;

- тенденција од општ кон специфичен начин на реагирање;

- тенденција на премин од користење на големите мускули кон користење на малите мускули;

- премин од обострано користење на органите кон еднострано користење;

- тенденција кон сè поголема економичност на мускулниот напор. (Министерство за труд и социјална политика, Службен весник на РМ, бр. 82 од 19.05.2015 година)

Детето може да учи секогаш и секаде тргнувајќи од домот, градинката, училиштето преку разни активности коишто возрасните ги користат со децата и претставуваат интеракција на возрасните со децата, со цел да се поттикне нивниот развој и учење.

Социоемоционалниот развој игра исто така големо влијание во сегашното но и во идното функционирање на индивидуата. Пред сè се мисли за стекнување на вештини за самосвесност и самоконтрола. Голем број познати автори го потенцираат фактот дека стекнатите социјални вештини и емоционалниот развој се основа за севкупниот развој на личноста. Затоа е мошне важно да тие процеси да се одвиваат во безбедна околина и позитивна интеракција што промовира понатака здрав социоемоционален развој. Емоционалната компонената го поттикнува детето на самодоверба и доверба кај другите. Новите знаења кои децата ги стекнуваат се основа за нивното секојдневно активирање, пристапот кон учење. Стимулирање на нивниот развој преку учење резултира со успех кој тие ќе го постигнат во понатамошниот процес. Децата кои имаат можност да ја изразат својата фантазија, креативност, ја изразуваат својата индивидуалност, интереси, вештини. Играјќи си меѓу себе учат различности, споделуваат искуства и ги почитуваат разликите во културата и изразувањето. Мошне важно е децата да се оспособат: да размислуваат, да развијат способност да стекнуваат нови информации, да решаваат проблеми, да размислуваат критички.

Сите овие елементи се клучни детерминантни во процесот на развојот, учењето и постигањето на успех кај децата од предучилишна возраст.

Важно е да се истакне што претставува раното учење и развој и неговото значење. Кога имаме на увид дека раното учење е основа за сите понатамошни успеси и свесни сме што се постигнува со рано учење и развој мора да ја истакнеме важноста во процесот да се започне и со запознавање и учење за безбедност и самозаштита.

## 4.4 Заштита и безбедност на децата во предучилишните установи

Целта за безбедност на децата во предучилишните установи е заштита на сигурноста и здравјето на децата, поттикнување на одговорно однесување и свесно избегнување на ризици.

Способностите, вештините, познавањето и расудувањето на децата брзо се развиваат во текот на детството и со континуирано учење и активности можат да достигнат до ниво каде сами би расудиле и постапиле врз основа на конкретната ситуација во која би се нашле. Како растат децата може да се очекуваат сѐ поголеми нивоа на свест и одговорност за нештата како и соодветен и брз одговор. Децата се развиваат со различна стапка на развој, но во времето кога ќе станат возрасни повеќето од нив го имаат достигнато нивото на знаење кое им овозможува точно да го проценат нивото на претпазливост кое е потребно во познати и непознати ситуации. Еден заеднички фактор кој сите деца го споделуваат е фактот дека се значително помалку мудри и помалку претпазливи од повеќето возрасни во однос на опасностите, како и повеќе ранливи. Искуствата од детството имаат длабоко влијание врз неврокогнитивниот развој на децата и нивниот капацитет за постигнување на својот целосен потенцијал како возрасни лица. Мозокот на детето, поради неговата силна пластичност, е поранлив на влијанието на злоупотребата и сноси последици во поглед на ментално здравје и подложност на физички болести.

Како суштински дел од процесот преку кој едно дете станува возрасен човек е потребата и желбата да ги истражува границите и да испробува нови искуства и да учи. Малите повреди се дел од процесот на учење  на секое дете и се многу понормален дел од нивните животи отколку во случајот на возрасните. Ова треба да се земе предвид при разгледувањето кои нивоа на безбедност се разумно изводливи во рамките на границите наложени за функционирање. Сепак, за децата е потребна поголема заштита отколку за возрасните наспроти фаталните или трајните повреди бидејќи тие може да не се способни да ги проценат ризиците вклучени во потенцијално опасните ситуации или може да бидат премлади за да преземат одговорност. Со цел да се направи сеопфатна проценка на ризиците за децата  се препорачува пристап кон анализата на опасностите врз основа на развојот. Заштитата на децата е регулирана на правата на децата како и на правата и обврските на родителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа. Поддршката на заедницата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард што соодветствува со физичкиот,

менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата во заштитата на децата. Се потенцира потребата, заштитата на децата постојано да се подига на повисоко ниво, детето да стане субјект во заштитата и при тоа да му се обезбедува заштита и санкционирање на сè што претставува кршење на човековите права на децата.

Заштитата на децата како систем на организирани мерки и активности на државата за грижа и заштита на децата се остварува согласно со Законот за заштита на децата и подзаконските акти. Развојот на дејноста за заштитата на децата се утврдува со годишна програма која согласно со Законот за заштита на децата, ја носи Владата на Република Македонија и истата е во функција на спроведување и унапредување на системот на заштитата на децата.

Остварувањето на програмата е во согласност со утврдените програми со Буџетот на Република Северна Македонија, како и врз основа на одредбите во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија во делот на надоместоците за детска заштита. Државата како основен носител на заштитата на децата, согласно расположливите финансиски можности, за одредени групи деца дава определена материјална помош на родителите за издржување, подигање, грижа и заштита на децата, но исто така финансиски го поддржува организирањето и функционирањето на јавните установи и служби за заштита на децата.

Основна цел на дејноста 8.91 е заштита на децата е обезбедување на услови за оптимален опфат на децата во системот на правата за заштита на децата како и за зголемен опфат на децата со згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, целосно и рационално искористување на просторните, кадровските и другите ресурси, како и на создадените услови за алтернативни и други форми на згрижување и воспитание на популацијата деца до 6 години живот.

Имајќи ја во предвид потребата за заштитата на децата потребно е постојано да се подига на повисоко ниво со уредување на нов Закон за заштита на децата. Особено во делот за организацијата и начинот на обезбедување на услови за заштита на децата, како дејност од јавен интерес во современи услови во вршењето на дејноста, доследно респектирање на правата на децата, на обврските на родителите и на локалната и државната власт во однос на семејството и на заштитата на децата. Заштитата на децата како организирана дејност заснована на правата на децата да се остварува преку: грижа и заштита на децата, нивниот ран развој и запознавање со современи концепти на подигање на нивото и квалитетот на развој, на можностите и условите кои им се обезбедуваат на децата, зајакнување на стручните тимови, формирање на советувалишта за деца и родители, професионално усовршување на кадарот, лиценцирање, зајакнување

на контролните механизми во државата и општината за спречување на секакви злоупотреби на деца и институционално јакнење на испекциите, стручниот надзор и контрола, поврзување на заштитата на децата во информатички систем кој би продуцирал дневни извештаи за бројната состојба и за потребите на децата, како и други податоци преку кои би се реализирале целите во овој домен на установите и другите облици на заштита на децата, како и создавање на пазарни можности и поттикнување на повеќе учесници да се јавуваат во обезбедување на услуги за децата. Уставот на РМ, највисокиот правен акт во земјата, строго ги забранува сите форми на мачење, нечовечко или понижувачко или казнување на децата. Со оглед на тоа дека децата треба целосно правилно да се подготват за самостојно живеење, да развијат правилен систем на вредности, да се образуваат и воспитуваат во духот на мирот, достоинството, толеранцијата и слободата, на децата им се гарантираат единствени и еднакви права и слободи, без оглед на потеклото, материјалниот статус, националната и етничката припадност.

**Деца во установи за згрижување и воспитание-детски градинки/центри за ран детски развој, по возраст**



| | 2021 | 2022 | 2022/2021 | Деца во развоен период до 2 години | Деца во развоен период од 2 години до тргнување на училиште | Комбинирани групи | Деца со пречки во развојот | Групи на деца – центри за ран детски развој во состав на детска градинка | Групи за пилот-програми | Групи за вонинституционална форма на активност | Други групи (престој и исхрана) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно деца | 0 | 0 | 114,8 | 0 | 0 | 0 | 332 | 262 | 0 | 53 | 641 |
| до 1 година | 374 | 628 | 167,9 | 621 | 0 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1 година | 0 | 0 | 122,0 | 0 | 0 | 19 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 години | 0 | 0 | 115,0 | 0 | 0 | 155 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 години | 0 | 0 | 115,3 | 0 | 0 | 366 | 66 | 62 | 0 | 16 | 0 |
| 4 години | 0 | 0 | 111,7 | 0 | 0 | 387 | 73 | 85 | 0 | 15 | 0 |
| 5 години | 0 | 0 | 112,0 | 0 | 0 | 496 | 152 | 115 | 0 | 16 | 0 |
| 6 години и повеќе | 0 | 0 | 123,1 | 0 | 0 | 47 | 29 | 0 | 0 | 6 | 641 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија (Соопштение за установи за згрижување и воспитание на деца-детски градинки/центри за ран детски развој во 2022 година ).

Претходно на графиконот можеме да ја воочиме состојбата на децата во детските градинки/центри за ран детски развој распределена по возраст и категории на деца со податоци од последниот објавен статистички извештај. Од податоците може да се заклучи дека во 2022 наспроти 2021 година процентот на зголемување на бројот на децата е во сите категории. Мислам дека е значајно да се спомне дека категоријата деца со пречки во развојот исто така бележи раст на бројот, што следствено како општествена појава значи дека општеството станува поранливо и треба повеќе да обрне внимание на безбедност и заштита, бидејќи

колку е категоријата поранлива потребни се повеќе ресури и механизми за заштита. Целокупно зголемување на бројот на децата во сите категории во градинките односно сè помасовното лоцирање на децата во установите укажува на тоа дека децата во градинките мора да бидат заштитени и сè повеќе ни е потребен систем за заштита но голем акцент на превенција.Односно да се посвети генерално внимание и да се насочат механизмите за изградба на ефикасен систем за заштита и превенција.

Податоците во табелата за установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки/центри за ран детски развој (државни и приватни) се добиени со редовно годишно истражување, со состојба на 30 септември 2022 година. Податоците за деца во развоен период до 2 години, деца во развоен период од 2 години до поаѓање во училиште, комбинирана група, деца со пречки во развојот, групи на деца - центар за ран детски развој во состав на детска градинка, групи за пилот програми, групи за вонинституционална форма на активност и други групи (престој и исхрана) се на ниво на установите за згрижување и воспитание на деца-детски градинки/центри за ран детски развој и се однесуваат на календарската година.

Појаснување на категориите на деца:

- Установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки/центри за ран детски развој обезбедуваат здравствена заштита, исхрана и дневен престој на децата во согласност со нивните развојни потреби на возраст до 6 години, во повеќе видови групи.

- Групите на деца во развоен период до 2 години ја вршат функцијата на комплетна нега и остваруваат одредено воспитно влијание врз децата на возраст до 2 години.

- Групите на деца во развоен период од 2 години до поаѓање во училиште систематски се занимаваат со воспитание и образование на децата на возраст до 6 години.

- Комбинираната група на деца систематски се занимава со згрижување, воспитание и образование на деца на возраст од 12 месеци до 6 години.

- За деца со пречки во развојот се сметаат: слепи и слабовидни деца, глуви и

наглуви деца, деца со пречки во говорот, деца со телесна инвалидност, како и деца со тешкотии во однесувањето и личноста. Згрижувањето и воспитанието на овие деца се организирани во редовните групи.

- Групи на деца - центар за ран детски развој во состав на детска градинка ги опфаќа групите во развоен период од 3 години до поаѓање во училиште и систематски се занимава со воспитание и образование на деца, со времетраење до три часа дневно, со флексибилно работно време.

- Групите за вонинституционална форма на активност се наменети за деца на возраст од 3 години и тие опфаќаат игровни активности, креативни работилници, детски работилници од областа на културата и уметноста, спортски активности и слично.

- Други групи (престој и исхрана) се групи што ги згрижуваат школските деца пред или по завршената настава во основните училишта во кои нема дневен престој. Во „ Вкупно" не се прикажани податоците за овој вид групи.

Децата се ранлива категорија заради возраста и нивната ранливост. Нивната интеграција во градинки кои ќе имаат модели на едукација и воспитување поврзани со развивање на свеста за ризици и закани согласни нивниот психолошки развој на долг рок ќе придонесе за зајакнување на безбедносната култура.

## 4.5 Здравје и безбедност во предучилишните установи

Безбедноста е дел од основните елементи на креирањето на стимулативна средина кои се однесуваат на безбедносни прашања, нивна идентификација и детектирање на потенцијалните опасности во средината во која престојуваат, учат и се развиваат предучилишните деца. Освен другите задолженија, потребно е воспитувачот секогаш да размислува за безбедноста на предучилишните деца, со цел креирање на стимулативна и истовремено безбедна средина. Може да се случи, при имање на мноштво средства, материјали и други предмети воспитувачот во одредени ситуации да не може да ги предвиди потенцијалните опасности. (Дамовска, 2018, p. 49)

Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Заштита на децата, во смисла на овој закон, се остварува преку обезбедување на определени права, средства и облици за заштита на децата.

Во примената на одредбите од овој закон се тргнува од принципите на заштитата на правото на живот и развој на детето, заштитата на најдобриот интерес на детето, обезбедување на минимум стандард за секое дете под еднакви услови, исклучување на каква било форма на дискриминација, почитување на правото на детето на слобода и безбедност на личноста, на сопствено мислење и слободно изразување, здружување и образование, услови за здрав живот и остварување на други социјални права и слободи на детето.

Главна причина што општествата и владите постојат е со цел да ги штитат нивните најранливи членови. Никаде не е ова појасно отколку кога се размислува за благосостојба на нашите деца. (Paalman, 1998, p. 155)

Здравјето и безбедноста во предучилишните установи е заштитено со устав и закон и системот и институциите се должни да ги обезбедат сите услови што се потребни за да се остварат тие права.

## 4.6 Загрозеност на безбедноста во предучилишните установи - градинките

Под поимот загрозеност на безбедноста во градинките се подразбира можно случување на било каква закана што би ја загрозило безбедноста, ослободување на природни и технички сили, дејствување на поединци и групи, со кои може да биде нарушен физичкиот или психичкиот интегритет на лицата, децата, вработените, родителите, оштетен или уништен имотот на градинките.

Обезбедувањето објективна процена на состојбата на безбедноста на воспитните установи, како и обезбедување на податоци во реално време ќе овозможи планирање на ефективна стратегија за превенција и отстранување на повеќето безбедносни ризици, односно утврдување на постапки и правила за нивно рано препознавање и правилно реагирање во поедини кризни ситуации.

Од големо значење за безбедноста на предучилишни установи се индикаторите од физичко-технички апект и тоа:

- урбанистичката поставеност и географската позиција на објектот, близина на сообраќајници, близина на индустриски објекти, пристапни патишта и сл.

- Архитектонските решенија кои се однесуваат на објектот: колку спрата има, скали, влезни и излезни врати, број и состојба на тераси и сл.

- Техничката опременост на објектот (постоење на противпожарни скали, сигурносни камери) како и начинот на одржување на безбедноста на децата (заклучување на врата и сл.).

Од клучно значење е во процесот на управување со кризи и заштитата и безбедноста, минимизирањето на потребното време за донесување на исправни одлуки и делување. Услов за тоа е располагање со целосна слика и информации за теренот и согласно тоа употреба на расположивите ресури за справување со состојбата. Развитокот на информатичката технологија треба да помогне оваа алатка да се развие и усоврши и неговата примена да биде од најголема корист.

Географски информационен систем е систем за управување на просторните податоци со информациите кои се потребни. Во смисла тоа е систем што е способен за интегрирање, складирање, уредување, анализа и прикажување на географски

информации. ГИС е како алатка „паметна карта“ која остава можност за анализа и изноаѓање на соодветно решение во реално време врз основа на информациите. Технологијата на географскиот информационен систем може да се користи и помогне во многу области на користење.

Географскиот информационен систем преставува интеграција од хардвер, софтвер и податоци со цел да се овозможи складирање, управување, анализирање, и приказ на сите видови географски референцирани информации.

Таа е современа алатка којашто може да се искористи за управување со ресурси, мапирање и следење на настани и нивно разрешување со помош на релевантните податоци и информации. Моќта на ГИС-от лежи во можноста разни информации да се поврзат на просторно ниво и врз основа на тоа да се донесе заклучок како и можно решение за настанатата појава. Се користи тридемнензионален дигитален елевациски модел.

ГИС платформата во центарот за управување со кризи е наменета за:

- Евиденција и просторно лоцирање на потребни човечки и материјални ресурси на субјектите на системот со цел нивна ефикасна примена во системот за управување со кризи. Според тоа е креирана на гео-база на податоци со можност за динамичко креирање на атрибути за опис на ресурсите кои се геореференцираат и потоа можат визуелно да се претставаат на дигиталните карти.
- Евидентирање и следење на настани кои би можеле да предизвикаат последици од пошироки размери
- Изработка на анализи, извештаи за потребите на ЦУК

Без употреба на ГИС следењето и евидентирањето на голем број податоци би бил макотрпен и долготраен процес. ГИС-от преставува слика на состојбата, визуелна презентација на настаните, преглед на расположливи ресурси, одредување на потенцијални рути по кои би можеле да се движат силите за интервенција. Со тоа е овозможено брзо донесување на одлуки на оперативно - тактичко ниво и спроведување на акции за решавање на состојбата.

Анализата обично бара комбинација на постоечки податоци со оперативните податоци, што за возврат бара комбинација на просторната функционалност (за статични податоци) со просторно-споларна функционалност. На пример, едно

размислување за тим од пожарникари која ја зема наредбата да оди на инцидент. Најкраткиот алгоритам за патеки се одвива на патната мрежа (постоечки податоци), земајќи ја предвид стартната локација на тимот и локацијата на инцидентот. Додека тимот патува кон инцидент локација, времето на пристигнување на инцидентот постојано се пресметува врз основа на моменталната позиција на тим-функционална функционалност на просторот со користење на просторни податоци (позиција на тим) и статички податоци (пресметана патека од патната мрежа). Делови од патната мрежа може да се блокираат како последица на инцидентот, или други причини. Најдобрата маршрута (т.е. најкратката патека) треба повторно да се пресмета на достапната мрежа. Овој пример, и многу други кои доаѓаат од услугите што се бараат при реагирање на итни случаи, бараат изградена функционалност на просторните податоци во овој дел.

Важноста на ИКТ во управувањето со кризи е неспорна. Комуникацијата е неопходна за да се постигне ефикасна координација. ИКТ обезбедуваат ефикасна координација на активностите, споделување на информации помеѓу организациите, работа на местото на настанот, како и пристап до нови податоци и бази на податоци, како што се слики, карти и информации за инфраструктурата. Улогата на ИКТ се е многу широка, бидејќи не се идентификувани само новите закани, туку и нови можности се визуелизирани.

Затоа е нужно сите институции, субјекти да имаат воспоставено ГИС со тоа би се поврзале и бесплатно разменувале дигитални податоци и карти. Во смисла потребно е да се воведе ГИС сегмент на ниво на цела држава.

Од големо значење е постоење на географски информационен систем и за системот за управување со кризи во предучилишните институции. Доколку постои било какво загрозување на безбедноста на децата или персоналот или имотот во предучилишните установи, доколку институцијата има воспоставено ГИС, тоа значи дека делувањето и решавањето на можната состојба би се одвивала на најефикасен можен начин каде што ќе бидат достапни информации за сите аспекти и расположливите ресурси за настанатата ситуација. Овој аспект е важен да имаме претстава што ја загрозува безбедноста во предучилишните установи, кои се најголемите закани и ризици побезбедноста, како да се справиме со нив и што може да се направи за целокупно да се подобри безбедноста во предучилишните установи.

## 4.7 Наставни техники и методи од областа на природни непогоди и од човек предизвикани катастрофи во предучилишна возраст

Во предучилишното образование мора да постои клучен пристап за ефективна имплементација на наставни техники за едукација за справување со кризи и кризни ситуации, кој ќе обезбеди континуиран процес во подолг генерациски период. Треба да се состои од следниве пристапи: кампањи, партиципативно учење, неформална едукација, формално учење.

Поради коренитите промени кои се случуваат во неговата структура, во периодот на најраното детство постои најголема пластичност на човечкиот мозок. Заради тоа се нарекува сунѓер за награди и учење. Ова подразбира огромен потенцијал за промена, реконфигурација и способност за стекнување знаење и развивање на вештини и таленти кои ќе бидат од суштинско значење за образованието, креативноста и социјалниот развој. Затоа Во прилог предлагаме чекори кои како техники и методи од областа можат да се спроведат во предучилишните установи:

- Потребно е во годишното планирање во градинките да се вметнат теми за едукација, запознавање, и заштита од елементарни непогоди, опфаќајќи цели од Програмата за рано учење и развој од 4 до 6 години.
- Дневна подготовка со цели и активности наменети за запознавање, едукација, и заштита од елементарни непогоди.

- Цели:

- Да се оспособат децата да ги препознаваат опасните нешта;

- Да се охрабри да бара помош во одредени ситуации;

- Овие цели ќе се постигнат преку следниве воспитно-образовни активности за деца:
- Видео запис (проследување на видео при што децата визуелно ќе се запознаат со елементарната непогода (земјотрес, пожар, поплава и.т.н.)
- Цртеж - да се даде слобода на детето да нацрта цртеж со земјотреси, пожар, поплава по своја сопствена замисла. Потоа да се направат споредби меѓу сопствените цртежи и фотографиите и видео записите со земјотреси, пожар, поплава. Да ги откријат и опишат чуствата шти ги почуствувале кога направиле споредба (може да им се дозволи на децата да цртаат и цртежи со

слики на „ безбедни куќи“ како и слики со „ потребната опрема за евакуација при итни случаи “)

- Дискусија со дечињата за проследеното видео (пр. што се случило, зошто се случило, како се случило). Едукација и практично покажување низ слики што да преземат, што не треба да прават, како да се заштитат себеси.
- Симулирање ситуација - опасност - што треба да се направи? (пред да се започне со вежбата, децата учат како се спроведува успешна евакуација во случај на земјотреси и пожари). Пр. 1 - Да се направи споредба на безопасен и безмирисен чад со машина за правење чад со цел да го доживеат искуството на евакуација при присуство на чад. Пр. 2 - да се направи обука на учениците како да се заштитат себеси (како што еползењето под клупа за време на земјотрес). Пр. 3 - дозволете им на учениците да ги проверат вратите и да размислат кој пат е најбезбеден за евакуација.

  Да им се посочи да ги следат правилата: не се туркајте, не трчајте, не зборувајте, и бидете внимателни со цел да се избегнат несреќи како што се паѓања и сл. Да се објаснат методите внимателно и практично. Вежбите ќе бидат поефикасни доколку се повикаат да учествуваат стручни лица од противпожарна заштита.
- Многу е важно децата да совладаат методи за да се заштитат себеси преку вежбате за евакуација. Основно правило за време на итни случаи е **- заштитете се себеси и својот живот.** Ова е првото нешто кое треба да го научат и направат при итен случај и затоа сите деца, без исклучок треба да го научат тоа.
- Примери за игри:

  ( пр. игра во која децата на знак земјотрес се засолнуваат)

  ( Игри со улоги „ Јас сум полицаец “, „ Јас сум пожарникар “. Каде едно дете ја има улогата на полицаец или пожарникар и пружа помош каде што е потребно.)

- Активности во гледање на слики и разговор за опасности (слики, презентации и илустрации на можни опасности во опкружувањето)

➨ За да се реализираат овие активности ќе се користат слики, видеа, енциклопедии како материјали за работа. Тоа треба да помогне да останат децата активни во процесот на учењето.

➨ За целосно реализирање на активностите неопходна е соработката со родители, поширокота околина, локална заедница. Исто така многу значајно е и децата да остварат средба со преставници од Дирекцијата за заштита и

спасување, Црвен крст, пожарникар, полицаец и сл. кои ќе им симулираат ситуации преку конкретни примери.

- Изведба или уметничка претстава на темата од страна на воспитниот кадар каде на сликовит и описен начин соодветен на возраста ќе им се прикажат и тие самите да доловат каде и како да се однесуваат во ситуацијата. Ова остава бескрајна можност за креативност на темите за едукација за елементарни непогоди.
- Едукативен забавен натпревар каде децата освен што ќе се забавуваат и целата организација ќе им го привлече вниманието, тие ќе имаат можност да се едуцираат. Игрите се ефективен начин на учење бидејќи највеќе се учи кога се користи целото тело а при тоа се учи на еден забавен начин. Стимулирање на врснички дијалог каде децата спонтано ги искажуваат своіте ставови, прашања, идеи, исто тоа придонесува за стекнување и задржување на знаења.

За потребите на магистерската теза по одобрение на раководното лице во Јавната Општинска Установа за деца Детска Градинка „Гоце Делчев“- Општина Илинден спроведен е модален експеримет за справување со кризни ситуации како воспитно-образовни активности. Активностите беа спроведени во две воспитни групи на возраст од 4 - 6 години со вкупно деца 15 и група на возраст од 4 - 5 години со вкупно деца 14. Во воспитно-образовните активности беа опфатени претпоставени кризни ситуации: земјотрес, пожар и поплава. Воспитувачите кои беа консултирани за спроведување на активностите како искусни учители констатираа дека е нужно за децата и нивната безбедност во годишното планирање на воспитно-образовните активности да бидат вметнати програми за справување со кризни ситуации. За децата кои учествуваа во модалниот експеримет можеше да се утврди дека беа желни за ваков вид на знаење и можеше да се увиди нивната заинтересиранот и активност за време на часот, како и тоа дека активностите пробудија кај нив голема креативност.

Овие активности се креирани во консултација на воспитувачи и стручни лица од Детската Градинка „Гоце Делчев“- Општина Илинден со цел да бидат поблиску до детската осетлива интелектуална и емоционална состојба. Во текот на спроведувањето на активностите во детската градинка од страна на воспитувачите етапно се спроведени активностите на начин којшто го опишуваме во прилог.

Активноста е започната со разговор за тоа што знаат децата за елементарните непогоди: поплава, пожар, земјотрес, набљудувајќи ги нив и нивните знаења преку прашања и одговори.

Некои од нив имаа и интересни одговори на прашањата: Што е земјотрес? Што е поплава? Што е пожар?

Нивните одговори кои се документирани Ви ги опишувам во прилог:

Урош: Поплава е кога куќата оди по вода и таа е многу силна.

Јована: Земјотерес е кога се тресе планетата.

Кели: Кога паѓаат камења од планините.

Владимир: Кога е скршена цевката и тече водата. Кога се тресе цела земја.

Даниел: Кога ќе дојдат пожарникари и после ќе гаснат оган. Кога има многу вода.

Анисија: Кога чешма се дави и излегува од куќата. Да ја запали некој куќата, кој пуши цигара.

Сара: Пожар е кога гори куќа.

Ања: Што е пожар? Тоа е оган, треба да се јавиме на пожарникарите да го изгаснат оганот, и да не го оставаме тенџерето на шпорет кога нема никој во собата. Земјотрес е кога се тресе шкафот, сијалицата.

Катја: Кога цела куќа е со вода. Кога се стопува мразот.

Интересно е што разговорот пробуди кај нив заинтересиранот и ги поттикна да размислуваат и да дискутираат меѓусебно за тоа, како и да раскажуваат своевидни приказни за тоа каде и како го виделе тоа. Во дискусијата беа активни и го разбраа тоа како многу важно, дека се работи за нивната безбедност и дека мора да бидат претпазливи и да се заштитуваат. А за да се внимателни и да се заштитуваат потребно е да знаат и научат како. Некои од нив разкажуваа приказни како слични ситуации виделе на цртани филмови, на телевизија, како слушнале некој да зборува за тоа, како во нивната поблиска околина имало небезбедни ситуации.

Потоа секое дете на лист хартија црта по своја замисла на тема „Пожар, поплава, земјотрес". Цртежите се разгледуваат а потоа се споредуваат. Се продолжува со покажување на фотографии, сликовници. Се проследува видео запис од кој децата можат да научат да ги препознаат опасните нешта, како да реагираат соодветно на ситуацијата, да бараат помош од возрасен... Се дискутира за тоа како можеме да се заштитиме во таков случај. Се врши анализа на содржината од видео записот. Преку практична работа се игра игра „Засолни се", каде на даден знак земјотрес децата бараат засолниште, односно се кријат под масички. На крајот се споделува искуство за тоа што сме научиле и што би пренеле на родителите. По спроведените активности се црта повторно со цел да се пренесат сопствените идеи, мисли за елементарните непогоди од проследените фотографии, видеа и разговор.

Во овој дел во соработка со стручните лица во градинките се разработени предлог - наставни техники кои ќе им се претставаат на децата како активности со кои тие ќе бидат

запознаени и ќе имаат можност да научат, а потоа и да го покажат наученото. Предлог наставните техники се методи кои треба да бидат дел од воспитно-образовниот систем во предучилишните установи за успешно спроведување на предметна програма на едукација на самозаштита кои во континуитет ќе придонесе за подготовка на цивилното општество за справување со ризици и опасности.

## 4.8 Психолошка проценка за подготвеноста на децата од предучилишна возраст

Една од најчувствителните категории граѓани се секако децата. Комуникацијата со нив бара посебна подготвеност и специфични знаења, како и психолошка чуствителност на оној кој со нив разговара. Постојат разлики помеѓу децата во однос на возраста во поглед на владеењето со говорот, разбирањето на зборовите и поимите, нивото на мисловното комуницирање, односно развојните специфичности на интелектуален, емоционален и на социјален план. Така што низ овие вежби низ игра, треба да се адаптираат со возраста на детето и компетентно да се води разговор со дете. На работилницата присуствуваше и детски психолог кој што даде психолошка проценка за работилницата. Главна задача на психологот беше опсервација и следење на активностите како и поведението и емоционалните реакции на децата во групата.

Работилницата се одвиваше во најдобар ред во позитивна стимулативна средина, обезбедувајќи чувство на сигурност и безбедност кај децата. Децата кои ја следеа оваа активност беа заинтересирани и активни, освен едно дете кое се повлекуваше од групната активност на „Прашања и одговори" кршејќи и грицкајќи дрвени боички. На прашање до воспитувачот дали е ова целовремено својствено однесување за ова дете, одговорот беше: не.

За време на цртањето децата беа опуштени, спонтани како и во одговорите. Повторно детето кое се повлекуваше од групата одбиваше да ја работи активноста „Цртеж". После завршената опсервација, направен е психолошко-дијагностички преглед на цртежите на децата. Во цртежите преовладуваше портокалова боја и истите ги задоволуваат критериумите за предзнаење на дадената тема.

После зададените активности како видео запис и игра „засолни се" предзнаењета на децата за ваквите елементарни непогоди се зголемија во однос на нивниот вокабулар, презентирајќи го тоа повторно со цртеж. За разлика од првата серија цртежи во втората

серија цртежи веќе децата покажуваат дека за гаснење на оганот потребна е вода при што веќе доминира и сината боја во нивните изработки.

Откако работилница за групата заврши, создадовме услови за индивидуален пристап со детето кое одбиваше да работи, каде забележавме бихејвиорални промени во однесувањето кои потекнуваат од емоционална природа. Во индивидуалниот пристап искористена беше плеј игровна терапија „ Спасувач “ каде детето ги проектираше своите емоционални снаги по што е забележано дека всушност детето било сведок на пожар во домот. Во неговиот првичен цртеж преовладуваше црна и црвена боја. Откако детето доби улога на суперхерој кој спасува во опасни ситуации и целиот град и држава го сака, детето разви позитивен однос кон настанот и се ослободи од акумулираниот и потиснат емоционален набој.

Со спроведување и на последната психолошка интервенција работилницата на тема „Пожар, поплава, земјотрес“ беше успешна.

Вклучувањето на стручен работник - психолог во оваа тема беше неопходно, од причина што психолошката состојба е многу важна за спроведување на модалниот експеримет како и од големо значење за темата во однос на проценување и потврдување на потребата на темата. Стресот како непосреден фактор при ризик или криза би се намалил доколку децата преку методите за едуакција се стекнат со знаењеа соодветни на нивната возраст. Со надзорот над спроведувањето на модалниот експеримент од страна на психологот и неговиот извештај од работата се потврдува и втората хиотеза дека „Примена на моделирани вежби и симулации со низок интензитет преку теорија на игра и поделба на улоги кај деца од 4 - 6 години е поврзана со подготвеноста за реакција во реална состојба, а врз основа на тоа обемот на последиците би се намалил“.

## 4.9 Активности за имплементирање во воспитно-образовниот процес и кризниот менаџмент

Образовните институции несомнено имаат одговорност и обврска да развијат свест кај идните генерации за третманот на овие прашања, како и да изградат чувство, вештини и способности за превенција но и заштита од природни непогоди и други несреќи. Во детските градинки сѐ повеќе се чувствува потреба од инкорпорирање на содржини од овој вид во секојдневните активности на децата и воспитувачите. На тој начин би се обезбедила подготовка за кризните настани, која би довела до превенирање на индивидуално ниво кај децата во кризните ситуации, како и развивање на чувство за грижа и помош за другите и околината која ги опкружува.

Во прилог ќе претставиме активности кои би можеле да се одвиват во предучилишна установа и би послужиле како одлични вежбовни активности за учење и градење на знаењето на децата во самозаштитата. За креирање и прилагодување на овие активности кои би можеле да бидат применливи за нашиот воспитно-образовен систем во предучилишното образование се применети и користени комарации од следниве извори: Прирачникот - „Sigurnije škole i vrtići“: Razvoj on-line platforme za sigurne i dobro pripremljene osnovne škole i vrtiće za izvanredne situacije на Hrvatski Crveni križ, Zagreb; Како извор е користена интернет страната: http://www.hck.hr/; Прирачникот - „Психо - социјална поддршка при итни и кризни состојби на Црвен крст на Република Македонија“; Прирачникот - „То може да се деси буди спреман“; и „Сигурније школе - отпорније заеднице“ - проект на Црвенох Креста Србије; „Прирачникот за заштита и самозаштита во случај на природни непогоди и други несреќи наменет за работа со деца на возраст од 4 - 5 години во детските градинки“ - на Црвен крст на Република Македониј; и „Бокоми прирачник-споделување на лекциите од градот Кобе научени при големиот земјотрес Ханшин - Аваџи“- од Центар за управување со кризи на Република Македонија.

Активност 1- Запознавање со комплетот за итни ситуации

Потребен материјал: комплет за итни ситуации.

Воспитувачот го покажува комплетот за итни ситуации, и воедно објаснува за што служи и која е фукнцијата на секој предмет. Потоа им покажува фотографии за секој предмет и која е неговата применливост. Потоа децата можат да се поделат во групи и

да состават свој комплет за итни ситуации, а потоа една на друга група да поставува прашања за одреден предмет за што служи.

Целта на активноста е децата да се запознаат со комплетот за итни ситуации, за доколку би дошле во ситуација да знаат како да помогнат.

Активност 2 - Земјотрес, пожар, поплава. Што треба да правиме и како треба да се спасиме во случај на земјотресот, пожарот и поплавата?

Целта на активноста е децата да се потикнат да размислуваат и да го изразат начинот на кој тие го замислуваат и доживуваат земјотресот, пожарот и поплавата. Воспитувачите треба да ја поттикнат имагинацијата и креативноста на децата преку разговор. Треба да им посочат примери на ситуации и како тие ги доживуваат.

Потребен материјал: Канта за вода, играчки, вода, фотографии, видео материјали.

Разговорот треба да се одвива така што на децата би им се поставувале низа прашања за земјотрес, пожар, поплава соодветни за нивната возраст.

На пример: Што мислат тие за земјотресот? Од каде доаѓа земјотерсот, пожарот, поплавата? Што треба да правиме во тие ситуации? Кој и што може да ја предизвика? Дали може да се спречи? Дали некој нивен близок бил во таква ситуација и дали им раскажувал за истата? Поплавата е најчестата временска непогода, дали знаат на кои начини може да дојде до поплава? Активноста се одвива во повеќе фази на самиот почеток да се идентификуваат предзнаењата и откако ќе се спроведат повеќе активности да се согледаат знаењата. Знаењата можат да се споредат со активности како игри, цртежи и да се идентификува нивното знаење пред и потоа.

Што треба да правиме? - Преку оваа активност треба да се поттикне, експресија на мислите и чувствата кај децата за природните непогоди и други несреќи. Активноста служи за отворено и свесно да се разговара на овие теми, особено во подрачја или временски периоди непосредно по случувањето на природната непогода или друга несреќа. Оваа активност треба да се реализира на тој начин што воспитувачката треба да постави одредени насоки по кои би се водел разговорот. Насоки и прашања за децата, доколку тие се најдат во некоја од природните катастрофи (пожар, земјотрес, поплава).

Во активноста воспитувачот зема канта и ја полни со вода а во неа става играчки.

Им кажува на децата да замислат дека кантата вода е нивниот град. Сипувајќи вода полека им објаснува дека доколку дождот паѓа во помали капки водата ќе се апсорбира во уличните канали или земјата и ќе исчезне, но ако пребрзо и премногу паѓа може да го поплави местото. Децата седат на подот воспитувачот им кажува да замислат дека има дожд и дека го поплавил подот, што би требале тие да направат?

Играат игра кога воспитувачката ќе плесне со рацете се случува земјoтерс и тие што треба да направат, кои се сигурните места. Потоа воспитувачката ги коментира нивните постапки и реакции и како тие треба да постапат за време на земјотрес, кои се сигурните места во градинката. Кои се сигурни места кога се надвор а се случува земјотрес.

Децата треба да се мотивираат да учествуваат во активностите. Треба да се создаде амбиент во кој децата ќе замислат дека се наоѓаат на местото каде што избива пожар, поплава или пак на место каде што има земјотрес. Пример: да се раскаже однапред подготвена приказна која се прочита за време на активноста. Откако децата ќе си ја замислат ситуацијата, се води дискусија по следниве насоки: Дали треба да трчаат или полека да одат? Дали треба да бидат смирени или пак да викаат? Дали да бидат трпеливи? Кого би повикале? Дали би им помогнале на другарчињата? Што прво ќе би направиле? Како би си помогнале себе си? Како би му помогнале на другиот? Како ќе би побарале помош ?

- Треба да се остави доволно простор за размислување и имагинација! Да му се даде можност на секое дете да се изрази!

Активност 3 - Сигурни зони - безбедна околина?

За оваа активност е потребна динамика. Прво е потребно воспитувачката со децата да направи прошетка низ дворот и градинката. Потребно е и хартија во црвена и боја по избор, ножички и блок.

Што треба да се направи?

Активноста е динамична и креативна. Првин воспитувачката им ги покажува сигурните места во објектот и дворот на градинката и местата каде смеат и не смеат да се движат и каде треба да повикаат помош ако е потребно. Целта е децата да се поттикнат да размислуваат за сигурна и несигурна средина. Потоа да разгледаат сѐ што ги опкружува, но истовремено да идентификуваат небезбедна средина, одредени уреди или предмети кои можат да ја загрозат нивната безбедност. Децата ќе треба овие зони да ги идентификуваат да ги именуваат и да ги детектираат последиците кои би можеле да ги предизвикаат. Воспитувачката треба да им го покаже најблискиот излез доколку има опасност за излез.

Децата можат со помош на колаж во црвена боја можат да креираат симболи (на пример знакот на Црвен крст) кои ќе можат да ги употребат на тој начин што би ги залепиле до оние уреди и предмети кои што би биле можни предизвикувачи на несреќи, за кои претходно говореле, односно ги забележале и именувале, а се наоѓаат во нивната занимална, градинка, двор. Децата треба со ведра боја да ги обележат и излезите. Потоа децата можат да ги нацртаат сигурните места во градинката.

Активност 4 - Запознавање со службите за помош. Како да повикаме помош? На кој број да свртиме доколку ни треба помош?

Материјали кои се потребни за активноста - Видео материјали со звуци и слики како изгледаат службите за помош, хамер, листови во боја (црвена, сина и бела), шаблони на телефонски апарат, по потреба, ножици, боици, фотографии.

Како треба да се подготви: Децата да се поделат во групи. За секоја група да се подготват по 3 листа во боја.

На почетокот прво децата треба да научат да ги распознаваат службите за помош, полиција, брза помош, пожарна. Исто така да се поттикнат да побараат помош кога би им била потребна ним или на некој друг во нивна близина.

Потоа во разговор со децата за важните телефонски броеви, дали децата ги знаат поважните телефонски броеви, дали го знаат нивното значење и дали знаат зошто служат. Воспитувачката треба да им образложи на сите деца кои сѐ поважни телефонски броеви постојат, зошто служат и кои се нивните броеви. Потоа да се поделат децата во групи. Секоја група добива по еден хамер и три листа во боја (црвена, сина и бела).

На секој лист одделно децата треба да ги нацртаат ознаките на службите за итни случаи. Потоа децата во рамки на секоја група треба внимателно да ги исечат нацртаните ознаки и да ги залепат на еден хамер. Потоа да нацртаат на телефонските апарати. Под секој телефонски апарат децата ги запишуваат телефонските броеви на амбуланта, пожарна и полиција. Потоа низ игра поделени во групи можат да симулираат одредена потреба за итна служба а другата група да погодува која е ознаката за службата што е потребна и телефонскиот број. Децата исто така може и во парови да симулираат разговор, со помош на телефони играчки, помеѓу оној кој бара помош (како би повикале помош) со една од службите и нивните броеви за кои претходно е говорено. Пример: Пожарна - црвена боја, Полиција - сина боја, Брза помош - бела боја. Може да разгледаат и видеа со порака, кои се задачите и кога треба да повикаме пожарна, полиција, брза помош. На децата им се покажуваат фотографии од службите. Потоа можат да нацртаат во иднина во која служба би сакале да работат и да објаснат за кои би биле нивните задачи.

Потоа децата пеат песничка со порака за службите.

Активност 5 - Учиме преку игра - Асоцијции...?

Кои материјали се потребни? - листови хартија, молив, боички, коцки, пластелин.

Како треба да се подготви? - За оваа активност потребно е да се подготви што е можно поразличен дидактички материјал и да се даде можност секое дете да избере со каков материјал ќе работи за време на активноста

Што треба да се прави? - Пред самиот почеток на активноста, воспитувачката разговара со децата за разните видови природни непогоди. Децата ги изразуваат своите предзнаења за сето тоа што го виделе и слушнале поврзано со природните непогоди. Воспитувачката дава насоки секое дете по сопствен избор да земе материјал и да се обиде да нацрта, конструира, обликува и слично, како изгледа нивната занимална сега и како би изгледала доколку настане пожар, земјотрес или поплава. Откако ќе ја направат изработката секој ја покажува и раскажува за својата изработка. Значајно е за оваа активност тоа што освен што децата се стекнуваат со знаења таа е и логичка игра која што го поттикнува логичкото размислување кај децата и нивниот мисловен развој.

Активност 6 - Симулирање на земјотрес

Кои материјали ни се потребни - Масичките во занималната

Како треба да се подготвиме? - Неопходно е пред почетокот на активноста да се подготви целиот мебел во занималната, такашто би изгледало дека се случил земјотрес. Секоја маса треба да биде обележана со број.

Што треба да се прави? - На самиот почеток воспитувачката им најавува на децата дека ќе следува групна игра со правила кои треба внимателно да ги слушнат и истите да ги применат. Децата се делат во групи од 1 до 5. Секоја група се распределува согласно бројката на детето кое што ја добило. Воспитувачката ги дава следниве насоки: Под масата број 4 нека се скријат децата од групата број 4. Потоа следува објаснување дека во случај на земјотрес децата ќе се чуствуваат безбедно доколку се сокријат под своите маси. При тоа дава насоки за секое дете да има место под масичката, и при нивното криење треба да клекнат на коленици, а со рацете да ја заштитат главата. На истото место, во истата положба треба да останат додека не добијат знак дека можат да излезат од под неа. Играта продолжува со сите групи на децата, така што секое дете би можело да го доживее значењето на лична заштита при земјотрес, сѐ додека децата станат сигурни за своето движење и безбедност.

Активност 7 - Игра со јаже

Кои материјали би ни биле потребни? - Долго јаже (секоја група да има свое јаже кое ќе биде обележано со различна боја карактеристична за групата)

Како да се подготвиме? - На самиот почеток децата заедно со воспитувачката треба да го пронајдат и видат местото каде стои јажето кое што ќе им биде потребно за оваа активност и ги обележува масичките со број.

Што треба да се прави? - На самиот почеток воспитувачката ги групира децата во групи и дава насоки дека секоја група има свое име секое дете треба да го запомни името на

групата на која што припаѓа. Потоа воспитувачката на децата им го покажува јажето, демонстрира како тоа изгледа и им објаснува дека јажето може да им послужи да се наредат во една колона, подавајќи си го јажето од еден на друг. Откако ќе биде гласно кажано името на групата, децата треба да станат и да го фатат јажето со левата рака. При тоа им се говори дека оваа активност можат заедно со воспитувачката да ја прават доколку има земјотрес. Ролека, смирено, трпеливо и без паника да ја напуштат својата занимална и излезат во градината, односно надвор од градинката, да нема трчање и туркање кое што може да предизвика повреда.

Оваа активност може да се примени и кога децата треба да се прошетаат низ градинката и да им се покажат сите излезни врати од кои што можат да ја напуштат градинката, да излезат надвор од неа при некоја природна катастрофа.

Активност 8 - Активност низ игра - Качи се на столче - посочи другарче, како да се однесуваме при поплава.

Кои материјали се потребни: Столчињата во занималната, масичките во занималната, останат мебел во занималната.

Како треба да се подготвиме? - Потребно е да се идентификува целокупниот мебел кој е безбеден и добро прицврстен од занималната кој ќе биде ставен на располагање во случај на поплава. На децата треба да им се објасни дека при поплава, односно при надоаѓање на вода во градинката т.е занималната, можат да ги искористат столчињата или друг вид на мебел од занималната.

Што треба да правиме? - Воспитувачката ја започнува играта така што по случаен избор одредува едно дете кое прво ќе се качи внимателно на своето столче и при тоа опишува негова физичка карактеристика како на пример Пр. Петар сака да игра фудбал! Понатаму активноста продолжува на тој начин што, дете кое веќе се искачило посочува друго другарче и кажува реченица која го опишува истото тоа другарче. Откако сите деца ќе завршат со активноста воспитувачката треба да им објасни дека оваа активност може да ја применуаат и при поплава во нивната градинка, со тоа што на ист знак од нејзина страна, сите дечиња треба да се качат на нивното столче со цел да не се наводенат нивните обувки и да чекаат помош од возрасни лица. Доколку се случи нивните обувки да се наводенат додека стојат на своите столчиња, може да се искачат уште едно ниво погоре, односно на масичките на кои што работат, цртаат и слично. Истата активност може да продолжи со обезбедување на безбедни зони во природата која непосредно ја опкружува детската градинка.

Активност 9 - Обележување на излезните врати.

Кои материјали се потребни? - стикери, боички, листови со нацрт на градинката.

Како да се подготвиме? - Однапред да се подготват листови со нацрт на градинката, за секое дете по еден лист.

Што треба да правиме? - Воспитувачката треба да им објасни дека пред секое дете се наоѓа нацрт на нивнта градинка, на кој што треба да ги обележат сите врати кои што постојат во градинката. Воспитувачката заедно со децата одат до местото каде што се наоѓаат главната и споредните врати и истите ги согледуваат во реалниот простор, а потоа ги забележуваат на листовите со нацрт на градинката. Сите заедно можат да ги именуваат вратите со што полесно би можеле да ги идентификуваат во иднина. Воспитувачката објаснува дека тие врати се помошни врати им служат за да можат да ја напуштат градинката, односно да излезат надвор од неа во случај на природна непогода и други несреќи.

Активност 10 - Извори на вода.

Кои материјали се потребни? - Боички, листови со нацрт на куќа, илустративни стикери за одбележување на изворите на вода.

Како треба да се подготвиме? - Се подготвуваат скици на опремена куќа за секое дете на кои што треба да ги идентификуваат изворите на вода кои што можат да предизвикаат поплава.

Што треба да правиме? - Најпрво воспитувачката разговара со децата за поплавите, како тие настануваат, какви последици предизвикуваат. Воспитувачката иницира разговор со децата за тоа кои се изворите во детската градинка и домот кои може да предизвикаат поплава. Потоа децата се делат во групи, и секоја група добива по еден лист со скица на куќа. Децата во рамки на групата треба да се обидат со сина боичка да го обојат делот на скицата која што ги асоцира на вода, поточно да ги обележат изворите од кои што може да настане поплава.

Оваа активност може да продолжи така што децата и воспитувачите ќе ги идентификуваат и со илустративни стикери ќе ги означат изворите на вода во нивната занимална, тоалетите и генерално во целата градинка.

Активност 11 - Електрични уреди

Кои материјали се потребни? - Боички, листови со скица на куќа, илустративни стикери за обележување на изворите на пожар.

Како треба да се подготвиме? - Се подготвуваат скици на опремена куќа за секое дете на кои што треба да ги идентификуваат изворите на вода кои што можат да предизвикаат природна катастрофа - пожар.

Што треба да правиме? - На самиот почеток воспитувачката разговара со децата за пожарите, како тие наставуваат и какви последици предизвикуваат. Воспитувачката иницира разговор со децата за тоа кои се изворите во детската градинка и домот кои што може да предизвика пожар и ги посочуваат уредите кои се наоѓаат во нивната околина, односно занимална и градинка. Потоа децата се делат во групи, и секоја група добива по еден лист со скица на куќа. Децата во рамки на групата треба да се обидат со портокалова боичка која што асоцира на оган, да ги обележат уредите и изворите на скицата од кои што може да настане пожар.

Оваа активност може да се примени и така што децата и воспитувачите ќе ги идентификуваат и со илустративни стикери ќе ги означат изворите на струја во занималната и во целата градинка.

Активност 12 - Запознавање со важни звуци

Кои материјали ни се потребни? - ЦД и јаже

Како треба да се подготвиме? - За оваа активност потребно е да се подготви систем на озвучување и звучен материјал со звуци карактеристични за полиција, пожарна, брза помош и слично, како и обезбедување на услови за посета на полицијата, пожарната или брза помош во непосредна близина на градинката.

Што треба да правиме? - На децата треба да им се посочи за важноста и значењето на лица и институциите кои што можат да помогнат доколку настане земјотрес, поплава или пак пожар. Полицијата, пожарната, брза помош и тие имаат свои бази, како и возила кои што ги користат. Треба да се напомене дека секое возило има различен звук кој е карактеристичен за нив. Нивната посета е најсоодветна за да се види како точно работат и за што се грижат. Потоа децата треба да се подготват за прошетка, со што воспитувачот им објаснува дека ќе одат во посета на најблиската пожарна, полиција или база на брза помош каде што ќе можат да се запознат со луѓето кои што работат таму, да видат како изгледаат нивните возила и да знаат да ги препознаваат. За оваа активност, може да се искористи јажето за да направат колона за олеснато, непречено и безбедно движење. Откога ќе се вратат во занималната, ги изнесуваат своите впечатоци, и со помош на ЦД ги слушаат звуците што ги прави секое возило. Во важните звуци со кои треба да се запознаат децата, можеме да го вброиме и алармот кој не известува во случај на пожар.

Активност 13 - Како се чуствувам?

Кои материјали ни се потребни? - Листови со илустрации од природни катастрофи во домот, молив, боички.

Како треба да се подготвиме? - За секое дете треба да се подготват по три ливчиња со илустрациии и тоа: на првиот лист да има илустрација на пожар во домот, на вториот лист земјотрес во домот, третиот лист да има илустрација на поплава во домот. На сите листови да има празно место за нивна лична експресија.

Што треба да правиме? - На секое дете треба да му се поделат три листа со различни илустрации, кои што треба да ги погледнат убаво и да размислат какви чувства тие будат кај нив. На празното место треба со помош на моливот да го обележат смајлито што ќе соодветствува на нивните чувства при некоја катастрофа, и истото да го избојат со помош на боичките. По сето ова следува разговор со децата за нивните чувства и зошто тие се јавуваат. Воспитувачката им покажува начини на кој можат да се справат со негативните емоции, начинот на дишење, дување балон, дување меурчиња, итн.

Активност 14 - Раскажување приказни

Што ни е потребно? - Приказна со содржина која опфака една или повеќе од природните катастрофи.

Што треба да правиме? - На самиот почеток воспитувачката чита приказна по избор, во која што содржината се однесува на една или повеќе природни непогоди или други несреќи. Децата се многу внимателни кога им се раскажуваат приказни, тие покажуваат голема заинтересираност да слушаат како им се раскажува но и интензивно учат преку приказните. Оваа активност се спроведува со цел да се задржи интересот на децата, а воедно и да се подигне нивното внимание на оваа тема. Откако воспитувачката ќе ја прочита приказната иницира разговор по следниов протокол на прашања: Што се случило? Како настанала непогодата? Која е причината? Кој ја предизвикал? Како се однесуваат личностите во приказната? Кои се тие? Што се случува на крај? Како би можело да се спречи? Раскажи ја приказната но со изменет, среќен крај...

Активност 15 - Опасности во домот, што да правиме?

Потребни материјали: Цртеж конструкција на дом и хартија од колаж за симболи.

Воспитувачката изработува конструкција на дом и разговора со децата каде во домот можат да се случат опасности, кои предмети смееме а кои не да ги допираме. Децата изработуваат симболи со кои можат да ги опишат опасните ситуации во домот и потоа го лепат симболите каде можат да се случат опасните ситуации. Децата лепат симболи на местата каде се безбедни и можат да си играат и симболи на предметите кои не смеат да ги допираат и местата каде не смеат да си играат. Децата можат да се поделат во две групи и да играат пантонима и да ги покажуваат опасните ситуации додека другата група треба да ги погодува. Во другата игра којашто треба да ја играат децата се поделени,

така што едно дете покажува предмет или просторија додека друго погудува дали е опасно. Треба да им се објасни на децата кои предмети не смеат да се допираат без надзор на возрасен. Многу е важно децата да ги запознаат опасните предмети, да ја осознаат нивната опасност и да бидат претазливи.

Активност 16 - Како да се подготвиме за топлиот период?

Кои материјали ни се потребни?- Ладалки, вода, свежа храна полна со витамнини, материјали за конструкција, освежителни пијалоци, дидактички материјали.

Како треба да се подготвиме? - Децата своите столчиња ги местат во вид на круг и се подготвуват за дискусија/разговор на дадена тема.

Што треба да правиме? - Во топлите летни денови воспитувачката и децата ќе разговараат за топлите бранови и високи температури. Воспитувачката ќе ги воведе децата во оваа тема разговарајќи за периодите на топли денови и можностите за заштита. Потоа сите заедно излегуваат во дворот на градинката за да ја почуствуваат топлината и да го продолжат разговорот и истовремено реализираат одредени физички активности на отворено. Откако ќе се вратат во својата занимална воспитувачката отпочнува разговор за можностите и начините да се заштитиме од топлотните бранови и на децата им нуди разновидни активности како изготвување на ладалки од хартија, подготвување на освежителни пијалоци, и листа на свежа храна полна со витамини, и исто така децата имаат можност да конструираат заштитна површина која ќе создава сенка и ќе ги штити од сонцето. Потоа се цртаат себеси како играат во дворот при високи температурни услови. Преку разговор дискутираат за ситуацијата и како правилно треба да се постапи во таква ситуација. Воспитувачкат им кажува секое дете да го покаже својот цртеж, и да зборува дали на цртежот е прикладно облечено, дали е правилно местото на кое се наоѓаат, на кој начин може да се постигне ладно. Потоа им се нуди дидактички материјали за да изработат чадор за сонце, за да ја осознаат важноста да бидат сокриени и заштитени од сонце при високи температурни услови.

Активност 17 - Како да се подготвиме за студеното време?

Кои материјали ни се потребни? - видео проекција за зимски услови, топли напитоци, волница, игленици, блок и бои.

Како треба да се подготвиме? - Активноста се реализира во зимскиот период кога и преовладува ладно време. Подготвката на оваа активност се состои во обезбедување на наведените материјали.

Што треба да правиме? - Активноста започнува така што воспитувачката и децата разговараат за студеното време, за начинот на кој што треба да се заштитиме во овој

период. Потоа воситувачката им презентира краткотраен видео запис за северните предели и при тоа иницира дискусија за карактеристиките и значајните обележја на овие предели. По оваа презентација децата се делат на две групи, каде едната група ќе приготвува топли напитоци, а другата група ќе се обиде со дебела волница да изработи топло парче облека. Потоа децата треба да се поделат во две групи. Едните треба да нацртаат девојче или момче како се игра на снег, додека децата во другата група треба да одговараат дали се прикладно облечени на цртежот. Да раскажат како тие се облекуваат кога е многу ладно и што може да се направи за да се затоплуваат кога е многу ладно.

Активност 18 - Климатски промени

Целта е да се подигне свеста кај децата за климаткките промени.

Потребни материјали: Глобус.

Воспитувачот им го покажува глобусот и им објаснува на децата дека за нашата планета дека е среќна кога е сè зелено, кога нема ѓубре, кога нема загадување, кога ние луѓето се грижиме за неа. Им објаснува во кои ситуации планетата земја е несреќна и тажна. Дека некогаш била среќна но поради тоа што луѓето почнале да не се гржат за неа таа се разболела. Затоа мораме сите заедно да се грижиме за неа.

Воспитувачката им објаснува кои активности се штетни за планетата земја, и не треба да ги прават.

Активност 19 - Погоди

Кои материјали ни се потребни? - Торба, листови со сликички, боички.

Како треба да се подготвиме? - Потребно е да се подготват сликички со различни симболи кои што покажуваат разновидни ладни или топли временски услови.

Што треба да правиме? - Сите сликички со различни симболи кои што покажуваат разновидни ладни или топли временски услови се ставени во една торба. Секое дете има можност да извлече по една сликичка. Откако ќе го види симболот на сликата со помош на пантомима треба да им објасни на останатите деца за кој симбол станува збор. Пример за симболи: сонце, дожд, снег, ветар.

Активност 20 - Активност преку глума. Прва помош. Како да помогнеме на друг?

Децата се делат во 4 групи и секоја група треба да одглуми одредена повреда, после секоја презентација воспитувачката објаснува што е најдобро да се направи во одредената ситуација и како да се помогне. Потоа ја играат повторно играта и се оствaат децата да одглумат што би направиле. Воспитувачката се обидува да развие емпатија кај

децата за лицата со посебни потреби и инвалиди и на кој начин можат тие да бидат корисни и како да им помогнат на лицата на кои им е потребна помош повеќе отколку на нив.

Активност 21 - Ајде да видиме што научивме?

Во овој дел се остава на креативноста на воспитувачот да го испита наученото и демонстираното преку разни забавни начини за децата.

Тие би се потикнале да се потрудат да научат низ натпревар, сложување, боење, поврзување, наоѓање на патот до сигурните нешта во лавиринт, изработување на сопствена картичка за итни случаи, тестови.

Во овој дел од истражувањето и компарирањето од домашни и меѓународни практики и методи на самозаштита на деца од возраст од 4 - 6 години во соработка со стручните лица од градинките - (воспитувач, педагог, психолог, социјален работник, дефектолог, логопед) се разработени активности кои како предлог би можеле да се одвиваат при спроведување на наставните содржини за заштита и безбедност. Активностите се креативни и блиски до детската возраст кои на еден едукативен и ненаметлив начин низ игра и разговор би придонеле за запознавање и стекување на знаење за безбедност и самозаштита. Исто така, децата би требало да се подготват и како да се справуваат со стресот од кризни ситуации кои можат да се имплементираат во овие работилници.

Овие активности како модели за самозаштита во наставниот процес кои обработуваат наставни теми за обучување за самозаштита во услови на земјотреси, пожари и експолозии, опасни материи, епидемии и заразни болести кај животни и растенија, снежни намети, лавини и бури, поплави, поројни дождови, лизгање на земјиштето, атмосферски непогоди, сообраќајни несреќи, експолозии од течен нафтен гас и природен гас имаат битна улога во зголемување на отпорноста на општеството, со што се потврдува успешноста на првата посебна хипотеза во истражувањето.

## 4.10 Ефектот од применета на моделирани вежби и симулации со низок интензитет преку игра и поделба на улоги кај деца од 4 - 6 години

За да се оцени состојбата и знаењето на децата од 4 - 6 години во предучилишна возраст за кризи и кризни состојби изготвени се моделирани вежби преку воспитни активности и игри соодветни на нивната возраст. Моделираните вежби и активности се потребни за модалниот експеримент со цел да се утврди и одбележи промената на појавата (состојбата пред и по воспитните активности). Моделираните вежби се практики или вежбовни активности кои им помагаат на децата за подобро да ги сфатат и разберат активностите и да дојдат до знаења за истите. Моделираните вежби се дел од планот на модалниотексмеримент кои се применети за да се оцени ефектот од симулациите и однесувањата на децата во текот на набљудувањето. За потребата да се согледа ефектот од примената на на моделираните вежби и активности спроведен е инструмент за набљудување - лист за набљудување.

Методот на набљудување претставува основа во секоја научно-истражувачка работа, бидејќи на директен начин истражувачот се запознава со предметот, појавите и процесите, се запознава со односите и врските помеѓу нив.[31]

Опсервацијата е многу важен темел за истражувањето која зависи и од спремноста и знаењето на набљудувачот да ги открие знаењата, ставовите, процесите. Набљудувањето потребно е да биде добро организирано, осмислено, прецизно и да има јасна цел.

Кога станува збор за набљудувањето како истражувачка техника тоа тогаш не е просто набљудување, случајно забележување на нештата, туку станува збор за организирано и намерно воспремање на промените на некоја појава, со сосема јасно определена задача. Притоа основна цел е врз основа на набљудувањето, преку она што е достапно за воспримање, да се дознае суштината на појавата. Крајниот резултат од истражувањето во кое истражувачот се потпира на набљудувањето, односно на неговата комбинација со останатите истражувачки техники, треба да е научниот резултат, а сознанието да е научно засновано. Набљудувањето мора да биде добро организирано за да се воочат промените на појавите, за да може да се одговори јасно пред поставената задача која се бара во истражувањето. Значајно е и да се увиди, односно да се осознаат суштните на промените на појавите, односно причините поради до кои доаѓа до промена на состојбите. Важно е набљудувањето да е целисходно.

---

[31] Никола В.Димитров, Методологија на научно-истражувачка работа, Штип. 2017

Листот за набљудување (се нарекува и лист на снимање а понекогаш и чек листа) во основа може да биде двоен. Прво на однапред подготвените листови на кои се систематизирани можните реакции на оној кој се набљудува, а на соодветните места се запишува кратко и јасно она што е воочено. (Мојаноски, 2012)

Набљудувањето е ефикасна техника која се користи да се набљудува одредена состојба или реакција. Токму и поради тоа, односно важноста да се осознаат состојбите и реакциите на децата при спроведување на активностите со моделирани вежби е спроведен моделот на набљудување како истражувачка техника.

Предмет на набљудување се 2 воспитни групи во детската градинка „Гоце Делчев “- Општина Илинден. Првата воспитна група е од 4 - 6 години со вкупно 15 деца.. Набљудувач е воспитувачот којшто ја води групата и ги спроведува воспитно-образовните активности и присутен е стручен работник - детски психолог како набљудувач. Втората воспитна група е од 5 - 6 години со вкупно 14 деца со набљудувач исто така воспитувач којшто ја води групата и исто така е присутен е стручен работник - детски психолог како набљудувач. Воспитувачите како искусни и стручни во нивната секојдневна работа со децата со задоволство го прифатија експериментот. Нивниот ентузијазам и прифаќање на експериментот дополнително придонесоа за ефикасно одвивање на експериментот. Како дирекни учесници во секојдневното воспитание и образование на децата од предучилишна возраст, потенцираа дека е нужно во програмите за работа за предучилишна возраст да се имплементираат вакви методи за едукација за заштита на децата во кризи и кризни ситуации. Голем придонес и особено значење за експериментот беше и набљудувањето и оценката од страна на детскиот психолог. Задача на набљудувачите беше да ги набљудуваат и оценат состојбите и реакциите на децата за време на активностите и да ги забележат нивните заклучоци во листот за оценување. Секоја од нив даде своевиден стручен придонес за успешно завршување на воспитно-образовните активности.

- Листот за набљудување содржи име и презиме на учесниците децата од воспитната група. Листот содржи симболи и појави на рекации кои можат да се воочат и тоа:

- А - активен
- О - отсутен
- В - внимателен
- У- учествува
- П - покажува отпор
- Н - негодување

(За сите реакции потребно е да се потполни: + покажува висок степен на подготвеност и примена на стекнатото знаење; - недоволна, слаба подготвеност и слаб

ефект од применетите дневни воспитно-образовни активности на едукација на самозаштита).

Од листот за набљудување може да се забележи дека од вкупно 29 деца 22 покажуваат висок степен на подготвеност и примена на стекнатото знаење и активно учествување во активностите. Кај 7 деца се забележува отсутност и слаба активност но воспитувачот забележува дека за тие деца вообичаено имаат помала активност и за време на другите часови. Набљудувачите дадоа своевидна стручна оценка по завршување на воспитно-образовните активности. Набљудувачите - воспитувачи забележуваа и констатираа дека постигната е голема подготвеност и разликата на знаењата пред и по активностите на децата е забележителна. Воспитувачите како искусни учители забележаа дека вакво константно подготвување на децата преку активности би довело до голем резултат во подобрување на нивната активност и внимателност за нивната безбедност и справување со ситуации во кои е загрозена нивната безбедност. Воспитувачите констатираа дека ова е повеќе од нужно и потребно и дека децата се желни за знаење од ваков тип и се подготвени да научат. Воспитувачите како директни набљудувачи по согледаната состојба и напредокот на децата укажаа за неминовната потреба од вакви методи на образование. Децата покажуваат особен интерес за вакви теми и содветно на нивната возраст го разбираат тоа дека се работи за нивна безбедност. Врз нив влијае и тоа дека се соочиле со слична ситуација во нивната околина и на нивните блиски и сето тоа им дава мотив да знаат повеќе и бидат подготвени за својата безбедност а и за општата безбедност. Како и да помогнат соодветно на нивната возраст и способност на лице кое е под ризик и загрозено а е во нивна близина. Особено значајно е да се обучат децата да повикаат помош тогаш кога им е потребно и да знаат од кого да побараат помош во зависност од ситуацијата. За време на актвностите присуствуваше и детскиот психолог. Психологот ја проценуваше нивната психолошка состојба за време на активностите за што даде и извештај од проценката.

Особена внимателност зазема активноста со нивното претставување на ситуацијата преку цртежи. Воспитувачите им даваат насоки на децата пред активноста да нацртаат по свое видување што мислат за катастрофите.

Набљудувајќи ги цртежите се согледува дека тие многу малку имаат знаење за природните непогоди, не се запознаени со тоа како треба да реагираат, не можат да се заштитат, не знаат како треба да постапат, и не знаат на кого да се обратат за помош. И преку усното испрашување покажуваат многу мало знаење, што е и разбирливо бидејќи учењето и повторувањето е клучен елемент кој е основа за сите знаења.

Откако се спороведени активностите ако се споредат цртежите од истите деца се забележува многу голем напредок во нивното знаење. Преку цртежите покажуваат дека

веќе знаат како да постапат, на кого да се обратат, како да се заштитат. Ова покажува дека континуирианото повторување на активностите и методите кај нив ќе вроди плод за безбедноста на најранливата категорија во општеството, како и најбитен сегмент на едно општество. Заштитата треба да започне од најмалите. Треба да се здружат сите институции и да се посветат на ова прашање. Прашање кое е клучно за едно општество кое и по устав и закон мора да се грижи за безбедноста на целокупното население. Освен задолжително потребно е факултативно да се изработат содржини на тема безбедност кои на разни начини ке придонесат да се доближат до детската публика. Тоа можат да бидат кино проекции кои ќе се посетуваат од страна на децата од градинките и учениците од училиштата соодветни за нивната возраст. Да се изработат реклами кои ќе се прикажуваат во дневната програма во период кога им е достапна на таа целна група а кои ќе бидат сликовито и практично прикажани за нивна заштита во секојдневниот живот. Да се изработат кратки филмови кои ќе бидат примамливи за гледање за детската публика а истовремено ќе пренесат поука и влијаат на нивната заштита и безбедност, и ќе можат и да ги применат. Повеќе посети од стручни лица и институции кои на практичен начин ќе им ја доближат нивната работа и ќе им покажат како би можеле да се заштитат. Изработка на сликовити прирачници соодветни за возраста кои низ игра и вежби ќе можат да ги водат кон научување на нешто ново за нивна безбедност и заштита. Вежби во природа, посети, настани со разработени занимливости и активности кои низ игра и дружба ќе ги насочат кон самозаштита и спремност за своја но и безбедност на блиските и животните. Особено е клучно тренирањето како во дадена ситуација да научат да побараат помош и како да постапат.

На ова прашање е потребно е да му се обрне големо внимание и да се изработи целокупна стратегија која ќе може да се спроведе во пракса. При тоа, би можеле да земеме пример од соседните земји кои веќе го спроведуваат овој процес.

Обврска на државата според Устав и закон е да обезбеди образование за лична и заштита на зедницата.

Во овој дел етапно и детално се опишани активностите и заклучоците од ефектот од примената на моделираните вежби и активности. Со заклучоците се можеме да потврдиме дека „Примена на моделирани вежби и симулации со низок интензитет преку игра и поделба на улоги кај деца од 4 - 6 години е директно поврзана со подготвеноста за реакција во реална состојба, а врз основа на тоа обемот на последиците би се намалил“.

## 4.11 Примери од меѓународна пракса на методи и техники во областа на природни непогоди и од човек предизвикани катастрофи во предучилишна установа

***Во овој дел како пример од меѓународна пракса за справување со кризи во предучилишна установа ќе го прикажеме примерот на Босна и Херцеговина за спремноста за адекватно делување во случаите на несреќа и катастрофи***

Сметаме дека примерот на Босна и Херцеговина е успешен и практичен пример како и на кој начин може да се делува во образовниот систем и да се изработи и документира модел кој би бил применлив и приглагодлив и во нашиот воспитно-образовен систем. Модел кој би се имплементирал за адекватно справување во кризи и кризни ситуации**.**

Поттикот за да изготви ваков прирачник за спремност за адекватно делување во случаите на несреќа и катастрофи во Босна и Херцеговина, пред сѐ се катастрофалните поплави во 2014 година при што отпорноста на заедницата и подготвеноста да се справат биле на многу ниско ниво. После активното учество и хуманитарниот одговор на поплавите организацијата Save the Children била предводник на акцијата намалување на ризикот од несреќи и катастрофи преку проектот „Градење отпорност на природни и други непогоди во областа на образованието и локалните заедници“.

Проектот бил високодимензиониран и се грижел за градење на капацитети на локалните заедници и надлежните институции, со посебен фокус на училиштата и градинките. Со за цел унапредување на нивната спремност за делување во случај на несреќа и катастрофа преку пружање на поддршка и изработка на проценка на ризик од несреќи и акциони планови на ниво на општина, училишни и предучилишни установи тоест подигнување на свеста за потенцијалните ризици и адекватен одговор во случај на потреба, особено кај деца.

Меѓудругото во наведениот проект е изработен и документот „Минимални стандарди за отпорност во згрижувачко-образовните установи на несреќи и катастрофи“ кој имал за цел да се нагласи нивото на потреба кое треба да биде задоволено како би се постигнала квалитетна заштита и спасување во објектите на згрижувачко-образовните установи. Целта на овој документ била да послужи како упатство за креирање минимални стандарди, применливи во Босна и Херцеговина. Секој од минималните

стандарди е пропратен со јасни клучни активности, насоки, моменталната ситуација и препораки за примена во пракса.

Во документот треба да се вклучат учесници како групи или институции кои имаат интерес за проект или програма. Деца кои треба да бидат вклучени се сите од 0 до 18 години.

Минималните стандарди посочуваат дека формално образование и учењето кое е насочено од наставник или инструктор во образовните установи преку наставните планови и програми одобрени од надлежните институции, е особено важно за креирање на подготвеност и отпорност. Потребно за градење капацитетите би биле активности како јакнење на знаењето, способноста вештините и однесувањето на луѓето и организациите кои ќе им помогнат да ја постигнат целта. Во ризичните зони кои подлежат на потенцијални ризици, изложени би биле: луѓе, имоти, системи или други присутни елементи. Капацитетите потенцијално би се искористиле од предности, карактеристики, и ресурси кои ќе бидат достапни на поединци, локални заедници, друштва или организации кои ќе можат да ги искористат за постигнување на усогласени цели.

Доколку би се случила катастрофа би довела до сериозно пореметување на функционирање на заедницата или државата. Тогаш би довело до човечки, материјални, економски или губитоци во околината кои ја преминуваат способноста на погодената заедница или општеството да се бори со сопствените ресурси. Такво нешто може да биде резултат на комбинирани опасности, ранливост и недоволни капацитети или мерки да се смалат потенцијалните последици од ризикот.

Образовните институции треба да бидат одговорни за јакнење на спремноста на техничките капацитети за интервенции во случај на кризи кај децата.

За да се постигне координација потребно би било осигурување на временски и просторни околности на сите учесници и активности на заштита и спасување од несреќи и катастрофи по етапи на задачи како и нивно правовремено известување. Координирањето е важно за да осигура ефикасна комуникација, поврзување и меѓусебно делување на сили и снаги за заштита и спасување со цел спроведување на заштита во унапредување на хуманитарните принципи, избегнување на конкуренција и дуплирања, односно остварување на заеднички цели.

Исклучително важно за секоја заедница и општество е личната и заедничка заштита како најмасовен облик на подготвување и организирање на граѓанското општество во заштита и спасување. Таа заштита се одвива во домовите, јавни и други објекти. Обуката би опфаќала обука на граѓаните, мерки и постапки за превенција и заштита, прва помош и самопомош, грижа за децата и немоќни граѓани од секоја ранлива

категорија и други итни интевенции во заштитата и спасувањето на луѓе и материјални добра.

Во неформалното образование би требало да се вклучат образовни активности кои не одговараат на дефиницијата формално образование. Неформалното образование се одвива внатре и надвор од образовните институции и служи на луѓето од сите старосни групи. Програмите за неформално образование се карактеризирани со нивна разноликост, флексибилност, способност за брз одговор на новонастанатите образовни потреби како и потребите на останатите категории на граѓани. Тие биле осмислени за специфични категории и групи на граѓани. Но сепак наставните програми би се темелеле на формалното образование и на новите пристапи. Како на пример забрзано дополнително учење, дополнителни активности, програми после училиштето, писменост и математичка писменост.

Задолжително образование и воспитување треба да е темел од кој ќе се родат сите знаења понатака и правецот на учење. Во согласност со законот за граѓанска заштита и квалитетни можности за учење за сите возрасти вклучува предучилишно, основно, средно, неформално, техничко, стручно и високо образование. Образованието во вакви случаи мора да пружа физичка, психосоцијална и когнитивна заштита која може да одржи и спаси животи.

Потребно би било да се изнајдат соодветни образовни интервенции. Пружање на образовни услуги како би се исполниле потребите и правата на луѓето на образование во периоди на несреќи и катастрофи сè до нивно опоравување. Односно соодветни курсеви и обуки за подготвеност.

Образовните власти во Босна и Херцеговина се задолжени за полето на образованието во секој домен. Структурата на образование е уредена со уставниот поредок на Босна и Херцеговина и структуирана е на следниов начин: Министерството за цивилна заштита е надлежно за координирање активности, прилагодување на планови и стратегии на меѓународен план во подрачјето на образованието, Во Босна и Хецеговина на полето на образованието делуваат три агенции како самостојни управни организации и тоа се: Агенција за предучилишно, основно и средно образование, Агенција за развој на високото образование и осигурување на квалитет, Центар за информирање и признавање на документи во областа на високото образование.

Во делот на смалување на ризикот од несреќа или катастрофа, се разработува Концепт и пракса за смалување на ризикот. Сето тоа се остварува преку систематски напори и анализи и управување на факторите несреќа и катастрофа. Ова вклучува делување за смалена изложеност на опасност, смалување на ранливоста на луѓето и имотот, мудро управување со земјиштето, осврт на образовните институции и

околината. Методи како да се подобри подготвеноста и ефикасното делување во случај на опасност, несреќа или катастрофи во Заштита и спасувањето како облик на подготвување и учество на носителите на работите и задачите за заштита и спасување и одговор на несреќи и катастрофи.

Поаѓајќи од некои основни принципи на мерките за смалување на ризиците од несреќи и катастрофи, тие сметаат дека истите треба да се заоснoваат на некои важни начела а тоа се:

1. Несреќите и катастрофите негативно влијаат на правата на децата.
2. Конвенцијата на правата на децата налагаат на децата да им се осигураат права без обѕир на околностите, вклучувајќи несреќи и катастрофи бидејќи децата се најранливата категорија.
3. Ефикасноста на системот во оставарувањата на заштитата на децата се покажува пред и после несреќите и катастрофите. Способноста на децата да се носат со несреќите и катастрофите ќе зависи од тоа дали претходно се остварувале правата на децата на образование и информации кои се пресудни за спасување на животи и чување на здравјето
4. Глобалните норми и стандарди кои се применуваат во договорите на несреќите и катастрофите вклучуваат акти од човечки права и принципи на човечки права. Тоа се: Конвенцијата на правата на децата, меѓународните акти од пружање на хуманитарна помош, глобалните принципи на пружање на хуманитарна помош како и хуманитарната повелба и минимални стандарди во одговорот на катастрофи.

Ова се начелата од кои се тргнува како основ за подготовка на стандардите, и се услов за нивно успешно имплементитање во процесот.

Тие сметаат дека постојат клучни принципи во образованието во несреќи и катастрофи. Тие принципи треба да се исполнат во програмите. Тие подразбираат дека:
1.Децата имаат право на образование.
2. Децата имаат потреба за заштита (да се запознаат со ризиците за несреќа и мерките на заштита).
3. Сигурно образование е приоритет на заедниците и општествата.
4. Институциите одговорни за образованието се носители за мерките за смалување на несреќи и катастрофи (превенција и подготвеност) во образовните установи, а органите на јавна безбедност пружаат стручна помош и оперативна поддршка.

Тие сметаат дека највaжно е правата на грижа на физичкото менаталното здравје и сигурноста на учениците и децата има првенство над другите права. За помалите деца е потребно да се осигураат интервенции во ран развој. Како еден добар основ што го

потенцират е дека јаките темели кои се градат во раното детство чинат основа за усвојување и совладување на клучните компетенции.

Тие ја наведуваат и „Сендаи декларацијата"- Рамката за смалување на ризик од катастрофи 2015 - 2030 која претставува и утврдува обврски за земјите. „Промовирање вклучување на знаење на ризици од катастрофи вклучувајќи и превенција од катастрофи, ублажување, подготвеност, одговор, опоравување и рехабилитација во формалното и неформалното образование, како и низ граѓанско образование на сите нивоа и низ стручно образование и обука".[32]

Основната цел на прирачникот [33]е зголемена вклученост на јавноста и смалување на ризикот од катастрофи во секторот на образование и поголем капацитет на образовните установи да се носат со несреќите и катастрофите. Прашањето на сигурноста во образовните установи било посебно актуелизирано после поплавите кои ја зафатиле Босна и Херцеговина во мај 2014 година, кога меѓу останатото и многу образовни установи претрпеле големи штети и кога била оневозможена нивната работа. Негативните искуства од тој период предизвикале потреба за промена на размислувањата за помош на населението погодено од несреќата и катастрофата. Бидејќи непосредната помош подразбирала само храна, сместување и здравствена заштита, препозната е како нужна улогата на образованието во смалување на ризиците од катастрофи.

Проектот SPHERE (сместување, храна, вода, санитарни услови, здравствена заштита) ја сумирала хуманитарната акција и идентификува минимални стандарди во клучните сектори кои спасуваат животи а кои се гледаат низ 4 технички поглавја на прирачникот (водоснадбување, санитарна хигиена, промовирање на хигиена, сигурност на храна и прехрана, сместување, здравствени акции). Дојдено е до заклучок дека основните стандарди се засновани и се применуваат на сите технички поглавја. Тие сметаат дека минималните стандарди се стандарди засновани на докази и претставуваат консензус на нивоата на секторите во праксата и хуманитарните реакции. Минималните стандарди ги опишуваат целите  кои мораат да се постигнат во било која хуманитарна реакција како зафатената популација би ја преживела катастрофата достоинствено и во стабилни услови. Вклучување на погодената популација, консултацијата и соработката на процесот лежи во фокусот и филозофијата на проектот SPHERE. Според тоа проектот е еден од иницијативите кои се познати и се засноваат на квалитет и одговорност. Повелбата ги нагласува законските одговорности на државата и засегнатите страни да гарантираат право на заштита и помош.

[32] Извор: Federacija BiH i Brcko Distrikt BiH,2018, SKOLE SKOJENE ZA SIGURNO DJETINSTVO
[33] Извор: Federacija BiH i Brcko Distrikt BiH,2018, SKOLE SKOJENE ZA SIGURNO DJETINSTVO

Во Босна и Херцеговина заштитата на децата и правото на образование го пропишува Уставот на Федерација БИХ (Службен весник бр.1/94), а во законите од областа на образованието се наоѓаат одредби кои ја дефинираат оваа област. Законските решенија на сличен начин ја дефиниираат обврската на заштитата на училиштата во заштита на здравјето и животот на учениците. Повеќето референтни закони го користат терминот сигурност и заштита на здравјето на учениците. Според тоа овој прирачник [34] ги претставува минималните стандарди кои се применливи во Босна и Херцеговина. Минималните стандарди за отпорност на воспитно-образовните установи се прилагодени според меѓународните документи и прописите на БИХ а биле изработени да дадат поддршка на надлежните образовни власти и воспитно - образовните установи и да ги осигураат потребните капацитети и насоки за сигурност пред, за и после несреќа или катастрофа, а со цел за постигнување на максимална сигурност и заштита на децата.

Прирачникот содржи 9 минимални стандарди кои треба да се исполнат и да бидат насока за делување. Стандардите ги опишуваме подолу:

Во Стандард 1 се опишани мерки за смалување на ризици од несреќи и катастрофи за заштита и спасување застапени во наставните планови и програми во воспитно-образовните установи. (Релевантните наставни планови и програми се користат за пружање на формално и неформално образование во областите за смалување на ризици од несреќи и катастрофи и спасување кое одговара на специфичниот контекст и потребите на учениците и децата).

Во Стандард 2 се обрнува внимание на заедницата како важен сегмент. Односно, идентификација на ресурси и капацитети на локалната заедница за учество и изведување на настава и вежби во областа на заштита и спасување. (Ресурси и капацитети на локалната заедница активно учествуваат во имплементација на наставните планови и програми и вонннаставни активности со кои се унапредува сигурно опкружување за учење)

Во Стандард 3 се наведува дека е исто така важо да се спроведува стручно усовршување и обука. (Наставниците и другите стручни лица периодично поминуваат структуирани обуки и стручно се усовршуваат во складност со потребите, околностите и потенцијалните ризици за управување со несреќите и катастрофите). Ова значи дека подготвеноста на лицата кои имаат најдиректен контакт со децата кои ги образуваат и подготвуваат за справување, и можат да бидат присутни во моментот на настанувањето на потенцијална опасност е од исклучителна важност.

Во Стандард 4 потребно би било да се спроведува мониторинг на заштита на децата за време на несреќите и катастрофите. (Информацијата за заштитата на децата и

[34] Извор: Federacija BiH i Brcko Distrikt BiH,2018, SKOLE SKOJENE ZA SIGURNO DJETINSTVO

ефикасноста од наставните програми се објективни и правовремено се преклопуваат со работата на систематските активности за превенција и одговор. Поради размислување на состојбата на сигурноста на училиштата резултатите да бидат вградени во процената и планот за заштита и спасување на воспитно-образовните установи и да бидат во процес на нивно постојано надградување, стручно усовршување, обуки и оспособување)

Во Стандард 5 се потенцира клучната улога на воспитно-образовните институции да осигуруваат сигурност на учениците и децата. (градење, проектирање и реновирање на постоечките објекти на воспитно-образовните установи да се врши во согласност со проценетиот ризик на локалната заедница и процената на ризикот на воспитно-образовните установи и нивната околина)

Во стандард 6 се потенцира дека е основен услов и важно е децата и учениците во воспитно-образовните установи да имаат адекватен пристап до чиста вода и санитарни јазли и хигиена. (санитарните јазли во воспитно-образовните установи да имаат чиста и топла вода, сапун, и тоалетна хартија и други средства со кои се осигурува висок степен на хигиена)

Во Стандард 7 се наведува дека е потребно планот за заштита и спасување од несреќи и катастрофи доследно да се применува. (Управите на воспитно - образовните установи градат, одржуваат и ажурираат - Процена на ризик и План за заштита и спасување од несреќи и катастрофи. Потребно е истите доследно да се применуваат пред, за време и после несреќата или катастрофата. Така би се осигурала заштита на децата и учениците од физички повреди, би се развило континуитет на образование и развивање на култура на сигурност и безбедност)

Во Стандард 8 се вели дека и покрај состојбата треба да има модел за континуитет на продолжување на наставата за време на несреќа или катастрофа. Бидејќи образованието пружа физичка, психосоцијална и когнитивна заштита која спасува и одржува животи. Образованието пружа сигурни места за учење кои нудат можност и идентифиикација и поддршка на погодените поединци. Образованието за време на несреќа или катастрофа ублажува психосоцијален притисок давајќи чувство на нормалност, стабилност, структура и перспектива во иднината. Продолжување на наставата со ширење на информации осигурува пренесување на знаењето и вештини за преживување и отпорност во случај на несреќа или катастрофа)

Во Стандард 9 последно но и битно го наведуваат дека, по несреќа или катастрофа потребно е што побрзо да се обнови инфаструктурата на воспитно-образовните институции и да се продолжи со воспитно-образовниот процес. Да се води сметка за физичкото и менталното здравје на децата и учениците. (Капацитети и потребите за брзо оправување на воспитно-образовните институции под ризик од

силни влијанија од природни опасности мора да се планираат однапред во склад со емоционалните, социјалните и физичките потреби на децата) [35]

Од голема важност е да следиме успешни и практични примери од меѓународни практики кои ќе ни помогнат во пронаоѓање на соодветна методологија за моделирање и креирање успешен модел за самозаштита во предучилишното образование во Република Северна Македонија. Исто значајно е и меѓународно споделување на искуства помеѓу институциите, компарирање на модели, сугестии, доживување на реални ситуации и предлози за нивно решавање. Сметаме дека примерот на Босна и Херцеговина е пример кој е применлив и прилагодлив на системот за самозаштита и воспитно- образовниот систем во Република Северна Македонија и може успешно да се моделира и имплементира.

## 4.12 Практични примери на едукација за самозаштита

Во прилог ќе претставиме пример на дел на организација на системот за граѓанска одбрана во Руската федерација во рамките на образованието и заедницата. Начинот на кој тие ги спроведуваат активностите за граѓанска одбрана се одвиваат на многу забавен и инспиративен начин. Учесниците директно се запознаваат со активностите за самоодбрана. Начинот на кој тие го организираат тоа во образованието побудува креативен начин на размислување и јасни слики за научување на приложеното и постапување во идина. Сметаме дека нашиот воспитно-образовен систем за предучилишна возраст во делот за управување со кризи треба да преземе дел од овие успешни практики и да ги прилагоди во нашиот систем. Во прилог и сликовито се прикажани активностите кои се спроведуваат. Примерите се преземени од прирачник програма - Дополнителна општо образовна (општо развојна) програма „Самоодбрана“ од Бушуев Александар Николаевич, исто така достапни на интернет страната https://23.mchs.gov.ru/deyatelnost/press-centr/novosti/

Во октомври во рамките на месецот на граѓанска одбрана се одржуваат разни настани во сите региони на земјата чија цел е привлекување на вниманието на населението кон прашањата за заштита од итни случаи и разни ризици од природна и вештачка природа. Вработените во EMERCOM (Ministry of Emergency Situations of the Russian Federation) одржуваат отворени часови за безбедност, посети до единиците за спасување, превентивни активности и многу повеќе. Учесниците на настаните се

[35] Извор : Federacija BiH i Brcko Distrikt BiH,2018, SKOLE SKOJENE ZA SIGURNO DJETINSTVO

ученици од детски градинки, ученици, студенти, постари лица. Така, спасувачкиот оддел на Анжеро-Судженск пристигнле во посета на членовите на тимот „младите пожарникари“ од домот за деца без родители "Росток". На учениците им била прикажана специјална опрема и опрема за спасувачи. Самите деца можеле да се обидат практично да ја пробаат опремата на стандардот за поставување на комплетот за хемиска заштита "L-1" и костум што ја отсликува топлината под конвенционалното име "ТОК".



Оваа задача, според учениците, не била лесна. За време на посетата секој присутен го тестирал дејството на респираторниот апарат дизајниран да ги заштити респираторните органи и очите од ефектите на непогодни за околината на дишење при гаснење на пожари и операции за спасување. Во образовните институции во регионот се одржуваат обуки за развој на активностите за евакуација во случај на пожари и други непредвидени ситуации. Во месецот на цивилна одбрана повеќе од 500 луѓе ги посетуваат вработените во главната дирекција на Министерството за вонредни состојби на Русија. За учениците Хабаровските спасувачи спровеле "Отворени лекции за безбедност ", при што се потсетиле на правилата на однесување во секојдневниот живот и во природата. За децата, има посебно место за применувањее на практични активности, каде што персоналот на EMERCOM обучува идни спасувачи со правилата за прва помош. Секое дете може да се обиде со воена облека, да научи како да користи хидраулична алатка за спасување и барел за оган, да се чувствува како нуркач или спасител.



Во сите составни субјекти на Руската Федерација, настаните се одржуваат во рамките на месецот на граѓанска одбрана, кој започнува на 4 октомври на денот на Граѓанската одбрана. Единиците за спасување на пожари имаат отворени денови. Покрај тоа, вработените во EMERCOM одржуваат часови за безбедност за помладата генерација во образовните институции, при што децата се сретнуваат со спасувачите, пожарникарите и ветераните на службата. Владините спасувачи и пожарникари од почетокот на месецот организираат отворени денови за учениците. Тие покажуваат опрема за спасување, опрема за респираторна заштита и противпожарна опрема, која секојдневно се користи за да ги изгаснат пожарите и другите итни случаи. Посетителите се запознаваат со внатрешниот распоред на единиците за спасување, со карактеристиките на услугата. Ниту еден од посетителите во единицата за спасување на пожар не може да замине без разговор за превенирање на опасни ситуации: децата се потсетуваат на усогласеност со правилата за заштита од пожари, како правилно да ги повикуваат итните служби и одговорноста за лажен повик.












Вработените во Министерството за вонредни состојби на Русија во рамките на месецот на граѓанската одбрана одржале настан празник на безбедноста на учениците од образовните институции во градот Нелидов.

Тогаш службеници за пожар и спасување одржале квиз на знаење на историјата на цивилната одбрана, како и правилата за безбедно однесување. На крајот на настанот пожарникарите ги потсетиле учениците дека со цел да се минимизира ризикот од пожар е доволно да се следат едноставни правила за безбедност, да се избегне невнимание со оган, да внимаваат добро од печка, гас и електрична опрема. На учениците им било кажано како да дејствуваат во случај на разни итни случаи, а исто така им било покажано

видео што би им помогнало на првачињата да научат за работата на пожарникарите-спасувачи. Децата ги виделе вистинските снимки од сцената и сфатиле колку огнот може да биде подмолен. Посетата завршила со квиз за оган, кој им помогнал на децата да го консолидираат новото знаење што го примиле за време на лекцијата.

Секој ден во музејот на Главната дирекција на Министерството за вонредни ситуации на Русија за регионот Брјанск вработените во одделот спроведуваат посети за ученици и студенти. Тие зборуваат за ветераните на противпожарната заштита и за историјата на формирањето на пожарната служба во регионот. На децата им се прикажува опрема што ја користат спасувачите во итни ситуации. Посебен интерес кај посетителите е предизвикан од индивидуална заштита на респираторните органи, бидејќи тие може да добијат многу нови впечатоци. За сите посетители се емитува филм за руската цивилна одбрана.[36]

Меѓународната соработка и пракса во локални и глобални рамки е значајна за областа на воспитанието и образованието и системот за справување и заштита. Од многубројни примери и веќе спроведени програми може да се увиди или процени успешноста или имплементирањето на некои програми и проекти во Република Северна Македонија. Врз основа на компарација и споредба би можеле да се земат како пример и унапредат успешните и позитивните практики и да се прилагодат за нашето законодавство, услови, фактори и нашето поднебје. Затоа е многу важно да се согледаат и следат практики, програми и проекти во други земји.

[36] **ДОПОЛНИТЕЛЬНАЯ ОБЩЕОБРАЗОВАТЕЛЬНАЯ (ОБЩЕРАЗВИВАЮЩАЯ) ПРОГРАММА «Самооборона» -** Разработчик : педагог дополнительного, образования - Бушуев Александр Николаевич, 2016, город Нижний Новгород,
Извор: https://23.mchs.gov.ru/deyatelnost/press-centr/novosti/

# ГЛАВА V ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ

Во рамките на магистерскиот труд се спроведе истражување со цел да се согледаат ставовите на вработените во засегнатите институции, родителите и граѓаните на Република Северна Македонија за улогата на воспитно-образовниот процес во системот за управување со кризи.

За потребите на истражувањето спроведена е анкета по пат на анкетен прашалник до две скопски градинки (ЈОУДГ„Гоце Делчев“- Општина Илинден и Детска Градинка „АВИОНЧЕ“- Општина Петровец). Анкетниот прашалник беше спроведен за вработените во детските градинки: директор, воспитувачи, негуватели, стручни работници и стручните соработници. Анкетен прашалник беше спроведен и до родителите на децата кои се згрижени во градинките.

Анкетен прашалник беше спроведен и до институциите од доменот на управување со кризи т.е. до Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување.

## 5.1 Анкетен прашалник за детски градинки

Анкетниот прашалник наменет за лицата вработени во детските градинки беа анкетирани лица вкупно 45 лица, од кои:

Испитаници по работно место (Директор - 2, стручна служба - 1, воспитувач - 20, негувател - 22)






Испитаници по капацитет на градинка: Голем капацитет- 25, мал капацитет-20.




Испитаници по возраст. Преовладува возраста на испитаниците 41-50.




Испитаници по работно искуство. Преовладува во најголем дел искуство на испитаниците до 11 години.




Испитаници по завршено образование: магистер - 1, високо - 25, средно - 19.

Прашање број 1: Воспитувачите и негователите имаат важна улога во насочување на децата во една воспитно-образовна институција.

На графиконот може да се констатира дека одговориле вкупно 45 испитаници, од кои 25 со одговорот се согласувам додека 20 со одговорот потполно се согласувам. Резултатот упатува на тоа дека испитаниците високо ја вреднуваат улогата на воспитувачите и негувателите во развојот на децата.




Прашање број 2: Стручните работници и соработници имаат важна улога во насочување на децата во една воспитно-образовна институција. На прашањето одговориле, потполно се согласувам - 32, се согласувам - 10 и делумно се согласувам - 3 испитаници. По одговорите можеме да заклучиме дека родителите цврсто веруваат дека стручните работници и соработници имаат важна улога во насочување на децата во една воспитно-образовна институција. Ова ни дава сè повеќе уверување дека доделување на

улогата на воспитно-образовната институција во насочување и креирање на знаења од областа на темата е од големо значење.




Прашање број 3: Дали постојат програми за едукација на вработеите за самозаштита. Одговорите на испитаниците, воопшто не се согласувам - 10, се согласувам - 3, делумно се согласувам - 25, потполно се согласувам - 7. Според одговорите на ова прашање може да констатираме дека вработените во детските градинки имаат многу малку знаење за едукацијата на вработените за самозаштита. Со тоа и се добива различен одговор а најмногу е застапен одговорот делумно се согласувам, што воопшто не е релевантен одговор. И го потврдува заклучокот дека програми за едукација на вработените за самозаштита се неопходни, за да се добие една целина на фукционирање и поврзаност на пренесување на знаењето во една воспитно-образовна установа.



Прашање број 4: Воспитно-образовните работници дали имаат потреба да стекнуваат знаења за превенција и соочување со ризици и кризни ситуации.

Испитаниците одговориле, се согласувам - 10, делумно се согласувам - 3, потполно се согласувам - 32.Одговорите на ова прашање упатуваат на тоа дека вработените во воспитно-образовните установи се согласни дека им е потребно знаење за превенција и соочување со ризици и кризни ситуации. Ова ја наметнува потребата релевантните институции поконкретно да го истражат ова прашање и да преземат соодветни дејствија и програми за реализирање.




Прашање број 5: Стручните работници и стручните соработници треба редовно да посетуваат семинари и обуки од областа на самозаштита. Одговорите на испитаниците, потполно се согласувам - 32, делумно се согласувам - 3, се согласувам - 10. Одговорите укажуваат на тоа дека на воспитно-образовниот кадар му е потребно постојано надградување и усовршување на знаењето од областа на самозаштита. Тие сметаат дека е потребно постојано следење на трендовите и прилагодување на менување на околностите. Дека е потребно постојано следење на сите промени во областа на самозаштита и дека тоа би се постигнало со посета на семинари и обуки од областа на самозаштита.




Прашање број 6: Воспитувачите и негувателите треба редовно да посетуваат семинари и обуки од областа на самозаштита. Одговорите на испитаниците, потполно се согласувам - 32, делумно се согласувам - 3, се согласувам - 10. Одговорите укажуваат на тоа дека на воспитно-образовниот кадар му е потребно постојано надградување и усовршување на знаењето од областа на самозаштита. Тие сметаат дека е потребно постојано следење на трендовите и прилагодување на менување на околностите. Дека е потребно постојано следење на сите промени во областа на самозаштита и дека тоа би се постигнало со посета на семинари и обуки од областа на самозаштита. И ова е најефективниот начин каде тие би биле најинформирани со сите состојби во областа како би можеле понатаму најефикасно да го пренесат знаењето во наставата, како и соодветно да постапат во случај на криза.



Прашање број 7: Дали постојат програми за едукација на самозаштита во воспитно-образовниот процес. Испитаниците одговориле, воопшто не се согласувам - 2 се согласувам - 4, делумно се согласувам - 37, потполно се согласувам - 2. Одговорите на ова прашање упатуваат на тоа дека навистина е потребна генерална едукација на самозаштита во воспитно-образовнот процес. Одговорот, делумно се согласувам којшто е највисок укажува на тоа дека во програмите во воспитно-образовниот процес во минимален дел се застапени активности во областа на самозаштита, односно тие се поврзани во рамка со други теми и само се надополнуваат. Во активностите поврзани со безбедноста на децата тие се спомнуваат но тоа е недоволно за континуирано учење и знаење. На цивилното население му е потребно запознавање и предзнаење за сите процеси, бидејќи е недоволно информирано во областа.




Прашање број 8: Дали има потреба од воведување на програми за едукација за самозаштита во воспитно-образовниот систем. Испитаниците одговориле, се согласувам - 15, делумно се согласувам - 2, потполно се согласувам - 28. Ова е клучно прашање во истражувањето, каде што мислењето на стручните лица кои се постојано соочени со состојбата на децата и нивната едукација, треба високо да се цени. Според нивните одговори во најголем број дека потполно се согласуваат, може да се заклучи дека потребата од воведување на програми за едукација за самозаштита во воспитно-образовниот систем е повеќе од нужно. Со ова се наметнува потреба надлежните институции истото да го истражат и дадат насоки за понатамошно постапување.




Прашање број 9: Дали ако се воведат методи во предметната програма за едукација за самозаштита во воспитно-образовниот процес ќе се зголеми ефикасноста и спремноста на децата во соочување на кризни ситуации. Испитаниците одговориле се согласувам - 10, делумно се согласувам - 2 и потполно се согласувам - 33. Од одговорите на испитаниците како највисок одговор потполно се согласувам, јасно се гледа дека тие како директно и најтесно поврзани во едукацијата со децата проценуваат дека со воведувањето на методи во предметната програма за едукација за самозаштита во воспитно-образовниот процес ќе се зголеми ефикасноста и спремноста на децата во соочување со кризни ситуации. Истражувањето по ова прашање би го потврдило фактот дека подготовката преку рано учење за справување со секаков вид на ризици и кризи е итно и неопходно.




Прашање број 10: Мислите ли дека воведувањето на методи за успешно спроведување на предметната програма на едукација за самозаштита во континуитет ќе придонесе за подготовка на цивилното општество за справување со ризици и опасности.

На прашањето кое е показател за успешноста на генералната хипотеза, испитаниците, односно сите опфатени релевантни страни (воспитно-образовен кадар, родители и стручни лица вработени во ДСЗ и ЦУК) одговориле: се согласувам: вработени - 10, родители - 21, вработени ЦУК и ДЗС - 9, вкупно - 40 одговори ; делумно се согласувам: вработени - 2, родители - 2, вработени ЦУК и ДЗС - 2, вкупно - 6 одговори; потполно се согласувам: вработени - 33, родители - 6, вработени во ЦУК и ДЗС - 11, вкупно 50 одговор. Највисоко рангиран е одговорот потполно се согласувам - 50 и се согласувам - 40. Ова покажува успешноста на генералната хипотеза во истражувањето дека воведувањето на методи за успешно спроведување на предметната програма на едукација за самозаштита во континуитет ќе придонесе за подготовка на цивилното општество за справување со ризици и опасности. Со ова се потврдува генералната хипотеза дека со имплементација на соодветни наставни техники и методи во воспитно-образовниот систем се зајакнува ефикасноста, подготвеноста и ефективноста на системот за заштита и спасување, односно преку раното учење ќе се подобри целокупната безбедност на граѓаните. Затоа потребата да се воспостави ефикасен модел на едукација и самозаштита во воспитно-образовниот систем и неговото успешно спроведување би бил од клучна улога за безбедноста на земјата.



## 5.2 Анкетен прашалник за родителите на децата згрижени во детските градинки

Прашалникот наменет за родители како релевантна група која е од големо значење да го изрази своето мислење во врска со темата. Во него учествуваа 29 испитаници.

Прашање број 1: Сметате ли дека Вашите деца се безбедни и заштитени во воспитно-образовните институции. На прашањето испитаниците одговориле се согласувам - 13 додека потполно се согласувам - 16. Високиот позитивен одговор се должи на тоа што тие навистина имаат голема доверба во кадарот којшто се грижи за нивните деца и во воспитно-образовните институции. Генерално нивниот одговор се одразува на нивното претпоставување и верување за справување во нормални услови и ситуации. Но ова го наметнува прашањето колку тие се безбедни и заштитени во кризни и ризични ситуации, дали има протоколи за постапување во воспитно-образовните институции.




Прашање број 2: Дали сметате дека воспитно-образовните институции се подготвени да се справат со ризици и кризи кои би настанале додека децата се во воспитно-образовните институции. Испитаниците одговориле со се согласувам - 14, делумно се согласувам - 2 и потполно се согласувам - 13. Иако одговорот тука упатува на преголемата доверба што ја имаат родителите во институциите и кадарот во воспитно-образовниот систем, но ова го потврдува и фактот дека воопшто цивилното население во Република Северна Македонија е многу малку запознаено со состојбата и заштитата на безбедноста и дека е потребна генерална цивилна едукација.




Прашање број 3: Сметате ли дека персоналот вработен во воспитно-образовните институции е обучен за да ги заштити децата од кризни ситуации. Испитаниците одговориле: се согласувам - 13, делумно се согласувам - 1, потполно се согласувам - 15. Ова упатува дека тие во голем број сметаат дека персоналот вработен во воспитно-образовните институции е обучен за заштита на децата од кризни ситуации. Како што наведов и погоре и тоа може да се увиди дека позитивните одговори се должат на високата доверба во воспитно-образовните институции, односно родителите сметаат дека по секоја цена кадарот би ги заштитил децата, што реално и е така, но во нашите заклучоци е дека се потребни пристапи и мерки за справување со кризи и ризици во воспитно-образовните институции.




Прашање број 4: Сметате ли дека е потребно персоналот вработен во воспитно-образовните институции да посетат обуки за самозаштита и справување со ризици и кризи. Испитаниците за ова прашање одговориле: се согласувам: родители - 7, вработени во ЦУК и ДЗС - 13, вкупно - 20 одговори; делумно се согласувам: вработени - 3, вработени во ЦУК и ДЗС - 2, вкупно - 5 одговори; потполно се согласувам: вработени - 15, вработени во ЦУК и ДЗС - 12, вкупно - 27 одговори. Позитивниот одговор по ова

прашање се согласувам - 20 потполно се согласувам - 27 укажува на тоа дека испитаниците сметаат дека е потребно персоналот вработен во воспитно-образовните институции да посети обуки за самозаштита и справување со ризици и кризи.




Прашање број 5: Сметате ли дека во воспитно-образовниот процес во предучилишното образование треба да се вклучат предметни програми за самозаштита кои ќе ги подготват децата во справување во ризици и кризи. Испитаниците родители и вработени во ЦУК и ДЗС на прашањето одговориле: се согласувам: родители - 22, вработени во ЦУК и ДЗС - 6; делумно се согласувам: вработени во ЦУК и ДЗС -4, потполно се согласувам: родители - 7, вработени во ЦУК и ДЗС - 12. Родителите како фактор кој е релевантен за состојбата на децата и грижејќи се за нивната безбедност со позитивен одгоовр на ова прашање сметаат дека во воспитно-образовниот процес треба да се вклучат предметни програми за самозаштита за да ги подготват децата во справување во ризици и кризи. Вработените во Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување како стручни лица во областа исто така во голем дел одговориле се согласувам и сметаат дека е потребно.



Прашање број 6: Сметате ли дека ќе има ефикасност од воведувањето на предметни програми за самозаштита во воспитно-образовниот процес. Испитаниците одговориле: се согласувам - 18, делумно се согласувам - 2 и потполно се согласувам - 9. Потврдниот одговор се согласувам - 27, потврдува дека родителите сметаат дека ќе има ефикасност од воведувањето на предметни програми за самозаштита во воспитно-образовниот процес.




Прашање број 7: Дали мислите дека стресот како непосреден фактор при ризик или криза ќе се намали доколку децата преку методите за едукација се стекнат со знаења соодветни за нивната возраст. Испитаниците одговориле: се согласувам - 21, делумно се согласувам - 1 и потполно се согласувам - 7. 28 потврдни одговори го потврдуваат мислењето дека родителите се согласуваат со прашањето дека стресот како непосреден фактор при ризик или криза ќе се намали доколку децата преку методите за едукација се стекнат со знаења соодветни за нивната возраст. Ова исто така охрабува дека јавната свест за кризи и ризици на населението се подига и свесни се дека е потребно подобрување и надградување на системот.




Прашање број 8: Дали мислите дека подготвеноста да се справат со ризици и кризни ситуации ќе се зголеми преку методите за едукација соодветни за нивната возраст. Испитаниците одговориле: се согласувам: 21, делумно се согласувам: 1, потполно се согласувам: 6. Родителите потврдно одговориле се согласувам 27 испитаници дека подготвеноста да се справат со ризици и кризни ситуации ќе се зголеми преку методите за едукација соодветни за нивната возраст. Родителите се согласуваат дека им се потребни техники на децата во предучилишното образование кои ќе ги подготват за соочување на ризици и кризни ситуации доколку би се појавиле.



## 5.3 Анкетен прашалник за вработени во Центар за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување

Во прашалникот наменет за вработени и претставници од Центарот за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување учествуваа 22 испитаници, како институции кои се дел од системот за управување со кризи и заштита и спасување и за кои сметаме дека се најкомпетентни за темата. Очекувавме дека нивните одговори би биле најрелевантни за овој научен труд.

Прашање број 1: Дали Вие како претставници или вработени во институција од посебно значење во системот за управување со кризи сметате дека цивилното општество е недоволно едуцирано за справување со евентуални ризици и кризи. Испитаниците како стручни лица релевантни за оваа област одговориле: се согласувам - 9, делумно се согласувам - 9, потполно се согласувам - 4. По ова прашање испитаниците се поделени, каде што преовладува потврден одговор на прашањето се согласувам - 13.




Прашање број 2: Ефективната едукација мора да биде значителен дел од систематско вметнување на пристапите за намалување на ризиците во програмите за подготвеност. Иситаниците одговориле: се согласувам - 8, делумно се согласувам -1, и потполно се согласувам - 13. Истражувањето го потврдува позитивниот одговор на ова прашање бидејќи испитаниците во голем дел одговориле се согласувам - 21. Стручните лица во ЦУК и ДЗС сметаат дека ефективната едукација мора да биде значителен дел од систематско вметнување на пристапите за намалување на ризиците во програмите за подготвеност.




Прашање број 3: Сметате ли дека во методите за самозаштита во предметните програми во предучилишното образование треба интензивно да се вклучи Вашата институција во едукација преку насочување на различни вежби, набљудување на ефикасноста од спроведување на методите и сл. Испитаниците одговориле: се согласувам - 8, делумно се согласувам - 3, потполно се согласувам - 11. Стручните лица вработени во ЦУК и ДЗС сметаат дека нивната институција треба да се вклучи во едукација преку насочување (вежби, набљудување на ефикасноста од спроведување на методите и сл.) во предметните програми во предучилишното образование. На ова прашање треба да се обрне внимание од страна на институциите како би се вклучиле ЦУК и ДЗС во едукација во предучилишните институции, што би довело до поефективно и пефикасно спроведување и реализирање на програмите.



Прашање број 4: Воспоставувањето на ефикасен образовен модел на едукација на самозаштита (имплементација на соодветни наставни техники и методи од областа на природни непогоди и од човек предизвикани катастрофи во предучилишна возараст) во воспитно-образовниот систем, ја зајакнува ефикасноста, подготвеноста и ефективноста на системот за заштита и спасување, односно преку раното учење, ќе ја подобри целокупната безбедност на граѓаните. Испитаниците по ова прашање одговориле: се согласувам - 12, делумно се согласувам - 1, потполно се согласувам - 9. Истражувањето е потврдно со позитивен одговор дека стручните лица од ЦУК и ДЗС сметаат дека воспоставувањето на ефикасен образовен модел на едукација на самозаштита (имплементација на соодветни наставни техники и методи од областа на природни непогоди и од човек предизвикани катастрофи во предучилишна возраст) во воспитно-образовниот систем, односно преку раното учење ќе се подобри целокупната безбедност на граѓаните, ќе се зајакнува ефикасноста, подготвеноста и ефективноста на системот за заштита и спасување.



## 5.4 Анализа на резултатите добиени од анкетните прашалници

Анкетата која што беше спроведена за потребите на магистерскиот труд во различни институции и страни кои се засегнати, покажува дека од добиените резултати можеме да заклучиме дека тие имаат сличности во исказите и ставовите по овие прашања. Анкетата соодествува со поставената општа хипотеза и првата посебна хипотеза, и според добиените резултати тие се потврдуваат.

Општата хиоптеза („Со воспоставување на ефикасен образовен модел на едукација за самозаштита (имплементација на соодветни наставни техники и методи од областа на природни непогодии и од човек предизвикани катастрофи во предучилишна и училишна возраст) во воспитно-образовниот систем, се зајакнува ефикасноста, подговеноста и ефективноста на системот за заштита и спасување, односно преку раното учење ќе се подобри целокупната безбедност на граѓаните“**)** е поврзана со прашањето број 10 кое беше во анкета поставено до Детските градинки, родителите на децата, Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување. Значајно и заедничко е за сите релеванти страни што одговориле во 94 % со одговорот се согласувам и потполно се согласувам. Одговорите на анкетираните ја искажуваат потребата позитивно и системски да се регулира и реши ова прашање. Иако одговорите доаѓаат од претставници на различни институции и страни кои директно се засегнати и сосочени со состојбата по тоа прашање, покажуваат дека ставот е ист, што е значајно за истражувањето и позитивно за општеството.

Втората посебна хипотеза („Модели за самозаштита во наставниот процес кои обработуваат наставни теми за обучување за самозаштита во услови на земјотреси, пожари и експолозии, опасни материи, епидемии и заразни болести кај животни и растенија, снежни намети, лавини и бури, поплави, поројни дождови, лизгање на земјиштето, атмосферски непогоди, сообраќајни несреќи, експолозии од течен нафтен гас и природен гас, имаат битна улога во зголемување на отпорноста на општеството), соодествува со прашање број 9 во анкетата за детските градинки и прашање број 5 во прашалникот за родители и стручни лица во Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување. Вработените во Детските градинки во 95 % одговориле дека се согласуваат и потполно се согласуваат дека воведувањето на методи во предметната програма за едукација за самозаштита во воспитно-образовниот процес ќе се зголеми ефикасноста и подготвеноста на децата во соочување со кризни ситуации како и многу важно намалувањето на стресот. Мислењето на персоналот во детските

градинки е многу важно за ова прашање затоа што тие директно секојдневно се вклучени во едукацијата и образованието на децата од предучилишна возраст. Како и тоа дека тие најмногу го познаваат и можат да го согледаат нивното однесување во текот на едукацијата и соодветно на тоа можат да го проценат и дадат мислење за тоа какво влијание во иднина би имало за нив и воопшто за образованието во предучилишните институции. Родителите и стучните лица од Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување на прашањето дали сметаат дека во воспитно-образовниот процес треба да се вклучат предметни програми за самозаштита кои ќе ги подготват децата во справување со ризици и кризи, потполно се согласувам и се согласувам одговориле 92 %, што го покажува заедничкиот став по ова прашање на. Родителите како фактор во секојдневното неформално образование и воспитание на своите деца кое е како еден своевиден продолжеток на формалното образование со одговорите во анкетата го покажуваат ставот за потребата за нивните деца да бидат подготвени и да знаат како да се заштитат. Од друга страна и вработените во Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување сметаат дека има потребата од подготовка за заштита и спасување и справување со кризи во образованието на децата од предучилишна возраст. Значајно за истражувањето е што засегнатите страни имаат слични ставови и мислење по ова прашање, што може да биде еден поттик за отворање на вратите на засегнатите институции за дискусии кои ќе донесат регулирање на ова прашање.

Воспитувачите и негувателите имаат важна улога во насочување на децата во воспитно-образовните институции. Според резултатите од спроведената анкета во Детските градинки тие го искажуваат ставот дека стручниот кадар во градинките треба редовно да посетува семинари и обуки од обласа на заштитата со цел да знаат како да се справат со кризните ситуации за да ги насочат и заштитат децата како и да бидат информирани за сите нови ризици и предизвици. Нивниот став е дека е потребно да се воспостави модел за едукација и самозаштита во воспитно-образовниот систем кој е клучен за безбедност во една држава.

Родителите на децата кои се засегнати за добросостојбата на децата освен во нивниот дом и во градинката како нивен втор дом и центар за едукација, иако се во голема мера задоволни од згрижувањето на своите деца во градинките, го искажуваат ставот дека се согласни персоналот во детските градинки кој се грижи за нивните деца дека е потребно да посетуваат семинари и обуки од обласа на заштитата со цел и нивните деца да бидат најдобро можно згрижени и заштитени. Родителите сметаат дека има потреба и ќе резултира со ефикасност воведувањето на предметни програми за самозаштита во воспитно-образовниот процес. Исто така тие го изразуваат и мислењето

дека стресот во голема мера би се намалил при ризик или криза доколку децата преку методите на едукација се стекнат со знаења соодветни на нивната возраст. Овие нивни констатации придонесуваат позитивно за јавната свест на заедницата за тоа дека се свесни за ризиците и кризите и дека е потребно што повеќе застапеност на самозаштита и справување со кризи и ризици како во формалното така и во неформалното образование.

Вработените во Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување како стручни во овој домен нивните одговори и мислења се дека се согласуваат дека цивилното општество е недоволно едуцирано за справување со евентуални ризици и кризи. Се согласуваат дека ефективната едукација мора да биде значителен дел од систематско вметнување во пристапите за намалување на ризиците во програмите за подготвеност. Сметаат дека нивната институција треба интензивно да се вклучи во едукација преку насочување, вежби, набљудување на ефикасноста од спроведување на методите и сл. Како и дека воспоставувањето на ефикасен модел на едукација на самозаштита (имплементација на соодветни наставни техники и методи од областа на природни непогоди и од човек предизвикани катастрофи во предучилишна возраст) во воспитно-образовниот систем ја зајакнува ефикасноста, подготвеноста и ефективноста на системот за заштита и спасување.

Генерално заклучокот од сите засегнати и вклучени страни во истражувањето е дека е потребно институционално решавање на овие прашања во воспитно-образовниот систем и системот за управување со кризи, односно дека раното учење ќе придонесе за создавање на отпорни заедници.

## 5.5 Резултати од набљудување на децата во модалниот експеримент воспитно-образовни активности за справување со кризни ситуации

Набљудување на децата во модалниот експеримент дава информации со кои се потврдува втората посебна хипотеза „Примена на моделирани вежби и симулации со низок интензитет, преку игра и поделба на улоги, кај деца од 4 - 6 години е поврзана со подготвеноста за реакција во реална ситуација и со намалување на последиците". Предмет на набљудување беа две воспитни групи од Јавна Општинска Установа за деца Детска Градинка „Гоце Делчев" - Општина Илинден. Првата воспитна група од 4 - 6 години со вкупно 15 деца каде набљудувач е воспитувачот на групата. Втората воспитна група е од 5 - 6 години со вкупно 14 деца каде исто така набљудувач е воспитувачот на групата. Голема предност е што воспитувачите на групите ги водат децата од нивното поаѓање во градинка до нивно поаѓање на училиште. Ова придонесува за значителен ефект заради тоа што воспитувачите се долго време со децата и исклучително добро ги проценуваат и ги познават нивните однесувања за времето на престој и едукација во детската градинка. Поради тоа тие освен тоа што се стручни лица за педагошка работа со деца од предучилишна возраст, се најкомпетентни да ја набљудуваат и проценат фактчката состојба на децата ефективно и ефикасно и како директни набљудувачи.

Од листот за набљудување кој се користеше за набљудување на децата при модалниот експеримент за воспитно-образовни активности за справување со кризни ситуации може да се забележи дека примената на моделирани вежби и симулации со низок интензитет, преку игра и поделба на улоги кај деца од 4 - 6 години е директно поврзана со подготвеноста за реакција во реална ситуација и намалување на последиците, соодветствува со втората хипотеза која е предмет на истражување и покажува дека ефектот од спроведување на активностите е значителен. Децата покажуваат високо ниво на заинтересираност и активност за време на модалниот експеримент. Нивната заинтересираност пробудува и развива креативност во нивните размислувања за време на активностите.

Уште од почетокот на активностите децата покажуваа заинтересираност да осознаат нови нешта и со големо внимание ги следеа воспитувачите. Ги покажуваа своите импресии во врска со темите и нивните доживувања во поблиската директна или индиректна околина. Имаа храброст да поставуваат прашања за кои имаа нејаснотии. Задачите кои им беа зададени во активностите игри, цртежи, симулации внимателно ги извршуваа и даваа свои предлози и согледувања во врска со активностите, како и

разјаснување на некои прашања за кои не беа сигурни. Од големо значење е што децата разбраа дека е ова важно за нивната безбедност, беа поттикнати да размислуваат и да ги искажуваат своте ставови, како и да бараат одговори.

Беа набљудувани вкупно 29 деца. Од нив дури 22 покажаа висок степен на подготвеност и примена на стекнатото знаење и активно учестува во активностите. Само кај 7 деца се забележува отсутност, слаба активност и подготвеност но воспитувачот забележува дека тие деца вообичаено имаат помала активност и за време на другите часови. И во овој случај може да се забележи дека нивнате реакции не се променети поради експериментот, туку дека е тоа нивно вообичаено однесување и за време на други воспитно-образовни активности во детската градинка. За време на воспитната активност учествуваат 28 деца. Отсутно е само 1 дете. Додека покажување отпор и негодување нема кај ниту едно дете. Ова е исклучителна важна позитивна насока за експериментот која покажува дека активностите не предизвикуваат негативни реакции кај децата, туку напротив тие позитивно реагираат на спроведувањето на активностите. Ваков пример можеби треба да биде една насока, дека е навистина потребно и би резултирало со позитивен импакт системското воведување на наставни програми за справување со кризи во воспитно- образовниот систем во предучилишно образование. Овие резултати кои се добиени непосредно, во интеракција со децата во дневната образовна активност на тема кризи и ризици покажуваат високо задоволителни резултати. Набљудувачите забележуваат и констатираат дека е постигната е поголема подготвеност и разлика на знаењата пред и по активностите на децата . Воспитувачите како стручни во процесот на воспитување и едукација во предучилишното образование забележаа дека вакво континуирано подготвување на децата преку активности би допринело до унапредување на внимателност во однос на нивната безбедност и справување со небезбедни ситуации. Воспитувачите констатираат дека е ова повеќе од нужно и дека децата се желни за знаење од ваков тип и се подготвени да научат. Воспитувачите како директни набљудувачи по согледаната состојба и напредокот на децата укажаа за неминовната потреба од вакви методи на образование. Тие покажуваат особен интерес за вакви теми и содветно на нивната возраст го разбираат тоа дека се работи за нивна безбедност. Врз нив влијае и тоа дека соочиле слична ситуација во нивната околина или загрозување на безбедноста на нивните блиски. Сето тоа им дава мотив да знаат повеќе за својата безбедност, безбедноста на нивните блиски и за општата безбедност, како да бидат подготвени да се справат, како да помогнат и да повикаат помош соодветно на нивната возраст. Особено значајно е да се обучат децата да повикаат помош тогаш кога им е потребно и да знаат од кого и како да побараат помош во зависност од ситуацијата. За време на активностите присуствуваше и детски психолог. Психологот ја проценуваше

нивната психолошка состојба за време на активностите за што даде и извештај од проценката.

### 5.5.1 ЛИСТИ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ

*Набљудувач : Воспитувач - Марија Костовска*

*Воспитна група на набљудување: 5 - 6 години*

*Датум: 28.12.2021*

*2 посебна хипотеза*

| Име и презиме | **А** | **О** | **В** | **У** | **П** | **+** | **-** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ана Маневска | X | X | √ | √ | X | + | |
| Наум Алексиќ | X | √ | X | X | X | | - |
| Дарио Насковски | X | X | √ | √ | X | + | |
| Лина Максимовска | √ | X | √ | √ | X | + | |
| Нена Тошевска | X | X | √ | √ | X | + | |
| Мила Максимовска | √ | X | √ | √ | X | + | |
| Лара Цветановска | √ | X | √ | √ | X | + | |
| Јана Савовска | √ | X | √ | √ | X | + | |
| Борјана Станковска | √ | X | √ | √ | X | + | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Нено Маневски | X | X | √ | X | X | | - |
| Стефан Станковски | √ | X | √ | √ | X | + | |
| Андреј Стојановски | √ | X | √ | √ | X | + | |
| Даријан Ацовски | √ | X | √ | √ | X | + | |
| Михаела Мијалковска | √ | X | √ | √ | X | + | |

*Набљудувач : Воспитувач - Марија Стојковиќ*

*Воспитна група на набљудување: 4 - 6 години*

*Датум: 28.12.2021*

*2 посебна хипотеза*

| Име и презиме | **А** | **О** | **В** | **У** | **П** | **+** | **-** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Урош Јанев | √ | X | √ | √ | X | √ | |
| Јована Миленковска | X | X | √ | √ | X | √ | |
| Јована Ангеловска | X | X | √ | √ | X | | √ |
| Калина Илиевска | X | X | √ | √ | X | √ | |
| Сара Мацовска | X | X | √ | √ | X | | √ |
| Владимир Ристовски | √ | X | √ | √ | X | √ | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Анисија Ѓорѓиевска | √ | X | √ | √ | X | √ | |
| Кели Младеновска | √ | X | √ | √ | X | √ | |
| Луна Трајчевска | √ | X | √ | √ | X | √ | |
| Ања Ристовска | √ | X | √ | √ | X | √ | |
| Леонид Ристовски | X | X | √ | √ | X | √ | |
| Христина Бошковска | X | X | √ | √ | X | | √ |
| Даниел Ивановски | √ | X | √ | √ | X | | √ |
| Катја Филиповска | √ | X | √ | √ | X | √ | |
| Стефан Младеновски | X | X | √ | √ | X | | √ |

**А**- Активен (Мојаноски, 2012, p. 362)

**О**-Отсутен (Мојаноски, 2012, p. 362)

**В**-Внимателен (Мојаноски, 2012, p. 362)

**У**-Учествува

**П**- Покажува отпор

**Н**- Негодување

**+**- Покажува висок степен на подготвеност и премена на стекнатото знаење

**-**- Недоволна , слаба подготвеност и слаб ефект од применетите дневни воспитно-образовни активности на едукација за самозаштита

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Пред да започнеме со завршните заклучоци и препораки сакаме да ја напоменеме потребата за што е можно побрзо системско решавање на ова клучно прашање. Децата се една од најранливите општествени категории кои ја отсликуваат целокупната општа отпорност и безбедност во државата. Тие можат да влијаат за нејзино подобрување, а со тоа и креирање на генерации кои во иднина ќе бидат подготвени да се справат и да градат отпорност кон ризикот.

По ова прашање како законско уредување досега во Република Северна Македонија се донесени Закон за управување со кризи [37] и Закон за заштита и спасување[38] кои се однесуваат општо за заедницата без поблиско уредување во воспитно-образовниот систем. Конкретно поблиску во делот на образованието се уредува со Правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции[39]. Но мора да нагласиме и како што покажа нашето истражување правилникот во практика не се спроведува во целост, односно недостасуваат насоки за делување и има многу недостатоци во неговото организирање и спроведување во воспитно-образовниот систем. Друга констатација е дека овој правилник потребно е да се провери, ревидира, измени и дополни врз основа на новите предизвици, закани и потенцијални ризици. Согласно на тоа потребно е да се донесат и други подзаконски акти кои поблиску и доследно ќе го уредат неговото спроведување. Исто така неопходно е да се изготват прирачници, програми и упатства кои се потребни за да може системски да се имплементира процесот. Важно е правилникот да се ревидира и усогласува со новото време, новите предизвици, новите закани и ризици. Исто важно е да се се земат во предвид успешните позитивни практики, искуства и програми во локални и глобални рамки на другите земји и да се прилагодат на нашето законско уредување и систем.

Наодите од нашето истражување покажуваат дека институциите, лицата вклучени во процесот на воспитување и образование на децата, претходните

[37] „ Закон за управување со кризи, Службен весник на Република Македонија бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 215/21.
[38] Закон за Заштита и спасување, Сл.весник на РМ, 93/2012, член 119.
[39] Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции, Службен весник на РМ број 48/2006.

истражувања, примери за позитивни и успешни практики, сите директни и индиректни чинители во процесот на управување со кризи и воспитно-образовниот систем и истражувањата во магистерската теза се усогласени дека е потребно системско уредување на ова прашање. Со цел да се постигне повисок степен на заштита и безбедност на децата.

Раното детство е важно за севкупниот развој на личноста. Теориите и истражувањата укажуваат на значењето на раното детство за интелектуалниот, емоционалниот, говорниот и социјалниот развој, а со тоа и на големата важност на организираното создавање на услови за тој развој. Развојот претставува процес на промена кој настанува како резултат на почитување на индивидуалните карактеристики на детето, следење на неговите внатрешни сили и природниот развој во кој детето ги зголемува и ги зајакнува вештините за движење, размислување, чувствување, зборување.

Воспитувачите во градинката преземаат активности со цел да креираат услови за осознавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко-откривачки процеси и решавање на различни проблемски ситуации од страна на секое дете со што се поттикнуваат и се развиваат моторичките, јазичните, когнитивните и социоемоционалните вештини. Минималните стандарди за отпорност на воспитно-образовните установи за несреќи и катастрофи произлегуваат од фактот дека несреќите и катастрофите кои се случуваат со голем интензитет не бираат ни време ни место, не бираат ниту кој ни во која мера ќе биде изложен. Кај децата како едни од најранливите категории со цел смалување на ризикот од несреќи и катастрофи, неопходно е да се најде најдобриот начин за учење. Воспоставување на комуникација со децата, едуцирање, за да се запознаат со ризиците и опасностите на кои можат да бидат изложени. Како и мерки кои би можеле да ги преземат во новонастанатите ситуации со цел за намалување на ризикот и стресот како би можеле да ја пребродат ситуацијата се до опоравување.

Минималните стандарди за отпорност на воспитно-образовните институции за несреќи и катастрофи би помогнале при унапредување на одговорот при кризи и предвидливо однесување и координација на сите актери, вклучувајќи и образовни власти. Како би децата погодени од несреќа или катастрофа да имаат право на сигурност, достоинствен живот и помош.

Фокусот на препораките е во насока на насловот на овој труд „Воспитно-образовниот систем во системот за управување со кризи “ и поврзаноста со генералната и посебните хипотези. По анализа на анкетните прашалници и резултатите на листите за набљудување на модалниот експеримент реализиран во детска градинка, односно извлекувањето на заклучоци од истите ги изнесувам најважните препораки кои имаат за

цел да придонесат кон насоки за реформи за креаторите на политиките за поефикасен систем за справување со кризи и ризици.

* Следствено на тоа неопходно и потребно е да се внесат одредби во Законот за заштита на децата[40] кои се однесуваат на програми за справување со кризи и кризни ситуации во согласност со стандардите за рано учење и развој. Во годишните планирања на воспитно-образовните активности потребно е да се разработат програми по кои ќе се работи во детските градинки со децата од предучилишна возраст. Во Законот за заштита на децата да се внесат и одредби за исполнување на минимални стандарди за отпорност, на кои ќе бидат обврзани сите актери со конкретни задачи кои треба да ги исполнат и насоки за делување со цел за постигнување на максимална сигурност и заштита на децата. Согласно тоа, треба да се вклучат сите релевантни институции и стручни органи за да се спроведат стандардите и програмите за справување со кризи и кризни ситуации.

* Министерот за образование и наука и директорот на Дирекција за заштита и спасување донесуваат Правилник[41] за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции со кои нормативно-правно се уредува таа проблематика. Правилникот е објавен во (“Службен весник на РМ ”број 48/2006), а донесен врз основа на член 119 став 1 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ, број 36/04 и 49/04). Имајќи предвид дека истиот е донесен во 2006 година, а досега нема покажано посакуван обем на примена предлагаме јавна расправа за неговата примена. Од расправата може да произлезат насоки за негова измена и прилагодување. Добро би било да се направи истражување и проценка во соработка со сите релевантни институции и потоа да се донесе нов правилник со поголем осврт на едукација за самозаштита во сите образовни институции почнувајќи од најмалите. И сето тоа поблиску и поконкретно да се уреди како законско решение.

Кај правилникот за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции може да забележиме дека: Недостаток на правилникот е што остава голем простор за реализација на едукацијата во самозаштитата во образовните институции како факултативен избор, што според нашето истражување и согледување сето тоа се реализира минимално или воопшто не се реализира. Правилникот треба да се доуреди, со поголемо внимание на тоа да се вменат повеќе содржини од областа на самозаштита во редовните наставни програми во образовните институции. Спојувањето на различи дисциплини даваат иновативни алатки за поголеми

[40] Закон за заштита на децата, Службен весник на РМ бр. 23 од 14.02.2013 година.
[41] Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции, Сл.весник на РМ бр. 36/04 и 49/04, член 2 и 3

ефекти. Треба да се изгради систем во кој во фокусот ќе бидат децата и нивните најдобри интереси.

* Бирото за развој на образованието како орган на управа во состав на Министерството за образование и наука врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во Република Северна Македонија. Дејноста на Бирото за развој на образованието опфаќа компоненти со кои се одредуваат целта и содржината на воспитно-образовната работа во областа на предучилишното, основното, гимназиското, средното стручно и постсредното образование, образованието на децата со посебни образовни потреби, образованието на возрасните, ученичките домови, како и за образованието на децата и граѓаните на Република Северна Македонија во странство за учење на мајчиниот јазик и култура. Имајќи ја во предвид оваа нивна улога и дејност сметаме дека Бирото за развој на образованието е клучно во овој процес за поттикнување на реформите. Но истакнуваме дека е потребна нивна поголема концентрација и внимание првично во процесите на предучилишното образование. Бирото за развој на образованието како надлежно за унапредување и проучување на просветно-педагошката работа во Република Северна Македонија треба да биде иницијатор и двигател на овие процеси. Нивната вклученост и соработка со другите стручни креатори и учесници во системот за управување со кризи е исклучително неопходна и неминовна. По внесување на одредби за минимални стандарди за отпорност и програми за кризи и кризни ситуации во Законот за заштита на деца, Бирото за развој на образованието ја има клучната улога во давање на мислења и предлози за составување на наставните планови и програми како и се грижи за нивна примена. Бирото за развој на образованието треба да ги проучи овие процеси и да даде предлог за нивно имплементирање. Овие сложени цели се исполнуваат преку формирање на стручни тимови кои треба да ги спроведат промените во училиштата како и предлагање на мерки за стручно подготвување на наставниот кадар и спроведување на процесите. Повеќе за нивната работа може да се погледне на следнава интернет адреса: https://www.bro.gov.mk/

Додека тоа не се уреди и стави во законска рамка, остава простор за манипулации и невнимание. Човечкиот фактор е најбитен за превенција, рано предупредување и реакција и затоа мора да биде подготвен на највисоко ниво за да може соодветно да реагира. Раните интервенции, меѓудисциплинскиот пристап и развојот на универзални јавни политики за децата се од витално значење. Изучувањето на самозаштитата и безбедноста, справувањето со кризи и ризици треба да почне од најмала возраст односно од предучилишна установа и потоа континуирано да се надградува во понатамошното образование. Неговото изучување е потребно да биде воведено како предмет во редовна

настава. Во изучувањето на предметот да се предвидат редовно обуки, вежби и симулации кои ќе бидат дел од редовната настава.

Ова се потврдува и со прашањето во анкетниот прашалник „ Мислите ли дека со воведувањето на методи за успешно спроведување на предметната програма на едукација за самозаштита во континуитет ќе придонесе за подготовка на цивилното општество за справување на ризици и опасности “. Каде 94 % од испитаниците одговориле позитивно. Ова ја потврдува генералната хипотеза во истражувањето дека воведувањето на методи за успешно спроведување на предметната програма на едукација за самозаштита во континуитет ќе придонесе за подготовка на цивилното општество за справување со ризици и опасности. Со имплементација на соодветни наставни техники и методи во воспитно-образовниот систем се зајакнува ефикасноста, подготвеноста и ефективноста на системот за заштита и спасување, односно преку раното учење ќе се подобри целокупната безбедност на граѓаните. Затоа потребата да се воспостави ефикасен модел на едукација и самозаштита во воспитно-образовниот систем и неговото успешно спроведување би бил од клучна улога за безбедноста на земјата.

* Задолжителна едукација за воспитно-образовниот кадар и вработените во градинките. Кадарот во градинките на кои им е доверена грижата и воспитанието на децата мора да биде соодветно обучен и едуциран за справување и одговор при кризи и кризни ситуаци и ризици. Лицата на кои им се доверени децата мора да бидат подготвени за безбедност и заштита во кризи и кризни ситуации. Едукацијата на воспитно-образовниот кадар мора да биде дел од националниот план за заштита и спасување и да се прилагодува и надградува континуирано. Воспитно-образовниот кадар во градинките мора редовно да посетува семинари и обуки од обласга на самозаштита. Воспитно-образовните работници како најблиски можни чинители до децата, доколку би се случила кризна ситуација за време на нивното престојување во градинката ќе бидат во состојба да се соочат и поради тоа мора да бидат подготвени и да интервенираат согласно ситуацијата. Овој факт го покажуваат и позитивните одговори на прашањата во анкетните прашалници каде што и самиот воспитно-образовен кадар се изјаснува дека има потреба од едукација за превенција и соочување со ризици и кризи. Истото го потврдуваат со одговорите на тоа прашање и во анкетните прашалници до Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи, како и родителите на децата кои се згрижени во градинката.

* Во секоја воспитно-образовна инстутуција е потребно да има одбор за одговор при кризни ситуации. Истите тие да бидат задолжени за изработка на план за одговор

при кризи и ризици, кој треба да биде интерно прилагоден на ризиците и кризите кои можат да се случат во институцијата, изложеноста на ризик во нивната поблиска околина како и подготвеноста врз основа на капацитетите и ресурсите во согласност со внатрешните и надворешните фактори. Општините кои законски се обврзани да ја прават процената за ризици на нивното подрачје треба да се вклучат во изработката на тој план на детските градинки на нивната територија. Потребно е учество на надлежните лица од општините во изработката на планот, како и по потреба ангажирање на други стручни лица од областа. Планот да подлежи на контрола и одобрување од страна на Центарот за управување со кризи. Стручните лица вработени во Центарот за управување со кризи да го проверуваат и доколку е потребно да дадат насоки и предлози за негово подобрување. Истиот да се ревидира на секои 4 години. Децата мора да бидат заштитени и секој фактор што може да се предвиди и превенира треба да се вклучи и соодветно да се планира справувањето, можниот одговор и реакција.

* Освен што процесот треба да се унапреди во формалното образование потребно е што повеќе да се проширува и делува во неформалното образование и јавната сфера. Родителите како многу битен фактор во развојот и учењето на детето од исклучителна важност е тие во домашното неформално образование да го продолжат процесот на учење за важноста на безбедноста и самозаштитата. За тоа е потребно е да се влијае од страна на системот и институциите за подигање на јавната свест. Односно личната и заедничката заштита претставува најмасовниот облик на подготвување и организирање на граѓанското општество во заштита и спасување.

* Поголемо внимание, учество и контрола на Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и Министерството за внатрешни работи како надлежни институции во системот за управување со кризи и заштита и спасување. Нивната вклученост треба да биде повеќе застапена во едукацијата на вработените и во образовниот процес на децата. Потребна е поголема соработка и отвореност како инстутуции кои се задолжени за безбедноста и заштитата. Со тоа би се доближиле повеќе до јавната свест на директен начин со претставување на нивната работа, важноста на заштитата и пренесување на практични знаења за самозаштита и безбедност. Оттука тие би можеле и да ги согледаат позитивните и негативните фактори и како стручни во областа да предложат начини за нивно подобрување. Потребни се редовни посети од ЦУК , ДЗС и МВР во образовните институции, како и посети на децата/учениците во ЦУК, ДЗС и МВР. Децата би научиле и би се едуцирале на поблизок и попретставителен начин директно од самите стручни лица во институциите. Да се осмисли начин со кој на децата ќе им се претстават практично програми за вовед во заштита и безбедност како

би ја согледале важноста на безбедноста и соодветно би се едуцирале од лицата кои го спроведуваат тоа. Впрочем на сличен начин во магистерскиот труд во делот - Примери од меѓународна пракса на методи и техники во областа на природни непогоди и од човек предизвикани катастрофи во предучилишна установа е претставен и примерот од меѓународна практика во Руската федерација каде децата учат директно од службите за итна помош.

Впрочем и на прашањето бр.5 во анкетниот прашалник доставен до ЦУК и ДЗС - „Сметате ли дека во методите за самозаштита во предметните програми во предучилишното образование треба интензивно да се вклучи Вашата институција во едукација преку насочување на различни (вежби, набљудување на ефикасноста од спроведување на методите сл.“, самите вработени - стручни лица се изјасниле со позитивен потврден одговор дека се согласуваат во 92 %. Стручните лица вработени во ЦУК и ДЗС сметаат дека нивната институција треба да се вклучи во едукација преку насочување (вежби, набљудување на ефикасноста од спроведување на методите и сл.) во предметните програми во предучилишното образование. На ова прашање треба особено да се обрне внимание и да се изнајде решение како да се спроведе и организира процес во кој би се вклучиле ЦУК и ДЗС во едукација во предучилишните институции на децата и вработените, што би довело до поефективно и поефикасно спроведување и реализирање на програмите.

* Во јавниот простор каде што најмногу е застапена јавната свест препорака/предлог до Владата, да спроведе проект „ Како сами да се заштитиме “ (или соодветно друг наслов согласно темата). Во проектот стручни лица би изработувале кратки филмови, видеа, реклами и анимирани пораки за детската популација на темата кризи, ризици, безбедност и како сами да се заштитиме. Нашето истражување во набљудувањето на модалниот експеримент и со него потврдувањето на втората посебна хипотеза „Примена на моделирани вежби и симулации со низок интензитет, преку игра и поделба на улоги, кај деца од 4 - 6 години е поврзана со подготвеноста за реакција во реална ситуација и со намалување на последиците “, не насочува дека на овој начин преку учење, делување, прикажување и повторување на одредени (насоки) активности соодветни за возраста, децата ќе бидат запознаени како да реагираат и со тоа ќе се подигне свеста на децата за кризи и ризици и самозаштита. Потребно е да биде во фокус како едно дете да се заштити само и како според своите способности да помогне на друг доколку се најде во ситуација во која има потреба за помош. Во овој дел би било значајно да се вклучат и невладини организации со креирање на настани од таков вид, каде што би реализирале активности поврзани со појавите кои би се одвивале на некој начин во природата односно (паркови, игралишта, училишни дворови...). Активностите би ги

доближиле темите до таа возрасна група на деца на креативен, динамичен и интересен начин. Во јавната сфера има и недостаток на детска литература за подигање на јавната свест во општеството. Потребно е да се изработат и сликовници, боенки, приказни на темите од природни непогоди кои на едукативен начин ќе бидат прикажани и доближени до детската возраст.  Да се влијае за поголема ангажираност и мотивираност на невладините организации преку повици за грантови и проекти за нивна вклученост во овој дел во поголем број. Со тоа во јавниот простор постојано и континуирано би се одржувала јавната свест, преку организирање на разни настани, обуки, натпревари и креирање на нови содржини и иновативни решенија.

Ќе го земам како пример и пристапот на соседна Република Србија каде организацијата Каритас Србије под проект на Министарство унутрашњох послова - сектор за ванредне ситуације - Република Србија од 2015 под програмата „Смањивање ризика од природних катастрофа" има изработено многубројни прирачници, пубикации, работни тетратки, боенки, сликовници наменети за детска возраст. Некои од повеќето се: Боенка - „Учим и бојим природне опасности земљотрес", Сликовница - „Знањем до сигурности поплаве", Боенка - „Учим и бојим природне опасности поплаве", Сликовица - „Знањем до сигурности пожари", Боенка - „Учим и бојим природне опасности пожар". Материјалите се изработени на многу креативен начин преку кој можат да допрат до децата, како посебно внимание на децата до 10 години како најранлива категорија. Тие истакнуваат дека преку едукацијата на најмладите се обликува генерација која ќе шири превенција и припрема за природни катастрофи. Преку игри, задачи за решавање и слики децата се запознаваат со мерките кои можат да ги преземат како би се заштитиле. Мислиме дека е ова многу добар пример како може да се влијае врз воспитно-образовниот систем и негово унапредување во нашата земја. Материјалите се достапни на web страната: https://caritas.rs/

*Според нашата анализа Црвениот крст на Република Северна Македонија активно учествува и е вклучен во системот за управување со кризи и самозаштитата. Вклучително тоа и е дел од неговите мисии. Како, ублажување на човековото страдање, заштитата на животот и здравјето, делување во случај на несреќи и катастрофи, постојана подготвеност за давање на помош. Во својата работа има издадено многубројни публикации, брошури, прирачници, постери, флаери како едукативно информативни материјали во делот на самозаштита и справување со кризи. Црвениот крст на РСМ има изработено проценка на ризици и ранливост на образовни институции (градинки). Редовно организира и учествува на обуки и вежби за самозаштита и справување со кризи на цивилното население како и во образовните институции (училишта, детски градинки). Организира вежби и симулации во образовните

институции за што има и докуметирани видеа од активностите, изработка на видеа со клучни пораки за самозаштита и др. При мојата посета во Црвениот крст на РСМ во Скопје која што ја имав за целите на истражувањето за мојот магистерски труд, ја забележав нивната особена трудољубивост, подготвеност, спремност, организираност за помош и комуникација на секој начин што би можел да допринесе за унапредување на системот за кризи и самозаштита. Во разговор со стручните лица добив многубројни информации, помош, насоки и материјали кои потоа беа искористени како патокази и едукативни материјали за спроведување на модалниот експеримент во градинката. Нивната работа и учество во системот за заштита и справување со кризи е на многу високо ниво. Нивната работа и делување може да се погледне на web страната: https://ckrm.org.mk/

Центарот за управување со кризи на Република Северна Македонија како дел од системот за управување со кризи ги остварува своите цели и делува на цивилното население да биде постојано информирано за сите промени преку сервисни информации. За итни случаи го користи бројот 112. ЦУК на РСМ има изготвено прирачници, зборници, теоретски списанија, упатства за граѓаните за помош и постапување во време на криза. Нивната работа може да се погледне на следнава web страна: https://cuk.gov.mk/

Дирекцијата за заштита и спасување во својата цел и мисија како дел од системот освен што има изработено упатства и прирачници за граѓаните за секоја опасност во насока за обучување и оспособување за самозаштита, континуирано врши обуки и евакуациски и симулациски вежби во болници, клиники, училишта, градинки, правни субјекти, банки, и др. места изложени на ризик. Примери за места на извршени обуки и вежби: Рафинерија ОКТА, Макпетрол, ЈП „Македонски шуми“ итн. ДЗС на РСМ двапати годишно организира отворени денови во парк преку тематски игри и показни вежби под мотото „Соочи се со предизвиците низ игра“, кој се одржуваат во Градскиот парк во Скопје. Децата имаат можност одблиску да се запознаат со сите сегменти на заштита и спасување од катастрофи. ДЗС ги унапредува и зајакнува своите капацитети и преку меѓународна соработка каде учествува во многубројни меѓународни активности и мисии. Дирекцијата за заштита и спасување, како оперативно тело на Владата на РМ, интензивно работи на унапредување и зајакнување на своите капацитети, во рамките на безбедносниот систем на државата, како негов круцијален сегмент. Нивната работа може да се погледне на следнава web страна: https://www.dzs.gov.mk/.

Системот за управување со кризи потребно е да се усовршува и надградува во согласност со заканите, опасностите, ризиците во соодност со капацитетите и ресурсите кои стојат на располагање на институциите на системот. Нивното вложување и поголемо

внимание и влијание во воспитно-образовниот систем и раното учење ќе креира генерации кои ќе бидат подготвени да се соочат со предизвиците и заканите кои ги очекуваат и на кои ќе бидат спремни да одговорат и да се самозаштитат. Со тоа цивилната заштита ќе биде подигната на повисоко ниво, ќе се намали ранливоста на ризици и закани и ќе резултира со подобрување на отпорноста на општеството од сите ризици и закани.

## Библиографија:


Ален Брајман, 2015, Методи на општественото истражување, Универзитет „Св.Климент Охридски“- Битола

Alicia Cabezudo, 2008. Упатства за глобалното образование, Lisabon: North-South Центарот на Советот на Европа - Лисабон 2008

Alliance Moving Minds Јануари 2023, Child protection fot the youngest children affected by emergencies,

Батиќ, Д., 2012. Психологија на комуникацијата, Скопје: Факултет за безбедност - Скопје

Бушуев Александр Николаевич, 2016, **ДОПОЛНИТЕЛЬНАЯ ОБЩЕОБРАЗОВАТЕЛЬНАЯ (ОБЩЕРАЗВИВАЮЩАЯ) ПРОГРАММА «Самооборона»** - Разработчик: педагог дополнительного, образования, город Нижний Новгород,

Георгиева Л., 2009, Менаџирање на ризици, Филозофски факултет - Скопје

V., R., 2003. Obrazovanje ucitelja I odgojitelja. Pula

Дамовска, Л. & Шеху, Ф., 2018. Воспитувачот како истражувач. Скопје: Просветно дело

Дамовска, Л., Шеху, Ф. & Барбареев, К., 2018. Компетентен воспитувач. Скопје: Просветно дело

Дамовска, Лена, Ф. Ш., 2018. Воспитувачот и средината за рано учење и развој. Просветно дело

Del Moral, R. & Walker R., L., 2007. Environmental Disasters, Natural Recovery and Human Responses. Las Vegas: Cambrigde University Press

Дирекција за заштита и спасување, Ноември, 2011. Заштитата и спасувањето во Република Македонија. Скопје

Durić, S., Istraživanje bezbednosti - kvalitativni pristup, 2013, Fakultet bezbednosti, Beograd

Ѓуровски, Марјан; Николовски, Маријан; Герасимоски, Саше, 2020. Безбедносни ризици и закани-третман, феноменологија и мапирање, Факултет за безбендост- Скопје и Фондација „Конрад Аденауер“

Ѓуровски, Марјан, Мојаноски, Цане. (2018). Вовед во безбедноста. Скопје: Фондација Конрад Аденауер - Скопје

Ѓуровски, М. (2017). Безбедносни политики и концепти. Скопје: Фондација „ Конрад Аденауер“ - Репбулика Македонија

Иванов, А., 2013. Заштитата на животната средина во остварување на безбедноста во Република Македонија – теоретски, нормативни и институционални аспекти (необјавен докторски труд). Скопје

Ivanov, A. & Cvetkovic, V., 2014. THE ROLE OF EDUCATION IN NATURALDISASTER RISK REDUCTIOH. Horizons - International Scientific Journal, Series A, Social Sciences and Humanities, Year X, September, Том 16, pp. 115-130

Jensen C., Understanding Risk and Protective Factors in Humanitarian Crises, 2021

Камчевска, Б., 2006. Развој на програми и стратегии за автоиндивидуализација на децата . Во: Развој на програми и стратегии за автоиндивидуализација на децата .

Кешетовиќ, Ж., Корајлиќ, Н., Иван, Т. & Ѓуровски, М., 2017. Управување со кризи меѓу теоријата и практиката. Скопје: Факултет за безбедност- Скопје

Комисија за образование, 2014, Совет на Општина Штип,Факултет за образовни науки,. Современото воспитание и образование (зборник на трудови). Штип

Лазаревски, П., Ѓоргон, Н. & Талески, М., 2010. Национална платформа на Република Македонија за намалување на ризици од несреќи и катастрофи, 2 дополнето издание. Скопје: Центар за управување со кризи

Мојаноски, Ц., 2012. Методологија на безбедносните науки-истражувачка постапка-книга II. Скопје

Марина-Малиш Саздовска, Никола Дујовски. (2009). Безбедносен Менаџмент. Скопје: Факултет за безбедност

Петров, Н. & Михајловски, В., 1995. Креативноста и воспитувањето, Битола

Поповски В., Прирачник за граѓани - Подготвеност 72 - Основи за подготвеноста на граѓаните, Скопје: Институт за демократија „Социетас Цивилис“

Rajkovchevski, R. (2017). Emergency management capacities at the local level: Challenges and requirements according to Sendai Framework. Faculty of Security - Skopje

Paalman et al. 2011, Child and Adolescent Psychiatry and Mental Health, BMC

Солунчевски, М., 2014. Цивилна заштита. Свети Николе и Битола

Флорина Шеху, 2014. Примена на стандардите за рано учење и развој

м-р Шабан Салиу, д.-р. А. Г.-р. М. Т. и. Г. Н., Ноември, 2011. ЗАШТИТАТА И СПАСУВАЊЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, Скопје: Дирекција за заштита и спасување

Министерство за труд и социјална политика, Дамовска, Лена; Шеху, Флорина; Ј.Н; С.П. Љ; , Стандарди за рано учење и развој кај деца од 0 до 6 години

Министерство за труд и социјална политика, Службен весник на РМ, бр. 82 од 19.05.2015 година. Програма за рано учење и развој за деца со пречки во развојот

Конвенција за правата на децата, 1990, Обединети нации

Национална платформа за намалување на ризици од катастрофи, 2019, Влада на Република Северна Македонија

European Union Civil Protection, 2018, Peer review – report North Macedonia

International Bank for Reconstruction and Development / The World Bank,2021, Diagnostic Report Emergency Preparedness and Response Assessment

North-South-Центар на совет на Европа-Лисабон, 2008, Упатства за глобалното образование

Пројекат Црвеног крста Србије “ Сигурније школе - отпорније заједнице ”, То може да се деси, буди спреман

Прирачник Отпорно Скопје - Стратегија за климатски промени,2017

Reduction, U. N. O. f. D. R., н.д. Sendai Framework for Disaster Risk Reduction 2015 - 2030.

Савиќ С., Кривокапиќ Ј., Октомври 2022, Прирачник за комуникација во кризни ситуации, ДЦАФ – Женевски центар за управување со безбедносниот сектор

Save the Children za sjreverozapadni Blakan, 2016 SMJERNICE

UNICEF, Јули 2021, Child protection strategy 2021-2030

UNISDR, May 2009. 2009 UNISDR Terminology on Disaster Riski Reduction. Geneva: United Nations

Federacija BiH i Brcko Distrikt BiH,2018, SKOLE SKOJENE ZA SIGURNO DJETINSTVO

Hrvatski Crveni Kriz, 2019, http://www.redcross.org.au/

Caritas Srbije,2015, ЗНАЊЕМ ДО СИГУРНОСТИ

Центар за управување со кризи, 2009. Систем за управување со кризи, прирачнк за граѓаните. Скопје: Центар за управување со кризи

Црвен крст на РМ, 2018. ИЗВЕШТАЈ за проценка на ризици и ранливост на образовни институции (градинки) на територијата на Град Скопје.

Црвен крст на Република Македонија, 2018, ПРИРАЧНИК ЗА ЗАШТИТА И САМОЗАШТИТА ВО СЛУЧАЈ НА ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ НАМЕНЕТ ЗА РАБОТА СО ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 4 - 6 ГОДИНИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

Црвен крст на РМ, Kansai International Center, Japan International Cooperation Agency, 2016, БОКОМИ прирачник : споделување на лекциите од градот Кобе

Australian Red Cross, Emergency REDiPlan-http://www.redcross.org.au/

ЕУ ПРОЕКТ COMMAND,методологија за подршка за донесување на одлуки (проценка на ризик) во Северна Македонија

David Selby and Fumiyo Kagawa, UNICEF, 2012, Disaster Risk Reduction in School Curricula

INSPIRATION - Spatial Data Infrastructure in the Western Balkan, Соработка за простор

Закон за заштита на децата (Сл.весник на РМ бр. 23/13)

Закон за основно образование, (Службен весник на РМ, бр. 103 од 19.08.2008 година), член 10

Закон за пожарникарство (Службен весник на РМ, бр. од 168 од 21.11.2017 година)

Закон за управување со кризи (Сл. Весник на Р.Македонија бр.29/05 од 04.05.2005 година)

Правилник за содржината и начинот на спроведување на обучувањето за самозаштита во образовните институции со кои нормативно - Објавен е во (“Службен весник на РМ” број 48/2006)

Устав на Р.Македонија, (Службен весник на РМ бр.52/1992) член 124 и 125

https://eiehub.org/education-in-emergencies-and-child-protection

https://www.ieac.org.uk/8-Ensuring-Child-Safety-in-Schools-Effective-Strategies-and-Best-Practices-blog.php

https://dzs.gov.mk/

Министерство за труд и социјална политика, mtsp.gov.mk

https://alliancecpha.org/

https://mon.gov.mk/

https://23.mchs.gov.ru/deyatelnost/press-centr/novosti/

https://movingmindsalliance.org

https://www.unicef.org/environment-and-climate-change

https://www.un-spider.org/risks-and-disasters/disaster-risk-management

https://www.safetolearncoalition.org/blog/keeping-children-safe-school-lets-make-priority-education-sector

ttps://www.unisdr.org

https://www.unicef.org/

https://www.fachportal-paedagogik.de/literatur/vollanzeige.html?FId=eric_ej1278169

http://www.capmh.com/content/5/1/33

https://cuk.gov.mk/

## ПРИЛОЗИ:

- **Прилог 1 - АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК**

Овој прашалник е наменет за добивање научни сознанија кои ќе бидат искористени за трудот„ **Управување со кризи во воспитно-образовниот систем “**. Анкетата е анонимна и резултатите од истражувањето ќе бидат користени само како сумарни одговори за извлекување на генерални заклучоци.

| | |
|---|---|
| Работно место: | а) директор, б) стручна служба, в)воспитувач |
| Капацитет на градинка: | а) мал, б) среден в) голем |
| Возраст: | а) до 30 б) 31-40 в) 41-50 г) 51-60 д) 61- |
| Работно искуство: | а) до 10 год, б)од 11 в) до 25 и г)над 25 години |
| Пол: | а) женски б) машки |
| Завршено образование: | а) средно б) вишо в) високо г) магистер д) Д-р |

| Реден број | **Прашалник за директор, воспитувачи, негуватели, стручни соработници, стручни работници**<br>Исказ | Воопшто не се согласувам | Се согласувам | Делумно се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Воспитувачите и негувателите имаат важна улога во насочување на децата во една воспитно-образовна институција | | | | |
| 2 | Стручните работници и соработници имаат важна улога во насочување на децата во една воспитно-образовна институција | | | | |
| 3 | Дали постојат програми за едукација на вработените за самозаштита | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Воспитно-образовните работници дали имаат потреба да стекнуват знаења за превенција и соочување со ризици и кризни ситуации | | | | |
| 5 | Стручните работници и стручните соработници треба редовно да посетуваат семинари и обуки од областа на самозаштита | | | | |
| 6 | Воспитувачите и негувателите треба редовно да посетуваат семинари и обуки од областа на самозаштита | | | | |
| 7 | Дали постојат програми за едукација на самозаштита во воспитно-образовниот процес | | | | |
| 8 | Дали има потреба од воведување на програми за едукација за самозаштита во воспитно-образовниот процес | | | | |
| 9 | Дали ако се воведат методи во предметната програма за едукација за самозаштита во воспитно-образовниот процес ќе се зголеми ефикасноста и спремноста на децата во соочување на кризни ситуации, **1 посебна хипотеза** | | | | |
| 10 | Мислите ли дека воведувањето на методи за успешно спроведување на предметната програма на едукација за самозаштита во континуитет ќе придонесе за подготовка на цивилното општество за справување со ризици и опасности **генер.хипотеза** | | | | |

-
-
- Благодарам на соработката

| Реден број | Прашалник за родители<br><br>Исказ | Воопшто не се согласувам | Се согласувам | Делумно се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Сметате ли дека Вашите деца се безбедни и заштитени во воспитно-образовните институции | | | | |
| 2 | Дали сметате дека воспитно-образовните институции се подготвени да се справат со ризици и кризи кои би настанале додека децата се во воспитно-образовните институции | | | | |
| 3 | Сметате ли дека персоналот вработен во воспитно-образовните институции се обучени за да ги заштитат децата од кризни ситуации | | | | |
| 4 | Сметате ли дека е потребно персоналот вработен во воспитно-образовните институции да посетат обуки за самозаштита и справување со ризици и кризи | | | | |
| 5 | Сметате ли дека во воспитно-образовниот процес во предучлишното и основното образованите треба да се вклучат предметни програми за самозаштита кои ќе ги подготват децата во справување во ризици и кризи | | | | |
| 6 | Сметате ли дека ќе има ефикасност од воведувањето на предметни програми за самозаштита во воспитно-образовниот процес | | | | |
| 7 | Дали мислите дека стресот како непосреден фактор при ризик или криза ќе се намали доколку децата преку методите за едукација се стекнат со знаења соодветни за нивната возрат | | | | |
| 8 | Дали мислите дека подготвеноста да се справат со ризици и кризни ситуации ќе се зголеми преку методите за едукација соодветни за нивната возраст | | | | |
| 9 | Мислите ли дека воведувањето на методи за успешно спроведување на предметната програма на едукација за | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | самозаштита во континуитет ќе придонесе за подготовка на цивилното општество за справување со ризици и опасности **генер.хипотеза** | | | | |

Благодарам на соработката

| Реден број | **Прашалник за вработени во Центар за управување со кризи и Дирекција за заштита и спасување**<br>Исказ | Воопшто не се согласувам | Се согласувам | Делумно се согласувам | Потполно се согласувам |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Дали Вие како преставници или вработени во институција од посебно значење во системот за управување со кризи сметате дека цивилното општество е недоволно едуцирано за справување со евентални ризици и кризи | | | | |
| 2 | Дали Вие како преставници или вработени во институција од посебно значење во системот за управување со кризи сметате дека персоналот во воспитно-образовните институции задолжително е потребно да се обучи за справување со ризици и кризи | | | | |
| 3 | Сметате ли дека во воспитно-образовниот процес во предучлишното и основното образованите треба да се вклучат предметни програми за самозаштита кои ќе ги подготват децата во справување во ризици и кризи | | | | |
| 4 | Сметате ли дека во  методите за самозаштита во предметните програми во предучилишното и основното образование треба интензивно да се вклучи Вашата институција во едукација преку насочување на различни (вежби, набјудување на ефикасноста од спроведување на методите и сл.) | | | | |
| 5 | Мислите ли дека воведувањето на методи за успешно спроведување на предметната програма на едукација за самозаштита во континуитет ќе придонесе за подготовка на цивилното општество за справување со ризици и опасности **генер.хипотеза** | | | | |

Благодарам на соработката

- **Прилог 2 - ЛИСТА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ**

*Набљудувач:*_______________

*Воспитна група на набљудување:*_______________

*Датум:*_______________

*2 посебна хипотеза*

| Име и презиме | **А** | **О** | **В** | **У** | **П** | **+** | **-** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

Scanned with CamScanner

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

- **А** - Активен (Мојаноски, 2012, р. 362)
- **О** - Отсутен (Мојаноски, 2012, р. 362)
- **В** - Внимателен (Мојаноски, 2012, р. 362)
- **У** - Учествува
- **П** - Покажува отпор
- **Н** - Негодување
- **+ -** Покажува висок степен на подготвеност и премена на стекнатото знаење
- - - Недоволна, слаба подготвеност и слаб ефект од применетите дневни воспитно-образовни активности на едукација за самозаштита

- **Прилог 3** - Цртежи од спроведен модален експеримент во детска градинка „Гоце Делчев“- Општина Илинден

Scanned with CamScanner



Scanned with CamScanner

Јована Г.



Scanned with CamScanner

CAPA



Scanned with CamScanner



Scanned with CamScanner




Capa 2

Scanned with CamScanner




Scanned with CamScanner




Scanned with CamScanner



Scanned with CamScanner




Калина 2

Scanned with CamScanner



Anna 2

Scanned with CamScanner



Јована М. 2

Scanned with CamScanner



Scanned with CamScanner



Scanned with CamScanner



Стефан 2

Scanned with CamScanner




Scanned with CamScanner

Даниел 2



Scanned with CamScanner



Scanned with
CamScanner




Scanned with CamScanner




Scanned with CamScanner




Scanned with CamScanner

Kenu



Scanned with CamScanner



Даниел

Scanned with CamScanner

Урош



Scanned with CamScanner




Scanned with CamScanner



Scanned with CamScanner




Scanned with CamScanner




Scanned with CamScanner

Калина



Scanned with CamScanner



ЛУНА 9.

Scanned with CamScanner



Леониа ,

Scanned with CamScanner




Scanned with CamScanner


Јована А.


Владимир 2